**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,53 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ја отворам Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Алу Ахмети, Азис Положани, Фазли Велиу, Теута Арифи, Иван Анастасовски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Бесим Догани, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Никола Ќуркчиев, Илинка Митрева, Славица Грковска, Есад Рахиќ, Садула Дураки, Илија Китаноски, Благој Зашов, Тито Петковси и Лазар Китановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Министерот за здравство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ружа Ѓорѓеска.

Министерот за финансии достави одговори на пратенички прашања поставени од пратеникот Владимир Ѓорчев.

Министерот за транспорт и врски достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Мирјана Секуловска.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Насер Ајдини.

Министерот за правда достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Стојче Крстевски.

Министерот за внатрешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Есад Рахиќ.

Бидејќи одговорот на пратеничкото прашање содржи податоци од доверлив карактер, го молам пратеникот Есад Рахиќ, доколку сака да постави дополнително прашање, тоа да го стори без изнесување на податоците од доверлив карактер.

(Пратеникот Борис Кондарко бара збор)

Повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот. Ќе помислев дека повторно не гледате во дисплејот, бидејќи се пријавив уште пред да започне седницата.

Почитуван претседателе,

Вие, до пратениците во Собранието на Република Македонија на 13 јуни 2007 година под број 08-2753/1 испративте писмо во кое велите, цитирам:

"Во интерес на непречен тек на работата на Собранието на Република Македонија, заради постигнување поголема ефикасност, укажувам дека е потребно да се почитува времето што е предвидено за почнување на седниците на Собранието. Сметам дека ваквото мое укажување ќе наиде на ваше целосно разбирање.

Со почит, претседател на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски".

Во врска со ова, почитуван претседателе, ќе ве замолам и ќе побарам две работи од вас:

Прво, да имате на знаење дека пратениците на СДСМ и на опозицијата кои не се должни да го прават кворумот на мнозинството, се постојано тука, точно кога треба да започнуваат седниците. Меѓутоа, факт е дека, откакок сте вие претседател на ова Собрание, ниту една седница до сега не започнала на време во 11,оо часот, ниту пак после ниту една пауза продолжението на седниците не почнале на време во 15,оо часот, или кога била соодветната пауза.

Затоа, во иднина, кога ќе испраќате вакви писма, посебно да адресирате до кои пратениците во Собранието се однесуваат ваквите писма.

Втора работа, бидејќи министрите во Владата на Република Македонија, на чело со премиерот им е манир постојано секаде и секогаш да доцнат и односот кон Парламентот им е небитна работа, сите други обврски им се поважни од Парламентот, како и овој единствен ден во месецот кога се должи да дојдат и да одговараат на прашањата на пратениците, ви препорачувам една ваква копија од ова писмо да испратите до Владата и до премиерот и тоа јавно да го објавите.

На крајот, ве молам, во вашиот стил, бона фиде, да имате бона фиде и ад нота да го прите ова барање и заради денешното донцење по вина на министрите и премиерот, седницата да ја продолжите соодветно за 50 минути, односно денеска да работиме до 18,50 часот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам за деловничката интервенција.

Пред се за оваа седница што е седница за поставување пратенички прашања не треба кворум.

Второ, оваа седница, деловнички, леге артис и стриктно треба и може и мора да се одржи на 28 овој месец. Тоа значи секој последен четврток во месецот.

Но, заради зафатеноста на Владата, мојата дребност предложи на координација да се одржи денеска и тоа беше прифатено и поздравено од страна на опозицијата.

Трето, во врска со писмата упатени кон едни пратеници и писма кон други пратеници, тоа е деловнички прекршок. Затоа што претседателот не смее да врши дискриминација позитивна или негативна на пратениците. За него, сите пратеници се едно и може да се допишува или со сите или со никого.

Понатаму, што се однесува до денешната седница, делумно, делумно ние организирајќи ја оваа седница, се видовме во 10,30 часот и имавме многу плодна и конструктивна дискусија и

кординација. Координацијата беше посветена на тоа да се направат коректни списоци на говорници на оваа седница, онака како што се прават за сите седници посветени на пратенички прашања. Тој список се направи, меѓутоа, не што е направи поспоро отколку што беше предвидно од објективни прични.

Објективните причини беа такви да еден од списоците не беше комплетен. Имавме дополнителни преговори, разговори итн. Можам да ви кажам дека чист, ваков список, спроед кој денеска ќе процедираме добивме, секако, барем половина час после закажаното време.

Едно од клаузулите за кои стриктно и едногласно се договоривме за време на координација беше да ја започнеме седницата штом има некој вице премиер. Тоа, во општа согласност, едногласно го решивме и јас така дадов старт на оваа седница. Во меѓувреме е појави и премиерот. Дотолку подобро, сметам дека нема да имате ништо против.

Тоа се моите објаснувања на вашата деловничка интервенција.

Продолжувам понатаму со предвиденото сценарио.

Господин Иван Стоилковиќ има збор процедурално, повелете.

**Иван Стоилковиќ:** Господине претседателе,

Ова се повторува неколку пати и редно е да се интервенира, од проста причина што гледајќи го списокот на пратеници кои ќе постават пратенички прашања денеска го нема моето име.

Кого треба да го замолам, кому треба да се обратам, дали тоа треба писмено да го направам за да дојдам на ред да поставам пратеничко прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас на деловничката интервенција.

До сега, до сега, праксата беше таква да имавме, велам праксата, техниката за обраќањето, до сега, до пред извесно време праксата беше таква да имавме глобална композиција на списокот, глобално, со тоа што првиот говорник ќе биде од опозицијата, вториот од позиција и понатаму, двајцата ќе бидат од опозиција, еден од позиција итн. Тој список е задржан, таа формула за список е задржана.

Она што е новум, новум, што мене и на Претседателството уште ни ја покомплицира ситуацијата е тоа што сега не добиваме список од опозицијата глобално, разрешен внатре, туку треа да разговараме и со сите пратенички групи. Во таа смисла јас денеска закажав координација на пратеничките групи. Мој пропуст е што, следниот пат ќе закажувам координација на сите партии застапени во Парламентот за да нема вакви прашања.

Значи, ви советувам од следниот пат да се обраќате на координација, затоа што само тогаш резултатот е релевантен. Не да се обраќате на еден човек, на друг човек. Тоа се работи полуприватни. Значи, од следната седница ќе воведеме координација, поголема, ако треба еден час, ако треба час и половина на денот на пратенички прашања, на седницата, за да се разреши тој проблем.

Ако имате подобро решение, а парте, повелете да се видиме, да разговараме и ќе се договориме. Сега, не е тоа. Сакам сите да ве предупредам сите, не затоа што немам одговори на процедуралните интервенции, како што гледате ги имам, но сепак сакам да кажам дека процедуралната дискусија денеска оди на чиста штета на опозицијата која треба да го искористи времето за пратенички прашања. Ете тоа е.

Повелете Иван Стоилковиќ.

**Иван Стоилковиќ:** Ви благодарам на објаснувате господине претседтеле.

Очигледно е, било кои принципи да браните, секогаш можете да најдете образложение за било кој принцип. Меѓутоа, јас ќе ве потсетам дека ова ви се случува повеќе пати.

Ќе ве потсетам дека кога станува зботр за седницата кога се расправаше за интерпелацијата, за Владата на Република Македонија, се случи истотот. Не добив збор. Барајќи збор од вас, како домаќин, како претседател на Собранието на Република Македонија а добија збор многу други пратеници кои воопшто, спроед критериумите за кои зборувате вие не заслужија да добијат збор.

Затоа сега, да ви објаснам дополнително. Воопшто не сум заинтересиран за начините на координациите што ги водите со другите пратенички групи. Јас сум заинтересиран како пратеник на Собранието на Република Македонија да имам рамноправен третам со сите други 120 пратеници. Барам да ми се овозможи да поставам пратеничко праање. Ве молам, бидејќи со деловникот не е определено, ве молам да ми дадете одговор на кој начин можам ад го остварам своето право да поставам пратеничко прашање на седница предвидено за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Јас за тоа одговорив, ви благодарам.

Доколку пратеникот Есдад Рахиќ . . .

(Реакција од пратениците)

Ако некоја пратеничка група побара продолжување, ќе видиме.

Вие, во име ли на пратеничката група се јавувате?

Ве молам, јас го уважувам тоа барање, во рамките на тоа што се случи.

Значи, бона фиде, што вели господинот Кондарко може да продолжиме половина час. За другите 20 минути, самите знаевте дека имаме ние проблем. Половина час. Значи, ако е тоа во ред, тогаш денешната седница ќе трае до 18,30 часот.

Ако сме сега во ред со процедурите, да продолжам.

(Пратеникот Неждет Мустафа бара збор процедурално)

Да се знае, процедурално, да не се рече дека јас одолговлекувам. Повелете.

**Неждет Мустафа:** Не, не претседателе, процедурално.

Сакам само да се приклучам на реакциите на пратеникот Стоилковиќ, бидејќи и јас сум еден од тие пратеници кои трпеливо чекам цела година, речиси, за да поставам едно пратеничко прашање.

Јас не знам како понатаму. Треба да молам некого? Според вашата процедура ве молам најљубезно ова да го регулирате и да најдеме начин како можеме да го користиме правото на поставување на пратенички прашања. Јас денеска инсистирам да го поставам моето пратеничко прашање. Инсистирам.

**Иван Стоилковиќ:** Господине претседателе,

Ова се повторува неколку пати и редно е да се интервенира, од проста причина што гледајќи го списокот на пратеници кои ќе постават пратенички прашања денеска го нема моето име.

Кого треба да го замолам, кому треба да се обратам, дали тоа треба писмено да го направам за да дојдам на ред да поставам пратеничко прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Не треба да молите. Јас се чувствувам многу непријатно кога некој ме моли.

Кажав јасно и гласно, нема да има повеќе седница пратенички прашања без намера да биде посветен час или час и половина на координација. На таа координација ќе бидат поканети претставниците на сите партии застапени во Парламентот, без оглед во колкав број се, како се итн. Тоа е за сега решението.

Госпоќа Силвана Бонева бараше збор процедурално, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Почитуван претседателе,

Се согласувам дека колегите имаат апсолутно право да реагираат. Ние како пратеничка група од парламентарното мнозинство се согласуваме да отстапиме едно место, значи пред нас да бидат колегите ако се согласат и колегите од опозицијата, бидејќи навистина една година никој од нив нема поставено пратеничко прашање. Нека бидат тие први, а подоцна сите ние да продолжиме со прашањата.

Еве еден предлог, доколку биде прифатен од колегите од опозицијата.

**Иван Стоилковиќ:** Господине претседателе,

Ова се повторува неколку пати и редно е да се интервенира, од проста причина што гледајќи го списокот на пратеници кои ќе постават пратенички прашања денеска го нема моето име.

Кого треба да го замолам, кому треба да се обратам, дали тоа треба писмено да го направам за да дојдам на ред да поставам пратеничко прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот според мене е конструктивен.

**Силвана Бонева:** На почетокот да бидат колегите кои реагираа.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, предлогот е вака, да се поместат сите во списокот поназад. Првите две места да бидат одделени за господинот Стоилковиќ и Неждет. Ако сме за, ако нема никој против . . .

Повелете. Исто процедурално, така.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Иако не сакам да бидам дел од играва што се случува за да не се постават пратенички прашања денеска и пратеничката група на СДСМ сериозно размислува дали повеќње ќе учествува во вакви пратенички прашања, веројатно под, не знам какви импресии или бегање од одговорност, од бегање од одговори, се обидуваме да направиме стереотип од овие седници.

Пратеничката група на СДСМ ќе ослободи едно место, но тоа ќе го направиме после во попладневните часоти. Очекувам дека најголемата опозициона партија е нормално, веројатно за сите, да постави пратеничко прашање, како најголема опозициона партија, прва.

Доколку позицијата, исто како што во договорот на ВМРО со ДУИ зборува во име на СДСМ, не очекувам и сега да дава предлози што се на штета на СДСМ. Ако си даваат предлози да ослободат, нека ги ослободат нивните места. Ние ќе ослободиме, но во попладневните часови. Благодарам.

**Иван Стоилковиќ:** Господине претседателе,

Ова се повторува неколку пати и редно е да се интервенира, од проста причина што гледајќи го списокот на пратеници кои ќе постават пратенички прашања денеска го нема моето име.

Кого треба да го замолам, кому треба да се обратам, дали тоа треба писмено да го направам за да дојдам на ред да поставам пратеничко прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, добро, јасно е.

Значи, опозицијата е наклонета да ослободи едно место во попладневните часови.

Останувате ли зад вашиот предлог мнозинството да ослободи едно место?

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, за да немаме вакви разлики во нашите кажувања и некои од пратениците да бидат онеправдани од опозицијата, предлагам она што беше принцип на работа во претходниот состав на Парламентот, опозицијата да прави список, значи сите политички партии, сите пратеници од опозицијата да правата список на кандидати, согласно со нивниот договор, внатре во опозицијата, кому ќе дадат приоритет. Така нема да има никаков проблем за тоа дали некој ќе има можност да поставува пратенички прашања или не.

Бидејќи тоа до сега не беше постигнато, од тие причини ние го предложивме тоа. Меѓутоа, ако тие како опозициски партии се договорат кој кога да постави прашање, тоа е нивно.

(Џагор во салата)

**Иван Стоилковиќ:** Господине претседателе,

Ова се повторува неколку пати и редно е да се интервенира, од проста причина што гледајќи го списокот на пратеници кои ќе поставaт пратенички прашања денеска го нема моето име.

Кого треба да го замолам, кому треба да се обратам, дали тоа треба писмено да го направам за да дојдам на ред да поставам пратеничко прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве разбрав, ве разбрав дефинитивно.

Ве молам, ве молам се договоривме. Дефинитивно . . .

(Реакции од пратениците)

Ве молам тишина.

(Претседателот предупредува на ред со ѕвончето)

Ве молам, ве молам. Очигледно дека овие прашања се за една сериозна координација, не се за пленарна седница.

Предлагам да прекинеме со процедуралните интервенции и да почнема со содржината на оваа седница. Ова ќе го решиме на координација. Како ќе го решиме, ќе го решима онака колку Бог ни дал на сите ум.Затоа сега, дозволете конечно да продолжиме со седницата.

Доколку пратеникот Есад Рахиќ при поставување на дополнителното прашање има намера да изнесе податоци содржани во одговорот што се од доверлив карактер, Собранието треба да одлучи да работи без присуство на јавноста.

Знам дека господинот Рахиќ не е тука.

Го молам министерот за внатрешни работи да го има предвид при давање одговор на дополнителното прашање.

Го молам пратеникот Есад Рахиќ дали е задоволен од одговорот на министерот.

Бидејќи господинот Есад Рахиќ не е тука продолжуваме со работа.

Го молам пратеникот Ружа Ѓорѓеска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање?

Повелете, имате збор.

**Ружа Ѓорѓеска:** Благодрам господине претседателе,

Почитуван премиеру, министри, колеги пратеници,

Прашањето го упатив со цел да добијам подетален одговор за почнување на работа на Јавната здравствена установа “Специјална болница за белодробни заболувања - Лешок”. Бидејќи ги знам заложбите на Владата и министерот за здравство за подобрување на здравствената заштита на граѓаните во Република Македонија, оваа болница беше употребувана во маркетиншки цели пред изборите од страна на екс министерката за евроинтеграции Радмила Шекеринска и наводно беше пуштена во употреба пред изборите, меѓутоа до денеска сеуште во неа нема влезено пациенти. Болницата е изградена со Норвешката донација “Норвак”. Мене ми е жал, меѓутоа, имам мал проблем со гласот, па ќе бидете повнимателни.

Јас се надевам дека министерот за здравство, господинот Селмани и Фондот за здравство, ќе ги пренасочат парите од Јавната здравствена установа - Општа болница Тетово на сметка на Специјалната болница - Лешок за да може истата да започне со работа со пациенти и да се врати персоналот и воедно со свои средства да се докомплетира болницата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Го молам пратеникот Владимир Ѓорчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии на прашањето што се однесува на царинските терминали или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе,

Делумно сум задоволен во делот каде Министерството за финансии нуди експликација за тоа кој е имотот на Владо Димов. Јас во рацете имам одговор од надлежна институција каде е прецизно, каде ги има податоците и би сакал да се надоврзам на ова што е напишано.

Тука од одговорот на Министерството за финансии почитувани македонски граѓани може да се види дека со својата докторска плата Владо Димов домаќински стекнал: стан на ул. “Франклин Рузвелт” во Скопје, на ул. “Гаврил Константиновиќ” во вредност од 3.690.000 денари купен во 2005 година, по фамозниот 15-ти септември.

Земја во градежен реон Нерези со површина од 6.730м2 во вредност од 8.302.000 денари купена 2004 година.

Стан во градба во завршна фаза на ул. “50-та Дивизија” со површина од 148 м2. Нека се најде некој во Македонија кој со плата ќе земе стан од 148 м2 во вредност од 7.380.000 денари.

Подвижен имот Фолксваген - Туарег 2,5 тди- производство 2003 година, Фолксваген - Поло производство од 2003 година итн.

Докторот Владо Димов има парични средства по основ дадени на заем од 11.685.000 денари.

Штедна книшка во Комерцијална банка на 1.100.000 денари.

Во Грција 24.600.000 денари, повторувам во банка во Грција 24.600.000 денари, девизни депозити во Австриска банка во износ од 1.135.000 денари и удел во Фирмата Буземак од 9.883.000 денари.

Моето прашање до Министерството за здравство е целиот овој имот на Владо Димов колку стентови чини, колку тендери чини, колку лекови чини, колку реновирања на амбуланти чини, ве молам прашањето дополнително изнесува сиот овој имот на Владо Димов колку чини.

(Претседателот го прекинува во дискусијата)

Имам уште 50 секунди.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, не немате, благодарам, не бевме вклучени.

**Владимир Ѓорчев:** Добро, само да довршам и во врска со второто прашање јас би замолил во вториот дел, во анализата на финансиското работење на имањето на Царински терминали Фершпед, Макошпед, Штерјо Наков, Трајче Давитковски и други се констатира 7 милиони евра профит.

Јас би замолил за дополнителни одговори на двете прашања. Благодарам.

(реакција од страна на пратениците од опозицијата)

**Љубиша Георгиевски:** Во ред, во ред, ...

Имаме господин Игор Ивановски процедурално.

Господин Владо Бучковски процедурално.

Господин Јани Макрадули процедурално, секој по три минути, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине претседателе, мислам дека претходната седница на пратенички прашања беше последна во која дозволувате да се води оваа седница во стилот на ВМРО -вско бољшевичкиот пристап. Никој не му го дава тоа право на еден пратеник. Прво, не одговара на првото поставено прашање.

Второ, прашањето го упатува до министерот за здравство. Ја добива имотната состојба. Не ми е јасно по кој член и на кој начин имотните листови на поранешни носители на функции се даваат и се лиферуваат за да може од нив да се прави политичка фарса, јавен линч.

Продолжува праксата која ја започна министерот Трајко Славески кој на една прес конференција на незавршена формална процедура го прогласи господинот Владо Димов за виновен, велејќи дека тој треба да плати данок во износ од толку и толку денари, без да биде завршена постапката во Управата за јавни приходи при Министерството за финансии.

Тоа денеска го прави пратеникот Владимир Ѓорчев. Дали Република Македонија ќе биде правна држава конечно за да може да се почитуваат и Устав и закон и Деловник и број 1 почитуван претседателе, правото на граѓанинот да има презунција на невиност. Ако вака се продолжи од овој Парламент нема да остане ни “П” и ќе се претвори во најефтин театар и пазар.

Оттаму, мислам дека треба да барате и од пратеникот Владимир Ѓорчев и од министрите зошто на овој начин ги доставуваат одговорите јавно извинување, во спротивно ќе сметаме дека и вие сте дел од овој театар и оркестрирана фарса која има ништо повеќе, туку призвуци на една шпанска инквизиција - Лов на вештерки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Прво, да ви дадам основно објаснение.

Прво би ве замолил, а и сите би ги замолил да се придржуваме до оној договор што е постигнат на координација кога се работи за процедурална интервенција да се избегнува да се спомнува име. Тоа е џентлменски догово и мислам дека тој договор ќе ја направи нашата работа поефикасна.

Второ, никаде нема ограничувања во смисла на цензура на говорот, доколку говорот не оди под нивото на пристојноста, доброто воспитание, доколку не се упатуваат јавни навреди итн.

Според тоа, мојата проценка, верувајте ми, во таа смисла е доста остра. Јас на сите уште еднаш изразувам благодарност што не се оди во такви дисквалификации.

Основно во процедуралното е што во процедуралната интервенција сепак основно е, но јас не сакам да го користам тоа мое право, но секој што бара процедурална интервенција треба да е готов да каже по кој член, зошто. Процедуралните интервенции се многу потребни. Ние грешиме, сите грешиме, но да се придржуваме на тие основни правила.

(Претседателот по грешка го прозва Јани Макрадули наместо Бучковски).

Се извинувам, Владо Бучковски, повелете имате збор.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, мислам дека вашето искуство не може да биде во овој момент занемарено. Вие сте искусен, пред се, во режијата. Оваа режија која продолжува започна на 26 август минатата година кога за прв пат без злоупотребени податоци кои се доверливи. Јас основано се сомневам затоа што јас можам и од говорницата и од Парламентот да соопштам нешто што треба другите, во овој момент, истражните органи да го проверат, а тоа е како уште на 26 август минатата година во рацете на пратеникот Владимир Ѓорчев се најдоа 10 анкетни листови. Шесте анкетни листови на носителите на изборните листи на Коалицијата “За Македонија заедно” и 4 министри од поранешната Влада меѓу кои и министерот Владо Димов.

Овде беше споменуван во еден сличен случај пратеникот Јани Макрадули со податоци кои се сомневаме дека тогашниот претседател на Антикорупциската комисија за предизборни цели ги достави до ВМРО-ДПМНЕ, а ВМРО-ДПМНЕ за инквизиција го избра инквизиторот Владимир Ѓорчев.

Жалам што колегата Ѓорчев како иден дипломиран правник, има уште малку време да дипломира право, ќе знае дека во Законодавниот дом ние не носиме пресуди. Ова не може да прерасне во судница и во вашата најуспешна идна претстава, што можеби нема да режирате за македонскиот рулет, туку веројатно ќе режирате некоја претстава каде ќе покажете дека во едно време некој сакаше Македонскиот парламент да биде судница.

Јас имам и дополнително прашање кое ќе го образложам за 10 минути да ја покажам апсурдноста на ситуацијата во која е вклучен дела од Кабинетот на премиерот Груевски, пред се министерот за финансии како е вклучен министерот за правда и како дојдовме во

ситуација кога немаме можност на Врховен суд да се води управен спор, а не е формиран новиот управен суд без правна судска заштита во Парламентот да пресудуваме, независно дали е Владо Димов или било кој. Не е познат случај, почитуван претседател на Парламентот, за било кој дури да е диктатор, имало многу диктатори по светската цивилизација, во слични ситуации каде некој бил дури обвинет за геноцид, имотот се замешувал, а не се повикувало како овде на линч на луѓе и на конфискација на имот. Ако е тоа оркестрирано и ако овој напад значи дека треба да се сними нов спот на ВМРО-ДПМНЕ овој викенд, тогаш вие како прв човек на Парлементот ќе ги носите сите пратеници на душа затоа што доволивте Парламентот да биде судница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што се однесува до вашата процедурална интервенција, немам друг начин освен да констатирам дека пак го прекршивте меѓупартискиот договор во Парламентот во рамките на процедуралните интервенции да не се спомнуваат имиња.

Што се однесува до навредите кои ми ги упативте, тоа ви простувам, се разбира, јас ја развирам ситуацијата на опозициски пратеник, тоа е фер плеј, не е страшно, тие навреди можам да ги истрпам затоа што не ги сметам како констатации за точни.

Трето, воопшто не гледам каква врска имам со некакви дејствија и дејанија кои се случувале вон овој Парламент, мимо моја теориска можност да ги знам тие нешта.

Според тоа, сметам дека тоа не држи.

Господине Јани Макрадули очекувам од вас ...

(Господинот Бучковски бара реплика)

Нема контра реплика на процедурално. Јас не реплицирав. Момент, момент, господине Бучковски на секоја процедурална интервенција претседателот е должен да даде објаснување. Јас само давав објаснување, никаква контра реплика нема. На процедурални интервенции нема контра реплика, нема реплика итн.

Повелете Јани Макрадули конечно земете збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се повикам процедурално на членовите 39 и 40 од Деловникот за работа на Собранието. Би го поставил прашањето до вас, бидејќи ќе објаснам фарсата и хајката што се прави овде спротивно на членовите 11 и 12 од Уставот на Република Македонија каде физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени и слободата на човекот е неприкосновена.

Од минатата седница ќе влеземе во една, заради повредите на Уставот и Деловникот што се дозволија на господинот Ѓорчев, да влеземе во една хајка што ќе стане постојано овде во Собранието. Веројатно кога ќе дојде некој иден на власт заради злоупотреба на членовите од Уставот и Деловникот ќе треба да оди во притвор. Зошто велам членовите 39 и 40? Прашањето господинот Ѓорчев го постави до министерот за здравство минатиот пат. Господинот Трајко Славески како дел од оваа тајфа и машинерија одговара на прашањето. Прашањето не е поставено до него, но тој го одговара, бидејќи така било договорено во кабинетот. Денеска господинот Ѓорчев на одговор на министерот за финансии, согласно член 40 не поставува дополнително прашање до организаторот на дел од хајката Трајко Славески, туку пак до министерот за здравство. Прекршен е деловникот во точките 39 и 40. Вие сте најодговорен за штитење на Деловникот. Затоа е нашата процедурална забелешка и затоа викаме дека е ова хајка во организација на три луѓе во која Трајко Славески е предводник.

Како е можно прашање поставено до министерот за здравство да го одговара друг министер и како на прашање добиен одговор од Министерството за финансии Влатко Ѓорчев во безсознание поставува прашање до трет министер. Како е можно и кој го штити Деловникот освен вие.

Затоа мојата процедурална забелешка до вас како најодговорен да го штитите Деловникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Член 40 гласи вака: Пратеникот што го поставил прашањето, по добиениот одговор има право да постави дополнително прашање. Ништо друго.

(Пратеникот Ѓорчев бара процедурално)

Јас ќе ви дадам процедурално, но во оној момент кога ќе спомнете едно единствено име ќе ви го одземам зборот.

(Реакција од страна на пратениците)

Повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Претседателе, дали може иницијали.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не, не имиња. Така се договоривме.

**Владимир Ѓорчев:** Ве молам претседателе, јас тука изминатите 10 минути бев 20 пати спомнат и од пратеникот Ивановски и од пратеникот Бучковски и од пратеникот Макрадули и во процедурална смисла, но и поекстензивно толкување на зборот процедурално, така што само би сакал процедурално да ги прашам господинот Бучковски, Игор Ивановски и Јани Макрадули што е од она што јас го кажав неточно.

Господине Бучковски ...

(Претседателот без да објави пауза стана од местото и отиде меѓу министрите и пратениците)

(Седницата прекина во 12,30 часот)

(По паузата седница продолжи со работа во 12,49 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам почитуваните пратеници да влезат во салата, да ги заземат своите места, зошто продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Да објаснам зошто се јавив за збор, На барање на претседателот на Собранието до министерот за финансии беше доставено барање да се одговори за дел од прашањето што господинот Влатко Ѓорчев го имаше поставено до министерот за здравство Владо Димов. Во нашата коресподенција, со која што Министерството за финансии одговара на поставеното прашање стои следново: “почитуван господинот Георгиевски, пратеникот Владимир Ѓорчев во Собранието на Република Македонија на 46-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 мај 2007 година до министерот за финансии го постави следното пратеничко прашање. Го цитираме пратеничкото прашање.

Врз основа на на издадено даночно решение, кое што е јавна исправа на 4.06.2007 година за случајот со обврската за персонален данок од доход на господинот Владо Димов, поранешен министер за здравство, Управата за јавни приходи достави податоци кои што се основа за тоа даночно решение и тие податоци министерот за финансии како одговор на пратеничкото прашање ги достави до македонскиот Парламент. Пратеникот Владимир Ѓорчев се повика на тој одговор од Управата за јавни приходи односно од Министерството за финансии, што е негово суверено право. Само да спомнам дека во рок од 15 дена од издавањето на даночното решение, 4.06., лицето Владо Димов не го подмирило персоналниот данок од доход по основ на непријавени и неоддаочени приходи во износ од 48 милиони 708 илјади и 260 денари. Управата за јавни приходи го спроведува законот и секако за непочитување на тој рок има други механизми за наплата на неплатениот данок од доход.

Сакам да демантирам, тоа е последно што ќе го кажам, дека не се работи за никаква хајка, најмалку од страна на Министерството за финансии или министерот за финансии. Податоците што беа изнесени овде се имотот со кој што располага господинот Владо Димов за кој што било побарано повторно врз основа на закон инфорамции дали е за тоа платен персонален данок од доход. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Го молам пратеникот Владимир Ѓорчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии на прашањето што се однесува на имотната состојба на поранешниот минситер за здравство Владо Димов или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Задоволен сум од одговорот кој што го даде министерот за финансии, само би додал дека од сите оние работи што јас ги изнесов пред 15-тина минути ништо не е демантирано и секоја бројка, секоја буква е точна. Значи, зборував со аргументи, зборував со факти и кога зборуваме за даночните решенија станува збор за јавни исправи. Значи, апсолутно мислам дека не стои било каква забелешка дека она што беше изнесено е неточно, туку напротив едноставно имаме само обид од поедини пратеници и од одредени луѓе кои едноставно се нервозни поради сето она што се изнесува. Би сакал, исто така, само да го повторам оној дел од прашањето кој што е неодговорен, а кој се однесуваше на корупцијата во здравството, значи не дел што се однесува на Министерството за финансии, туку Министерството за здравство, а тоа е колку е зголемен долгот на Фондот за здравство од 15 септември 2002 година до 5 јули 2006 година и во целиот тој период колку тендери и во кој износ има добиено веледрогеријата Пановски во време додека господинот Пановски беше директор на Фондот за здравствено осигурување.

**Љубиша Георгиевски:** Господине министре, ова е дел кој се однесува на Министерството за здравство. Значи, тука имате дополнително прашање од господинот Ѓорчев.

Двајцата имате процедурално, прво Владо Бучковски, а потоа Борис Кондарко.

Имаме две процедурални интервенции и ве молам да се држите до договорот кој го имавме, да не се спомнуваат имиња и т.н.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Пратеникот Ѓорчев ја злоупотреби повторно процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Не, ве молам, вие во првата реченица, во првите два збора тоа го кажавте.

**Владо Бучковски:** Штом така сакате ќе ја задоволам формата.

Почитуван претседателе согласно процедурата на дополнителното прашање има дополнителен одговор. Дополнителниот одговор гослушнавме и треба да заврши целата процедура со одговор дали сте задоволен или не сте задоволен. Одговорот беше задоволен сум, а образложението говореше за сосема дополнителни прашања. Значи, не зошто е задоволен пратеникот, туку зошто смета дека треба да добие нови дополнителни прашања со несоодветни толкувања за кој ќе зборувам и со пратеникот и со министерот при можноста кога ќе имам 10 минути околу повредената процедура. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Мојот одговор на вашата деловничка интервенција е следниот. Прашањето кое оттука го поставивме по сценарио, по Деловник глас за господинот Ѓорчев, гласаше вака. Го молам пратеникот Владимир Ѓорчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за финансии за прашањето што се однесува на имотната состојба на поранешниот министер за здравство Владо Димов, или сака да постави дополнително прашање. Значи,

господинот Ѓорчев постави дополнително прашање во смисла на...

Можеби не сме се разбрале, допуштам, повелете.

**Владо Бучковски:** Попушти концентрацијата, но јас ќе се обидам да ви помогнам. Задоволен беше пратеникот со одговорот на министерот за финансии, а постави дополнително прашање за министерот за здравство, со што ја прекрши процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не ја прекрши процедурата, веднаш ќе ви кажам зошто. Има прашања, јас давам објаснувања, кои можат да се исцрпат меѓуресорно, а не можат да се исцрпат со еден ресор. Ова прашање е типично меѓуресорско.

Господин Борис Кондарско се откажува.

Одиме понатаму.

Молам пратеникот Мирјана Секуловска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани претставници на Владата.

Сакам да кажам дека не сиум комплетно задоволна од одговорот што го добив и би сакала да поставам дополнително прашање. Заради почитуваните колеги пратеници и заради јавноста би сакала во кратки црти да објаснам за што станува збор. Имено, моето пратеничко прашање е упатено до министерот за транспорт и врски, господинот Миле Јанакиевски и се однесуваше дека пред неколку месеци одржаната презентација во Охрид на атрактивни локации за издавање и градење на хотели од страна на реномирани туристичко-угостителски брендови. Во секој случај јас таа активност и тој проект на Владата го поздравувам, бидејќи сметам дека дефинитивно една Влада да покаже сенс за туризмот и да го третира туризмот како стратешки ресурс. Конечно, да свати една Влада дека сепак Република Македонија има компаративни предности за развој на туризмот и тоа го чини оваа Влада. Меѓутоа, една од презентираните локации како можни за изградба на хотелско-туристички објекти од реномирани објекти, претставуваше и локацијата каде што денес функционира Факултетот за туризам и угостителство. Одговорот што го добив од почитуваниот министер не задоволува, а чувствувам обврска, бидејќи јас потекнувам од таа средина, работам во тој Факултет 20 години и замолена сум од моите колеги од Факултетот за туризам и угостителство да го поставам конкретно следното прашање.

Дали може да се даде на јавна лицитација локацијата на Факултетот за туризам и угостителство кој што и денес функционира и успешно работи, без притоа да имате добиено согласност од Факултетот за туризам и угостителство односно од Универзитетот “Свети Климент Охридски”. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, министре.

**Миле Јанакиевски:** Одговорот е краток, не.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Го молам пратеникот Насер Ајдини да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Насер Ајдини, повелете.

**Насер Ајдини:** Благодарам.

За дадениот писмен одговор од страна на министерот за надворешни работи немам дополнително прашање, јас сум задоволен со одговорот.

**Љубиша Георгиевски:** Превод немав но разбрав дека сте задоволни од прашањето и немавте ново дополнително прашање.

Го молам пратеникот Стојче Крстевски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Стојче Крстевски.

**Стојче Крстевски:** Благодарам претседателе.

Задоволен сум од одговорот на прашањето, но не сум задоволен од дејанијата што се правени во Министерството за правда од претходното раководство. Од одговорот може да се види дека Министерството за правда немало изготвено извештај за работењето на Министерството за 2005 година. Министерството за правда немало назначено лице, одговорен сметководител спротивно на Законот за сметководство на Буџетот и на буџетските корисници. Во Министерството не е изврШен попис на средства и извори на средства за состојбата на 31 декември 2005 година, поради ненавремено формирање на пописна комисија од страна на министерот, спротивно на членот 21 од Законот за сметководството на Буџетот и буџетските корисници. За 5 возила кои се евидентирани во деловните книги не е утврдено каде се наоѓаат. Не извршениот попис придонесува за нереално и необјективно проценување на билансните позиции во финансиските извештаи и создавање на можност на злоупотреба на истите. Имало неправилности во искажувањето на приходите и расходите. Неправилности во искажувањето на позициите во билансот на состојбата. Ненаменско и незаконско користење на средства. Па, отаму и моето дополнително прашање до министерот за правда е што ќе преземе новото раководство за сторените дејанија на Министерството во изминатиот период односно од претходната Влада, барам писмен одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Мислам дека сега можеме да преминеме на поставување на пратенички прашања.

Има збор господин Агрон Буџаку.

Значи, 10 минути за прашањата и три минути плус за дополнителни прашања. Повелете.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас го гледам часот е 13,8 минути, а денес требаше да почнеме во 11,00 часот со работа. Мислам дека не е во ред да се потценува на овој начин Парламентот и не треба да ви одземам време со процедурални забелешки и со долги дискусии. Само би ви препорачал, до колку господинот Груевски и другите не им се точни часовниците, нека ги направат, затоа што прецизноста е една од доблестите која се цени во Европа, така што имам информации дека и амбасадорите го чекаат по 15 минути на средби господинот Груевски.

Првото прашање е упатено до госпоѓа Коневска-Трајковска или во нејзино отсуство мислам дека и господинот Груевски може да ми одговори во однос на фондовите на Европската унија, на ИПА фондовите. Со овие фондови е определено во Република Македонија во двете наредни години ќе има приближно 210 милиони евра за 2007 и 2009 година. Јас би сакал да знам од господинот Груевски или од госпоѓа Трајковска кои се приоритетите за инвестицијата во рамките на програмата и на приоритетите, кои Европската унија ги има определено. Значи, кои се приоритетите и плановите на господинот Груевски и госпоѓа Коневска-Трајковска во однос на распределбата, регионалната распределба, етничка и секторска на овие фондови. Јас не би сакал да се засновам во шпекулации или информации кои сум ги имал до сега.

Но од друга страна, не би сакал да добијам одговор од страна на господинот Груевски дека одговорот ќе биде во писмена форма, како што се случи на нашиот колега Сафет Незири да поминат 6 месеци, а се уште да нема добиено одговор во писмена форма. Ова е од големо значење, затоа што одржливиот развој, елиминирањето на диспаритети во развојот на неразвиените подрачја за да се достигне рамномерно ниво на развојот на регионите е приоритет на Европската унија.

Уште еднаш ќе нагласам, не сакам да се потпирам на половични информации, бидејќи официјални немам, за да се каже дека има настојување да не се почитува распределбата, регионалната, етничката и друга распределба како што треба. Доколку се случи ова последиците би биле лоши во еден среднорочен и долгорочен долг за Република Македонија, доколку се повластени одредени региони, додека се дисфаворизираат тие региони кои и до сега биле дисфаворизирани и дискриминирани.

Овде сакам отворено да кажам во врска со европските фондови, дека контролираните медиуми и некои, како господинот Груевски и други, спомнуваат дека овие факти и аргументи се презентираат во Брисел и лошто толкуваат дека ние правиме кодошење на државата. Не е никакво шпионирање или кодошење доколку се презентира нашата загриженост во Брисел за една неправилна политика која ја води господинот Груевски.

Второто прашање е упатено до господинот Славески. Со оглед на тоа што расправата беше уште на почетокот на пленарните седници на овој парламентарен состав кога се расправаше за Буџетот, ова прашање го поставивме уште еднаш, кога се гласаше и Буџетот за 2007 година. Имав впечаток дека господинот Славески во рамките на оваа пропаганда, за која мислат дека владеењето е изборна кампања, се уште ќе рече дека ќе се случи, но краен момент е за општина Дебар која е опожарена да се размисли, да се заврши објектот кој што е започнат, за кој минатата влада додели 250 илјади евра, а сега има потреба до дополнителни средства за да се заврши овој општински објект, од причина што општината до сега во однос на земјиштето и партиципирањето има дадено околу 800 илјади евра. Државата до сега има дадено 250 илјади евра, но ќе го потсетам господинот Славески и господинот Груевски како одговорен дека во овој објект два спрата ќе бидат за регионалните министерства, а два спрата ќе бидат за локалната самоуправа, апсурд е сега регионалните министерства кои на граѓаните им е тешко да најдат каде се наоѓаат плаќаат наемнини по 40 - 50 илјади евра годишно, плус е апсурд затоа што - ќе го потсетам господинот Груевски - Европската унија не ги гледа вашите спотови на телевизија како во времето на бољшевизмот, туку Европската унија доаѓа во Дебар и би сакале да се сретне со градоначалникот, но градоначалникот нема канцеларија, градоначалникот нема општински објект. Општината беше опожарена. Во ред е да правите спотови за внатрешна употреба, но во ред е, можеби не е во ред, тоа се прави од политичките партии во текот на изборните кампањи за да го излажете населението, но не можете да излажете еден странски инвеститор кога доаѓа во Дебар, нема каде да седне да разговара за инвестициите кои сака да ги напрваи во една земја која има потенцијал и која со години е дискирминирана. Јас ќе ви кажам за овие 100 години, не сте го направиле тоа вие, но сите влади кои биле и отишле од власт и крајно време е, пред да се направи ребалансот на Буџетот, на пример наместо да се доделат 3,5 милиони евра за натамошна пропаганда за странски инвестиции во весниците и телевизите, мислам дека најдобра пропаганда е кога ќе докажеме дека овде има држава и државата има свој објект. Не е само локалната самоуправа која може да ја дискриминирате бидејќи е раководена од ДУИ, но тука има и државни органи господине Славески, тука се и регионалните министерства така што не е сфатливо за Европската унија и во извештајот кој ќе го имаме наскоро тие нема да напишат дека го виделе спотот и се случило чудо, но ќе кажат на пример дека нема елементарни услови да фунционира ниту локалната самоуправа, која со децентралицијата е од големо значење, а ниту регионалните единици на министерствата, што е несфатливо за една држава која има аспирации

да се зачлени во Европската унија. Јас сметам дека господинот Славески овој пат да не прави избона кампања, ниту јас не правам кампања, тука и господинот Јанакиески, дека во Дебар 10 дена не работи паламентарниот канал. Ова често се случува и сакам да кажам дека наспроти политиката на господинот Груевски, јас не правам популизам и знам дека моите сограѓани не ме гледаат и не ме следат во моментот, но сакам да знаете дека вистинската политика се прави со дела, а не со телевизиски спотови.

Тоа се моите две прашања и мислам дека со ребалансот на Буџетот ќе се земем предвид оваа многу потребна инвестиција, бидејќи овој објект е во таа состојба во која се наоѓа инвестицијата што е направена досега каде нема ниту покрив и може да се оштети сето тоа, што е голема работа не само за граѓаните од Дебар, туку и за целиот имиџ на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Првото прашање беше упатено до господинот премиер односно до госпоѓата Конеска-Трајковска.

Претпоставувам премиерот ќе одговори. Повелете, имате збор господине Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Благодарам и за прашањето и сакам да кажам дека што се однесува до ИФА-фондовите и фондовите на Европската унија, за кои почитуваниот пратеник кажа дека има информација дека ќе бидат 210 милиони евра. За периодот 2007 - 2010 година ќе се внимава многу на она што се вика регионален развој, а оваа Влада како и во изминатиот период ќе внимава многу на регионален развој затоа што тоа е една од нашите заложби да имаме подобар регионален развој од оној што го имавме во минатото. Не е случајно што донесовме закон за регионален развој кој што помина во Парламентот, кој што требаше да биде донесен уште во претходниот состав во Парламентот, меѓутоа од за нас непознати причини тој не беше донесен. Беше оставен за нас и ние веднаш пристапивме на подготвување на тој закон, па го донесовме во редовна парламентарна процедура, што сигурно ќе има поголемо влијани на еден подобар регионален развој. И во тој однос и во сити други односи, вкучително и со формирање на слободни економски зони, технолошки индустриски развојни зони се обидуваме да има еден подобар регионален разбој. Знаете дека Владата донесе одлука технолошко-индустриска развојна зона да отвори во Штип и Источна Македонија и во полошкиот регион, така што ние не сме Влада што е сконцентрирана само на Скопје, се обидуваме да отвориме технолошко-индустриски зони во други градови во Македонија, во Битола, Прилеп, Гевгелија, Струмица, но секако ни треба соработка и со градоначалниците бидејќи Владата не може сама да ги направи индустриските зони, мора да има соработка во врска со подготовка на урбанистичките планови и друга потребна документација, така што ако ја имаме таа соработка, ќе имаме и еден таков вид на координација, активности и успеси на тој план, што во крајна линија ќе биде позитивно за сите граѓани.

Преку овие работи што ги спомнав и преку многу други Владата се обидува регионално колку што може да дејствува поизбалансирано и во тој дел сакам да ве убедам дека така и ќе продолжиме. Сите други детали од ова прашање ќе ви бидат одговорени писмено. Имавме работни групи за овие средства, имаме пет компоненти, тие се поделени на пет компоненти и имаме работни групи во кои се вклучени и министрите од партиите кои се во парламентарното мнозинство кои се Албанци, така што се внимава и на тој дел и можете да бидете комотни во делот дали Владата има и ќе има еден поизбалансиран пристап за регионален развој на државата во однос на претходната Влада. Тоа веќе го покажуваме и со технолошко-индустриските развојни зони и со Законот за регионален развој и со овие средства што доаѓаат од европските фондови и сите други активности што ги правиме ширум Република Македонија. Сепак, за повеќе детали, доколку тоа го барате и од технички карактер ќе ви одговориме писмено.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине премиер.

Дали пратеникот Буџаку е задоволен од одговорот?

Има збор пратеникот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Евидентно е дека не можам да бидам задоволен од одговорот, бидејќи одговор не добив. Процедурално е во ред што ми го поставивте прашањето, но не сум задоволен затоа што не добив одговор. Мислам дека фазата на ветување во смисла ќе направиме индустриска зона и слично, законот сме го донеле, но треба да видиме конкретни резултати. Очекувам и доколку не се случи ова, ќе реагирам и во Брисел доколку има потреба. Треба писмено да ми се одговори како што вети господинот Груевски, да ги добиеме податоците во кои области и како се планира да се инвестира од ИФА-фондовите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** На второто прашање ќе одговори господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Му благодарам на господинот Буџаку за поставеното прашање во врска со доизградба на општинската зграда на локалната самоуправа во Дебар.

Почитуван господине Буџаку, веројатно за догледно време ќе дојдеме во состојба во која целокупниот јавен имот ќе биде како што е според законот осигурен кај осигурителни компании, така што не ќе мора секогаш Владата да биде повикана да интервенира, за тоа што Владата тие средства не може да ги планира на тој начин во Буџетот. Но сепак, тоа Владата го прави, секако од разбирливи причини понекогаш од хумани причини и секаде каде што дозволуваат можностите помага.

Ви должам одговор на прашањето, но сепак ако дозволите да демантирам дека е погрешно, можеби Буџетот сте го немале, односно измените и дополнувањата или ребалансот сте го прочитале, ќе имате прилика да го прочитате, а вие веројатно сте го прочитале она што беше изнесено во медиумите од вчерашната прес-конференција за измените и дополнувањата на Буџетот. Значи, демантирам дека 3,5 милиони евра се наменети за пропаганда, не знам на каков вид пропаганда мислите, но веројатно мислите на некој тип на економска промоција. Тие 200 милиони денари, како што објаснив на прес-конферанцијата и тоа беше објавено во медиумите, 120 милиони денари или 2 милиони евра се за работа за Агенцијата МАКИНВЕСТ, која што има вработени, има простории, има материјални трошоци, исплаќа плати и има дополнителни вработувања. Претпосавувам дека ќе го прифатите ова како дополнително објаснување.

Кога станува збор за доизградбата на општинската зграда во Дебар, само да ве известам дека лично го посетив објектот пред неколку дена, односно во неделата бев во општина Дебар и видов во која фаза е тој објект, затоа што чувствувам обврска  и за даден збор. Но во меѓувреме, морам да ви кажам и градоначалникот на општина Дебар - се извинувам, не му го знам името затоа што воопшто не ме контактирал, веројатно се придржува строго на вашата наредба градоначалниците на ДУИ да ја бојкотираат централната власт. Дури, ние ќе преминеме преку тоа во интерес на граѓаните, немаме никакво писмено барање, не знаеме за што се работи, за колку средства станува збор, барем до сега.

Ве молам пренесете дека министерот за финансии, како и целата Влада, сака во интерес на граѓаните да ги решава овие суштински прашања што се за добробит на граѓаните. Градоначалникот на општина Дебар кој што е од ДУИ нека воспостави комуникација со Министерството за финансии за да може Министерството за финансии најсериозно да го разгледа прашањето за доизградба на општинската зграда на локалната самоуправа во Дебар.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министер.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Има збор пратеникот Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Мислам дека нешто што е ефикасно господинот Славески, Груевски и другите ја користат и негативната страна за нивна пропаганда. Јас не мислев да кажам - пропагандата до сега се гледа, се гледаат резултатите од тоа, но јас мислев конкретно на другиот аспект. Имено, како ВМРО-ДПМНЕ ги гледа работите, што е една жалост наследена во нивната ментална структура, дека се отпочнува од нас. Доколку се отпочнува од нас, тогаш секое барање, допис и материјал кој постои било во Министерството за финансии или во Министерството за транспорт и врски, тие тоа го гледаат како да било упрвувано од некоја друга држава или од една структура на Владата од една соседна држава. Тие материјали и документи кои постојат се во вашите министерства и тие не се реализирани. Како што реков, доделени се само 250 илјади евра. Јас не сакам да правам пропаганда, бидејќи Третиот канал или Собранискиот канал во Дебар не го следат, но повторно ќе ви кажам дека овој ваш менталитет е штетен доколку ние на секои 4 години или помалку од тоа, не знам колку ќе бидете на власт, доколку на секои 4 години се менуваат владите и се почнува од почеток, без да се земат предвид отпочнатите проекти и постојните материјали, тогаш работите стојат лошо, бидејќи тој објект е почнат, барањата постојат во Министерството за финансии, или барањата се во Министерството за транспорт и врски, вие само треба да продолжите со инветицијата, а сигурно имате и точни податоци, од кои ќе се погрижам да добиете еден примерок, за да знаете колку финансиски средства се потребни за да се заврши овој проект.

Јас поставив уште едно прашање. Дали не е апсурд регионалните да плаќаат по 40 - 50 илјади евра годишна наемнина, кога Владата може да им обезбеди место за работа. Доколку нее обврска на Владата, бидејќи не им одговараат органите на одредени министерства, тогаш не знам со какви стандарди и критериуми работи оваа Влада и ќе одговараат пред Европа дека нас не не интересираат регионални министерства во какви канцеларии работат, кога сме во фаза на децентрализација на локалната власт. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине Буџаку.

Дали имате и дополнително прашање?

Ако имате дополнително прашање, ве молам кратко поставете го заради времето.

**Агрон Буџаку:** Јас се погрижив за разлика од вас во однос на времето, иако климата е добра и добро поминувме, но дебатата не е воопшто продуктивна.

**Љубиша Георгиевски:** Значи да заклучам дека немате дополнително прашање, во ред.

Сега има збор господин Илија Димовски.

Повелете 10 минути за вашите три прашања, плус три минути за евентуално дополнително прашање.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, почитуван претседател на Владата, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Денес ќе го исористам правото на пратеничко прашање да поставам три прашања до Владата на Република Македонија.

Првото прашање се однесува на она што беше најактуелно во текот на минатата недела, а тоа беа податоците што Државниот завод за статистика ги изнесе преку свое официјално

соопштение во врска со порастот на бруто домашниот производ и со дргуте индикатори за економскиот раст во Република Македонија.

Зошто го поставувам ова прашање? За да не бидам разбран погрешно, ние како пратеници немаме добиено концентрирани податоци кои што ќе претставуваат јасен водич за она што претставуваат и економски закони кои што доаѓаат на дневен ред на седниците на Собранието, но и проблематиките кои ги разгледуваме во Владата.

Сметам дека сомнежот кој што се појави во јавноста по однос на индикаторите е неоснован и би сакал тука во тој дел посебно да се обрне внимание, заради тоа што јас се потрудив самиот лично да дојдам до податоците. Според она што дојдов до податоци покрај бруто домашниот производ пораст има во инвестициите во машини и опрема, пораст има во јавната потрошвуачка, во приходите на буџетот, во даночните приходи и придонеси, во наплатата на данокот за додадена вредност, значи намалена е даночната евазија, суфицит има појавено за првиот квартал од годината, извозот на стоки и услуги е зголемен за 37%, а увозот на стоки е зголемен само за 21%. Значи, настанува едно балансирање во полза на извозот на стоки. Споредбено со кварталите јас би замолил Владата на РМ ако е можно на денешната седница усно да даде еден концентриран одговор кој што ќе ги опфати сите овие сегменти.

Второто мое прашање исто така се однесува на една посебно значајна тема за РМ. Ние како држава се наоѓаме во период можеби пред најзначајниот момент во историјата, во модерната историја на РМ, а тоа е одржувањето на Самитот на НАТО наредната година во април месец 2008 година. Би го поставил прашањето до Владата во контекст посебно на последната средба која што ја имаше претседателот на Владата на РМ со претседателот на САД господинот Џорџ Буш која што од сите медиуми и аналитичари во РМ и пошироко беше оценета многу позитивно. Сметам дека би било многу добро да чуеме кои се главните поенти од тие разговори во смисла на нашето побрзо интегрирање во НАТО структурите. Исто така сметам дека треба да добиеме информација во врска со одржувањето на Форумот на НАТО утре и задутре, односно четврток и петок кој што ќе се одржи во Охрид и ќе претставува најзначаен и најголем настан кој што го одржал НАТО во овој дел од Европа, значи во Југоисточна Европа, или во Западен Балкан, ако сакате попрецизно. Исто така, состанокот на министрите за одбрана на членките на НАТО пред неколку недели во Брисел од кој што добивме можеби најсилни сигнали дека Македонија е на добар пат. Значи, концентрирано прашањето е во поглед на овие три моменти што Владата превзема за забрзување и за осигурување на нашето интегрирање во структурите на НАТО.

И третото прашање исто така, до Владата на РМ, се однесува на локална тема. Значи, тоа прашање се однесува на градот Велес кој што претставува еден од поголемите градови во РМ кој што за жал во минатите 16 години беше заборавен од централната власт, затоа и локалната власт практично не функционираше онака како што треба со решавање на стратешките проблеми на граѓаните. Во медиумите се поприсутни се информации дека Владата на РМ превзема сериозни активности во спроведување на неколку значајни проекти, стратешки проекти за идниот развој на градот Велес, градот од каде што и јас потекнувам. Би сакал да добијам информација, до каде се активностите околу проектот за санација на слечиштето Рамина кое што претставува огромна закана за еден поголем дел од градот Велес. Исто така, она што во последните денови беше атрактивно во медиумите е најавата од Владата дека планира изградба на новата зграда на театарот во градот Велес. Тоа претставува еден објект кој што велешани го бараат повеќе од 15 години. Сите досегашни политички структури го ветуваа. Оваа Влада не го вети, меѓутоа спроед оние најави кои што ги имаме, веројатно ќе биде прва влада што нешто направила практично за градот Велес. Ова го поставувам повеќе од интерес да ги запознаеме и граѓаните на РМ за она што се превзема.

Претседателе, се надевам дека конструктивно пријдов затоа што не го искористив целото време за поставување на прашања.

**Љубиша Георгиевски:** На првото прашање ќе одговори вицепремиерот Зоран Ставрески.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе, благодарам почитуван пратеник Димовски.

Првото прашање кое го поставивте се однесуваше на објавените податоци неодамна за остварениот економски пораст во првиот квартал од 2007 година. Навистина поставивте едно многу релевантно прашање, затоа што објавувањето на тој податок предизвика големи реакции и логично е да предизвика големи реакции на некој начин, затоа што се работи за податок кој што најдобро ја рефлектира успешноста, или неуспешноста на владите во РМ. Од тој аспект навистина значи е една прва станица каде што реално, конкретно се мерат резултатите на оваа Влада.

Всушност, прашањето има две димензии и онака како што беше поставено и од вас, а и од опозицијата преку настапите. Едната димензија е прашањето на реалноста на тој податок, реалноста на оставарениот економски раст. А втората димензија е прашањето на одржливост на економскиот раст и дали тие бројки понатаму се можни и остварливи за во иднина, односно со други зборови квалитетот на економскиот раст.

Би се задржал подетеално на двете димензии. Во однос на реалноста сметам дека не постои ниту еден единствен фактор, ниту една единствена причина да се доведува во прашање реалноста на еден податок што го објавува не Владата, туку единствената релевантна институција во секоја земја за објавување на такви податоци, а тоа е Државниот завод за статистика. Тоа е институција

во која што има доверба Европската унија, институција во која што има доверба ММФ, Светската банка, ОЕЦД и сите други меѓународни институции кои што бараат и добиваат редовно податоци од Државниот завод за статистика. Тоа е институција која што има квалитетен кадар, која што долги години има техничка соработка со Еуростад и која што податоците што ги објави ги има целосно усогласено и сработено согласно прирачникот на Еуростад за квартални национални сметки. Значи, тоа е она што го признава Еуростад, Европската статистичка институција.

Второ, во однос на реалноста на податоците би сакал да истакнам дека ист податок од истата институција по истата методологија беше објавен за последниот квартал од 2006 година. Значи, тоа е првиот квартал во кој што оваа Влада беше на функција. Тогаш податокот изнесуваше 3%. Ние тогаш не реагиравме дека е тоа лажен податок, ниту сметаме дека е лажен податок. Едноставно тоа е реален податок што ја отсликува економската активност во тој период, а таа економска активност е всушност последица на мерки и политики што биле преземани во првата половина од годината, затоа што тоа во економијата сите го знаат. Секоја економска политика и мерка има одреден тајмлек, временски период што е потребен за да таа почне да дава реални резултати. Значи, тогаш имаше податок од 3% и тоа и самиот ММФ во својот документ кој што е потпишан од нивна страна и од наша страна при последната мисија го кажа со следната реченица дека реалниот бруот домашен производ се зголеми за околу 3% во 2006 година, но индиректните индикатори на економскиот раст покажуваат дека реалниот економски раст беше поголем. Тоа значи дека и ММФ тогаш уште при разговорите со нас укажуваше дека има индикаци, дека реалниот економски раст е појак од 3%. Меѓутоа, факт е дека статистиката, она што го кажа е 3%. И ниедна статистика во светот, а ни во Македонија не може да биде идеална. Меѓутоа, поентата дека податокот од 7% е нереален, а податокот од 3% е реален, не може да се прифати, затоа што тоа е истата методологија и истиот Државен завод за статистика кој што ја објавува. Значи, од тој аспект јасно е дека ММФ и сите други институции се држат на тој официјален податок и тоа е единствената реалност. На што се должи тој податок? Според нас има два клучни фактори. Едниот е владините мерки, владините политики, а вториот е респонзивноста на приватниот сектор. Значи, ние не пледираме, ние сме влада што не пледира да каже дека се што се случува како економски раст е само заслуга на Владата и на владините мерки. Не, заслуга е и на приватниот сектор, затоа што ние создаваме само услови за тој приватен сектор да инвестира, да извезува и да оствариме економски раст. Значи, владините мерки секако се клучни да го ослободат тој креативен потенцијал во приватниот сектор, но приватниот сектор треба да почувствува доверба за да одговори на владините мерки. И ако може да интерпретирам лично што сметам дека е најголема придобивка од работењето на Владата во овие девет месеци, тоа не е стапката на раст, или некој поединечен проект, тоа е враќањето на довербата, враќањето на довербата не само кај граѓаните, сакам да кажам враќање на довербата кај македонските бизнисмени. Тоа е она што е многу побитно за економскиот амбиент и за целокупниот раст кое што е многу подолготрајно отколку еден квартал. И тука ако успееме тоа да го одржиме, а ќе го одржиме ако сме конзистентни, сериозни и ако ги влечеме предвидливо мерките, значи да знаат бизнисмените што ќе се случи сега, следната година, наредната година и таа по неа. И тоа е нашиот пристап. Ние излеговме со еден сериозен даночен пакет во кој што кажавме оваа година ги намалуваме даноците од 15% на 12% данокот на добивка, персоналниот данок од 15%, од 18% и 21% на 12%, воведуваме реинвестирана добивка да не биде оданочена со 0%. Но, затоа кажавме и следната година што ќе направиме. И тоа им е на нив показател дека знаеме што сакаме и тие можат да предвидуваат на таа основа. Следната година стапките ќе бидат 10% и за данок на профит и за персоналниот данок. И тоа е најдобриот, најатрактивниот даночен пакет во Европа. Исто така, кажавме дека ќе ја намалиме бирократијата преку регулаторната гилотина. Ние не само што го кажавме тоа, туку преземавме конкретни мерки во таа насока. И тој пакет сега се комплетира и некаде кон септември, октомври, ќе биде целосно во игра. Спроведовме и други мерки во земјоделството, во градежништвото, во други области каде што сметавме дека има потреба од подобрување на условите за работа. И остварените 7% за кои што ќе зборувам после од аспект на квалитетот на тој раст покажуваат дека тоа е оценето високо од страна на Бизнис заедницата. Ние во исто време се отворивме целосно кон Бизнис заедницата и воспоставивме редовен дијалог со нив во кој што не само кажуваме што и како да се прави, туку и слушаме, затоа што ние како Влада сакаме и да слушаме, сакаме да слушнеме од оние кои се подобри од нас во нивниот бизнис и кои што знаат како тоа да го направат. Значи, во тој дел ние сметаме дека се најдовме на иста фрекфенција со Бизнис заедницата и со приватниот сектор и тоа е 7-те посто. Што покажува структурата на тие 7%. Значи, сега да преминам на квалитетот на остварениот раст. Покажува дека се работи за еден широко распространет економски раст преку сите сектори. Тоа е многу значајно за да видите дали може тој да се одржи. И второ, дали во некоја втора, трета и четврта фаза кога ќе уследи да речам континуирано раст, тој раст ќе продуцира и нови работни места. Ако е сконцентриран само во еден сектор може да биде рефлексија на поединечна инвестиција, или слично и нема да резултира во зголемување на вработеноста. Меѓутоа, ако е широко распространет, значи имате подобрени услови во економијата. И затоа има шанси и понатаму да биде одржлив.

Дозволете ми да споменам некои бројки кои што сметам дека се најзначајните. Пред се во сферата на инвестициите во машини и опрема, тоа е она што е најбитно за да знаете дали во иднина фабриките ќе произведуваат повеќе производи и ќе имаат зголемена додатна вредност. Порастот изнесува 10,7%, значи зборуваме за двоцифрена стапка на раст во инвестициите на компаниите во машини и опрема. Порастот на извозот кој што е рак рана во Македонија и кој што долги години заостануваше зад растот на увозот. Исто така е двоцифрен и не само што е двоцифрен, туку достигнува 43%. Тоа е исклучително висока стапка, би рекол и над нашите очекувања. И истовремено е добро што структурата на извозот е таква да постепено се зголемува учеството на извозот на машини и опрема и стоки за широка потрошувачка, односно оние производи што имаат повисока додадена вредност. Значи, не извезуваме толку само суровини и репроматеријали како што беше случај. Меѓутоа, тоа е процес, тоа не може да се заврши во еден квартал, значи тоа треба и понатаму да се негува. Истовремено на друга страна увозот се зголемува со двојно помала стапка од извозот, 21%. Тоа покажува дека всушност она што и вие го кажавте, доаѓа до стеснување на јазот меѓу извозот и увозот. Значи, секогаш кога економијата расте, природно е и увозот да расте, природно е и извозот да расте. Меѓутоа, значајна е стапката на раст на извозот да биде подинамична стапката на раст на увозот. И тоа покажува практично дека вие имате конкурентност, подобрување на конкуретноста на економијата и дека освојувате нови пазари. Значи, во тој дел сметам дека се работи за квалитетни показатели кои што покажуваат дека конкуретноста на македонската економија постепено почнува да се подобрува. Конечно, индустриското производство како еден од столбовите на вкупниот раст во првите три месеци оствари пораст од 11,6%. Тоа е двоцифрена стапка на раст која што не била никогаш претходно остварена. Јас ќе споменам само дека претходно растот во четвртиот квартал бил 1%, во вториот квартал во 2006 4,9%, во првиот квартал бил и негативен итн. Значи, ако ги споредиме и стапките на пораст на индустриското производство по квартали и стапки на вкупниот бруто домашен производ и стапките на пораст на секој сектор, буквално секој сектор во економијата, ќе видите дека има двоцифрени стапки на пораст. И тоа е забележливо и во оние сегменти каде што не се очекуваше тоа можеби, меѓутоа сите буквално градежништвото, сообраќајот, трговијата, преработувачката индустрија, земјоделството, секаде е забележан раст.

Какви се перспективите на македонската економија, односно дали има шанси овој раст да се одржи. Фактот дека во четвртиот месец од годинава, а некои и прелиминарни податоци за мај покажуваат дека стапката на пораст на индустриското производство продолжува да биде двоцифрена. Значи, податокот со четврти месец е 10%, стапката на пораст на извозот е уште подобра во четврти месец отколку во првите три месеци. За тоа веќе има податоци. И истовремено стапката на увоз е малку пониска, значи уште има извесно подобрување во тој дел и тоа покажува дека има добри шанси да продолжи економскиот раст.

И уште една работа ако дозволите да кажам, зошто сметам дека има добри шанси за 7%, или некоја слична стапка да се одржат и во иднина е тоа што во првите три месеци од годинава заради бавноста на тендерските постапки и воопшто регулативата, всушност и немаше почната реализација на некој крупен инфраструктурен, или сличен проект од страна на Владата. Значи, се работи за проекти во кои што носител е приватниот сектор, значи приватни инвестиции претежно ја движеа економијата во првиот квартал. Сега во вториот, третиот квартал очекуваме голем дел од инфраструктурните проекти кои што и се познати на јавноста во Македонија и да почнат со реализација. Секако тоа ќе резултира на некој начин и во уште поголема поддршка на економскиот раст. Меѓутоа, позначајно е во тој дел да продолжи и приватниот сектор да инвестира и приватниот сектор да гледа шанса за развој и за успех. И верувам дека според реализираните инвестиции во првите пет месеци од годинава, странски инвестиции кои што достигнуваат околу 90 милиони долари и најавите за нови инвестиции кои што треба да се реализираат во септември, а тоа е Џонсон Мети во септември и најава за инвестициите од Агрокор кои што не се во оваа бројка ставени и најавата уште од неколку странски компании за кои што не можам да зборувам заради бизнис етиката, во тој втор и трет квартал ќе дојде до израз практично зголеменото влијание на странските дирекни инвестиции врз македонската економија. Ако успееме да го одржиме и моментумот на домашните инвестиции и ако ги реализираме проектите, а не гледам причина да не ги реализираме за кои што се отворени тендери, сето тоа во пакет навистина создава една солидна, квалитетна однос за да продолжи економскиот раст. Ако тоа се случи, ќе почне постепено да се рефлектира и позитивно врз стапката на невработеност. Меѓутоа, еден квартал сигурно не е доволен за да стапката на невработеност се намали. Потребно е во континуитет да се остварува тој раст и во континуитет да се има доверба во институциите. Сметам дека во тој дел последната анкета на УНДП е еден меродавен инструмент за мерење на довербата и на филингот што го има бизнис секторот во однос на политиките во економскиот дел, а и пошироко, затоа што логично е ако нема доверба во политичкиот дел, сигурно дека бизнисмените не би ги вложиле своите сопствени пари на подолгорочна основа. Да сумирам, најавите што се веќе објавени од страна на странските инвеститори, значи не се на Владата, не се владини најави. Пред некој ден имавме можност да ја слушнеме најавата на Џонсон Мети дека очекуваат годишниот извоз од Македонија во

2009 година да изнесува една милијарда долари. Македонскиот извоз вкупно изнесува 2,5 милијарди, само да имаме впечаток за што станува збор.

Инвестициите кои ги имаме во земјоделството, кои што се најавени и каде што веќе се реализира откупот на земјоделските производи, од Струмица, од Росоман, од Валандово, и камионите веќе одат во Унгарија, во Холандија и во други места. Најавата за инвестиција во пет откупни центри, кои што уште повеќе ќе помогнат да се откупат земјоделските производи, проектите во инфраструктурата, кои веќе се започнати, во тој дел покрај патиштата ги имаме и Аеродромот, имаме и неколку други проекти кои што се значајни. Проектите во културата, проектите во енергетскиот сектор, кои што набрзо ќе резултираат со инвестиции од приближно една милијарда, можеби уште во текот на оваа година потпишани како договор, а нивната реализација ќе биде во еден период од две до три години, сето ставено на куп, навистина нас лично ни создава една основа дека одиме во вистинска насока како држава. Овде не зборувам само како Влада. Цело време потенцирам дека успехот на економски план, не може да биде само успех на Владата. Владата е еден од клучните играчи во тој дел, меѓутоа преспонзивноста на приватниот сектор, преспозивноста на медиумите и поддршката, односно препознавање на она што е квалитетно во економскиот дел и критика на она што не е квалитетно, конструктивна критика, исто таква конструктивна критика би била добродојдена и од опозицијата. Меѓутоа, за жал, критиката беше критизерство, а не критика на реална основа.

Исто така, доколку успееме да го одржиме интересот на странските инвеститори, а во тој дел ние навистина планираме уште поагресивен пристап преку неколку ролт шоус кои што ќе бидат организирани во различни земји во Европа, сето тоа кога ќе го ставите на куп создава и го комплетира мозаикот. Само комплетиран мозаик може да произведе резултати во економијата. Една, две, три, сликички нема да бидат никогаш доволни, мора целокупно да се создаде тој амбиент и ние сметаме дека со ова го заокружуваме кругот и дека Македонија има добра перспектива. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Сакам да потенцирам дека податоците кои што ни ги презентираше потпретседателот на Владата, мислам дека ќе имаат позитивна употребливост од страна на Собранието, меѓутоа се и податоци кои што претставуваат гаранција дека државата, како што кажа потпретседателот, оди во поволна насока.

Токму ваквиот начин на поставеност на работата е тоа што граѓаните ги интересира, на што граѓаните се концентрирани и ние како пратеници се надевам во наредниот период треба да посветиме поголемо внимание на овие реални економски показатели, отколку на ситните препукувања на политичките партии кој кога, дали некој доктор украл повеќе итн.

Значи, уште еднаш задоволен сум од одговорот на прашањето и се надевам дека Владата ќе ги продолжи истите и уште посилни активности и дека она што во последниот дел од одговорот, потпретседателот на Владата го кажа како линкување помеѓу макроекономијата и микроекономијата ќе почне во наредниот период да биде реалност во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Сега почитувани колеги, ве поканувам, со особено задоволство да дојдете во кристалната сала, каде што за некоја минути ќе започне потпишувањето на три партитниот договор помеѓу ЗЕЛС, нашето Собрание и НДИ, со кој ќе се обезбедат перманентни канцеларии на пратениците за комуникација со граѓаните и ќе се направи еден радикален чекор напред кон демократијата. Ви благодарам.

(Предлагам пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата затоа што наскоро ќе продолжиме со работа.

Продолжуваме со вториот дел од седницата.

Пратенико Илија Димовски постави три прашања.

Второто прашање беше упатено до Владата. Најверојатно премиерот ќе одговори.

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Во врска со второто прашање упатено од пратеникот Илија Димовски, поврзано со подготовките на Република Македонија за прием во НАТО, би напомнал неколку работи, средбата со претседателот на САД, Џорџ Буш.

Исто така, би напомнал дека Владата е силно фокусирана на овие подготовки. Токму сега доаѓам од средба со амбасадорот на Англија во НАТО, со кого исто така, детално го анализиравме прогресот на Република Македонија за подготовка на земјата за полноправно членство во НАТО.

Она што ќе го кажам е дека од сите разговори што ги имав со повеќето значајни личности во НАТО, предводници на држави, или амбасадори во НАТО, или пак личности кои што имаат на било кој начин големо влијание во носењето на одлуките, е дека во моментот има прилично позитивно расположение за Република Македонија, дека се почитуваат реформите што земјата ги прави во однос на влегувањето во НАТО и земјата што ги прави реформите за квалитетот на живеење, бидејќи НАТО не е само воена организација, но е и политичка организација. И, не е случајно што ние имаме и политички услови, имаме и економски работи поврзани со Армијата што ги бара НАТО да има прогрес во Република Македонија, работа со општествениот живот. Така што, практично се работи за една темелна реформа во поголем дел

од секторите во Република Македонија, во кои што земјата покажува и треба да покажува прогрес и во иднина.

Од она што имав можност да го продискутирам и со претседателот на САД, господинот Џорџ Буш, видов кај него едно големо расположение на следниот самит во Букурешт, следната година во април Македонија да добие покана, како и другите две држави од Јадранската група, Република Хрватска и Република Албанија, се разбира тоа претпоставува дека ние треба да ги завршиме нашите реформи. Тој е добро информиран за реформите што ги прави Владата. Тој отворено кажа дека ги поздравува тие реформи и честита за тој прогрес, за тие реформи што се направени. Тоа го направи и во неговото писмо што го упати до мене неодамна, така што, ние продолжуваме на тој пат, за подготовка на државата за правење на повеќе проекти, за правење на повеќе реформи, во политичкиот дел, во општествениот дел, во економскиот дел и се разбира, во безбедносниот дел, во Министерството за одбрана, во Министерството за внатрешни работи. Во некои од нив имаме и претставници од НАТО државите, кои што ја следат во детали работата, промените, прогресот.

Можам да кажам дека работите во овој момент стојат такви шансите следната година да ја добиеме поканата се огромни. Практично, на Македонија шансата и се насмевнува и ние тоа мораме да го искористиме. Тоа не зависи само од Владата. Во голем дел зависи и од Парламентот, затоа што многу закони, што Владата ги усвојува, доаѓаат во Парламентот и добро е навреме да бидат прифатени, навреме да бидат усвоени, да се внимава на тоа тие закони како се подготвуваат и доколку има некоја идеја дополнително да се подобрат, ние ќе бидеме отворени за тоа.

Значи ние продолжуваме како Влада да го изодиме патот во наредните 6 до 8 месеци, во кој што треба да го завршиме последниот циклус на акциониот план што го имаме со НАТО, кој што завршува во февруари 2008 година. Тоа е отприлика околу месец и неколку недели пред одржувањето на самитот во Букурешт, на кој што треба да се донесе финалната одлука, за која што очекуваме да биде покана на Република Македонија за полноправно членство во НАТО алијансата, што за државата ќе биде од исклучително големо значење. Значење од аспект на безбедност, значење од политички аспект, но уште повеќе значење од економски аспект, затоа што карактеристично е дека во сите држави во моментите кога ја добија поканата за членство во НАТО, што многу често политички се гледа како и да се примени во НАТО, во тие држави поканата значеше и голем број на инвестиции во државата. Што значи, отворање на нови работни места, бидејќи инвеститорите токму тоа го прават. Инвестираат за да направат профит, но и отвораат нови работни места, што е голем проблем во Република Македонија, на кој што Владата упорно работи и сакам да речам дека влегувањето во НАТО, односно добивањето покана ќе значи голем импулс и за македонската економија во таа насока. Не само што ќе значи една сигурност за земјата во иднина, не само што ќе бидеме под еден заеднички безбедносен чадор и што ќе делиме, како што и сега делиме заеднички безбедносни критериуми, туку на некој начин ќе имаме и економски инпулс кој што и те како ќе се почувствува. Секако, потоа ќе продолжиме со една силна концентрација на она што се вика реформи, продолжување на реформите, со што реформите не можат да запрат само со денот на добивањето на поканата, ние ќе ги продолжиме реформите, за што тие ги правиме заради нас, заради нашите граѓани, заради сите нас тука, да направиме поквалитетен живот во Република Македонија, да направиме повисоки стандарди на живеење, за да направиме повисоки стандарди во економијата, помалку бирократија, помалку корупција и криминал. Значи, да имаме еден сериозен пристап во борбата против корупцијата и криминалот. Како што знаете, веќе се чувствува една разлика и во тој дел. МВР, Јавното обвинителство и судовите имаа многу успешен период зад себе, затоа што и тоа е дел од она што се вика подготовка на земјаво во НАТО, а тоа е сериозен пристап кон борбата против корупцијата и криминалот, но истовремено и резултати во таа борба против корупцијата и криминалот.

Вие знаете дека исто така решени се многу случаи, тргнувајќи од еден случај кој што со години не можеше да се реши, затоа што нашите претходници не можеа да најдат докази за тоа, или можеби не сакаа, но во секој случај, случајот Бачило е еден од случаите кој и те како, ги размрда нештата во Македонија.

Случајот денационализација, кој што исто така одеше во пакет со Бачило и со години station наназад не можеа да се најдат докази. Тоа се случаи кои имаат судски завршници и пресуди за сторителите на кривични дела. Покрај ова, има веќе судски завршници за одредени луѓе, кои што направиле кривични дела во областа на судството, во многу други области во повеќе сфери и тоа е веќе забележливо и од меѓународниот фактор, кој што не крие дека гледа сериозен прогрес во борбата против криминалот и корупцијата, а исто така и сериозен прогрес во борбата против трговијата со луѓе. Тука веќе, веројатно сте слушнале за многу пофални оценки, за напредокот што Република Македонија го прави и во тој дел би сакал да честитам на Министерството за внатрешни работи, исто така на Јавното обвинителство и на сите структури што се на некој начин вклучени во оваа дејност.

Го спомнавте во вашето прашање и Конференцијата што се одржува во Охрид и подготвеноста на Македонија.

Прво, сакам да истакнам дека се работи за исклучително важен настан за Република Македонија, се разбира и за НАТО, но ние како домаќини, кои што долго време не сме имале таков настан да се одржува во Република

Македонија, на кој што ќе дојдат 9-10 од Европската унија и уште некој надвор од Европската унија, навистина покажува дека довербата кон Македонија е во тој дел зголемена и дека тоа е добра шанса сега Република Македонија да се покаже како добар организатор.

Сакам да ве уверам дека сите потребни подготовки Владата веќе ги направи и јас сум убеден дека во наредните денови претставниците што ќе допатуваат во Република Македонија на НАТО и сите гости што ќе допатуваат, навистина ќе можат да се уверат во една одлична организација, која што исто така е сигнал од страна на Република Македонија кон нашите партнери и на нашите сојузници во НАТО алијансата.

Исто така во тој дел, сакам да им честитам на неколку министри, кои што беа активно вклучени во оваа подготовка, господинот Ќахил, госпоѓата Јанкуловска, господинот, Милошоски, господинот Еленовски, кои што навистина во овој период, беа силно фокусирани се да се заврши во најдобар ред, заедно со Службата за општи и заеднички работи на Владата. Ние како Влада, постојано следевме како оди напредокот, што се случува, за да не се случи било каков кикс. Јас сум уверен дека наредните денови ќе бидеме домаќини на кои што нема да може да им се најде сериозна забелешка во однос на организацијата и верувам дека овој настан ќе биде уште еден импулс за луѓето, барем за тие што ќе допатуваат и за многу други дека Македонија го заслужува членството во НАТО на следниот Самит во Букурешт следната година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине премиер.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе, јас сум задоволен од одговорот на претседателот на Владата, господинот Никола Груевски, само сакам да искажам искрена желба и сите останати институции во Република Македонија со исто темпо и со ист ангажман да се вклучат во овие последни 8 месеци до добивањето на покана за членство во НАТО. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Третото прашање на господинот Димовски беше исто така упатено до Владата. Да ве потсетам беше во врска со санацијата на свлечиштето во Велес и во врска со изградбата на Театарот.

Има збор господинот премиер.

Повелете господине премиере.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето.

Јас по овие две работи би сакал да спомнам дека Владата го посвети своето внимание на овие два проекта. Иако Театарот во Велес не беше во проекцијата на Владата за овој мандат, сепак ние најдовме дека тоа е едно горко прашање за велешани, кои што долго години многу луѓе им го ветуваа. Ги мамеа луѓето дека ќе го направат тоа ако ги добијат нивните гласови. Ние тоа не го правевме за време на изборите но сепак, Владата оцени дека тој проект треба да добие приоритет.

Сакам да ве информирам дека во септември оваа година, планот е да се објави меѓународен тендер, најпрво за идејно решение, па за главен проект, за изградба на Театарот во Велес и во текот на следната година да започне изградбата на Театарот во Велес и да се заврши во еден разумен рок за изградба на еден театар, така што велешани да го добијат тоа што го заслужуваат.

Што се однесува до свлечиштето, исто така, би сакал да кажам дека се работи за многу сериозен проблем, кој што го видов и на лице место. Бев во Велес, направив посета на тоа место. Се работи за место што е многу опасно за живеење за граѓаните во тој дел, место што е запоставено, ставено на маргините на грижата на многу политичари во Велес и во Република Македонија. Место кое што секој одбегнува да го посетува. Ми кажаа дека единствено претседателот Борис Трајковски и јас сум бил тој што сме го посетиле, заедно со групата што беше со мене, на чело со министерот за транспорт и врски и навистина најдовме дека тоа е место на кое што Владата мора да направи итна интервенција.

Сакам да ве информирам дека по тоа одење во Велес и гледање на состојбите, ние веднаш го поставивме тоа прашање на седница на Влада, разговаравме, одвоивме средства од Буџетот и започнавме подготовки во смисла на отворање на потребните тендери и во наредните неколку недели започнува изградбата, значи во јули започнува изградбата на свлечиштето Рамина во Велес, на потпорните ѕидови кои се потребни да бидат изградени да се заштити од натамошна ерозија, односно паѓање на земјиштето и можност за уривање на куќите и губење на  животи или повредени.

Така што, можам да кажам дека по посетата на Велес, ние веднаш пристапивме кон акција како Влада, веднаш изнајдовме средства, веднаш ги започнавме процедурите, а веќе во наредните неколку денови ќе бидете сведоци на почеток на изградба на потпорен ѕид што треба да ја стопира натамошната агонија на многу луѓе што живеат во тој дел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот, или сака да постави дополнително прашање.

**Илија Димовски:** Јас, можеби на некои присутни во салата ќе им изгледа чудно, но сакам да искажам јавна благодарност до Владата на Република Македонија, веројатно од многуте мои истомисленици, жители на градот Велес, што за прв пат една Влада во Република Македонија посветува било какво внимание на градот Велес, кој што еден од поголемите градови во Република Македонија. И, се надевам дека таквиот ангажман, Владата ќе го задржи и во иднина. Овие два проекта се од суштинско значење за напредокот на градот. Едноставно, со нетрпение ќе ги очекуваме моментите кога ќе можеме и

практично да ги видиме резултатите од тие проекти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господин Игор Ивановски, повелете.

Господинот Николов Марјанчо има процедурално, повелете.

**Марјанчо Николов:** Господине претседателе, колеги пратеници, почитуван премиере, министри,

Би замолил само, кога колегите пратеници од позицијата се трудат што повеќе да ја пофалат Владата да не кажуваат невистини во своето излагање. Ова е сериозно.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете, нема причини за таква нервоза.

**Марјанчо Николов:** Господине претседателе во ред, Владата презема активности, меѓутоа да не се изнесуваат невистини дека претходно некој не преземал ништо таму. Тоа не е вистина. И да не ги доведуваме во заблуда граѓаните и на Република Македонија и на градот Велес. Значи, една фаза е завршена и не е се преземено само од оваа Влада.

Апелирам во таа насока колегите пратеници да не изнесуваат невистини за работи со кои ја фалат Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува до вашата процедурална забелешка, дали некој изнесува вистини или невистини, тоа е прашање на друга анализа, тоа е прашање на политички став и тоа прашање не задира во процедурата. Никаде не пишува во процедурата, односно во Деловникот дека ако некој изнесува невистини, претседателот на Парламентот треба да го прекине. По која логика некој изнесува невистини. За едните се вистини, за другите невистини. Аудиториумот ќе пресуди. И денес, и утре и на изборите.

Според тоа мислам дека не е на место таа процедурална интервенција.

Повелете, само како што се договоривме, да не слупнуваме имиња и да не отвораме полемика. Ако имате замерка на начинот како ја водам седницата, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе, имам забелешка.

**Љубиша Георгиевски:** Нема причина за нервоза.

**Валентина Божиновска:** Не може да се коментира дали ставот е вистинит или невистинитк но ве молам, 17 години, не одговорам сега на почитуваниот колега Марјанчо, но еден факт е вистинит. 17 години пропаѓа театарот во Велес. Секој ден има опасност дека од електричната мрежа некој може да погине, вие тоа добро го знаете. И вам ви забележувам претседателе на Собранието, зошто вие не кажавте дека секој ден може да погине по еден актер. Стотици интелектуалци актери работат во минималистички услови.

**Љубиша Георгиевски:** Ова не е процедурално, јас ја знам вашата слабост...

**Валентина Божиновска:** Морам да ги заштитам моите колеги од театарот во Велес.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, ама не е процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Не е, но треба да бидеме доблесни и да се заблагодариме.

**Љубиша Георгиевски:** Јас знам, го знам театарот, не не кажувам. Нема место каде да се каже тоа.

Господинот Александар Николовски бара збор процедурално, се надевам дека ќе се придржувате апсолутно.

**Александар Николовски:** Апсолутно претседателе.

Јас сакав да ги замолам колегите пратеници, без разлика дали се од опозицијата или од власта да држат до она што се нарекува пратенички прашања, до концептот и до начинот на изведување, заради тоа што нас ни се случува после секое пратеничко прашање кога тоа не одговара на некоја пратеничка група преку процедурално да се даваат реплики на оној кој што поставува прашање или на оној што одговара на прашања. Значи, колегата претходно направи реплика на претходниот колега кој што поставуваше прашање.

Значи, ако одимена овој начин, после секое пратеничко прашање ако поставува пратеник од позицијата преку процедурално опозицијата одговара, прави реплика и обратно, ја изгубивме смислата. Дајте да направиме дебата и да дебатираме. Ако сакаме да ја прашуваме Владата дајте да оставиме, да ја прашуваме Владата без разлика дали ни се допаѓаат прашањата или не, без разлика дали ни се допаѓаат одговорите или не. Ако сакате вака да продолжиме тогаш никој нема да ни е крив за угледот, за рејтингот и за тоа што ќе поставиме само 5 прашања заради тоа што смао 5 луѓе ќе имаат право да прашуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Ја сватив вашата процедурална интервенција, невпуштајки се во вашата политичка проценка на тоа јас се приклучувам на вашата сугестија дека најважно е кога имаме седница, а тоа е само еднаш месечно пратенички прашања дека е најважно да се сконцентрираме на содржината на седницата. Трет човек, часовникот е веќе 16,00 часот, трет човек, господинот Игор Ивановски има збор, затоа што правиме непотребни дигресии.

(Реакција на некои пратеници)

(Пратеник од место бара збор за реплика).

Повелете, ако имате нешто навистина исклучиво.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, јас мислам дека не треба да се дозволува вакви упади во текот на водењето на седницата кога очигледно нема процедурална забелешка.

Можеби од голем степен на култура кај вас дозволувате да се случуваат вакви настани, меѓутоа јас би апелирал до вас во насока за да се запази некоја форма на текот на седницата порешително да реагирате, без разлика дали

станува збор за процедурални упади од страна на пратеници од власта, или од страна на пратеници на опозицијата.

Значи, јас единствено што сакам е да ви дадам дополнителен степен на решителност во поглед на ова прашање.

И уште една работа, Велес до сега имал три градоначалника, имал 15-тина пратеници, имал 1 министер и т.н. и т.н., граѓаните се тие кои што знаат дали нешто во изминатите 16 години било направено во Велес. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Можам ли сега да дадам збор на господинот Игор Ивановски, повелете. 10 минути плус 3 минути имате.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе, ќе искористам половина од моето време но ќе ве замолам да не ме прекинувате бидејки денешната седница за пратенички прашања дефинитивно е врв на безобразниот обид на владеачкото мнозинство и од Владата на Република Македонија да ја спречат можноста дадена со Устав и Деловник на опозицијата да поставува прашања, а Владата да дава одговори.

Денеска се потврди, веројатно, вчерашната координација помеѓу Владата и парламентарното мнозинство, договорената стратегија за блокирање на сите пратеници на опозицијата да ги постават своите пратенички прашања. Во моментов е 14,20 часот, јас сум првиот пратеник од опозицијата кој што има можност да поставува прашања. Ако методот на оваа Влада во изминатиот период на работа е криење на важна реалност и манипулација не само со бројките, туку со основните, човечки ветувања за граѓаните на Република Македонија денеска покрај манипулацијата која што ја продолжувате како средство за вашата работа покажувате и огромна доза на страв. Страв да се соочите со прашањата на опозицијата, страв којшто го манифестирате на денот на интерпелацијата на Владата кога четворица единствено пратеници на СДСМ имаа можност да одговорат. Јас се радувам бидејки вие само една година од вашиот мандат покажувате висок степен на спрат, бидејки тоа ќе продолжи со уште поголемо и несмалено темпо.

Очекувам дека манипулацијата со се и сешто оваа држава ќе продолжи да функционира, очекувам дека не 400 илјади евра, не 4 милиони евра, не знам колку средства од парите на граѓаните ги трошите за манипулација и за правење наидеолошки партиски спотови, наместо да се соочите со опозицијата кој е тој што репрезентира во овој момент. Најмалку 217 илјади гласа колку што добија на изборите, а вие не резултирате со ништо повеќе од 3000-4000 гласа, колку што дојдовте вие на изборите.

Отаму господине претседателе мислевме дека минатата седница ќе биде последната фарса во организација и режија на оваа Влада за да се оневозможи за нашите што се на влст. Ама, се излажавме. Очигледно заради стравот, заради соочување со вистината и со нереализираните ветувања ја прави оваа ситуација денеска да имаме монолози на министрите, а пратениците од опозицијата не им се овозможи легитимното право да ги постават прашањата. Ќе го преиспитаме нашето учество и воопшто учеството во функционирањето на овој уставен и деловнички институт. Кога веќе толку имате желба да Владата ни го менува Деловникот веднаш изменете го амандмански и внесете една измена да се укинат пратеничките прашања. Нека се воведе инструмент владини одговори и владини монолози и владини говори од типот на руските болшевички партии. Ние воопштонемаме намера да ви го трошиме вашето време, а вие комотно да си ги трошите 13 или 15-те илјади евра на граѓаните за оваа седница, која што единствено ја направивте ваша лична ефтина, популистичка и лоша реклама. Малку беа парите за вашите преноси од владините седници, за кои штонемате право да ги трошите, малку се парите на граѓаните за спотовите за кои што немате право да ги правите, ви требаше и оваа седница. Повелете продолжете го, за 24 часа ако е возможно овој театар и овој циркус, поставете си ги договорените прашања, кажете си ги одговорите СДСМ и пратеничката група нема повеќе да учествува во ова ужасно одвратна фарса која што е дефинитивно до сега во низата на блокирање на демократските механизми и можноста демократијата да биде централно место во Република Македонија.

Ви посакувам многу среќа докрајот на седницата, ви посакувам многу кажувања на невистини и уживања во нив СДСМ односно пратеничката група тука ќе го прекине своето учество од проста причина што на оваа седница заради вас и го немаше. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Според предвидениот список има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Навистинаи јас го делам мислењето дека оваа седница се претвори во фарса и точно е дкеа сега на неколку минути до 16,00 часот успеа само еден пратеник од опозицијата да постави прашања. Се надевам дека ќе има можност повеќе пратеници да постават прашање. Во таа насока јас имав само едно прашање до Владата.

Мислам дека, иако веќе се изгуби смислата на поставување на пратенички прашања со доброподготвени одговори од страна на Владата за само промоција, сепак јас ќе гопсотавам моето прашање.

Јас му го знам одговорот затоа што секогаш кога ќе се постави некое прашање за кое што Владата не е подготвена ќе го добијам писмен одговор, или за разлика од претходната Влада ние не сме таква Влада и за разлика од тоа како вие работевте ние так ане работиме, ама ние сега вака работиме и т.н. Ние се движиме во рамките на законските можности.

Такви прашања и од такви одговори очекувам, но јас нема да се откажам од поставувањето на моето едно единствено прашање затоа што знам дека темата можеби не е многу интересна за граѓаните, за културата и сакам да прашам какви тенденции на кои насоки се цени културната политика во Владата. Се разбира, до колку воопшто може да се смета за таква . Имајки ги во предвид неколку точки коишто ќе ги наведам во моето излагање, не беше доволно само да се смени минситерот за култура за работите да тргнат на подобро, туку треба нешто многу пвоеќе да се направи, очигледно и да се посвети внимание.

Во духот на позитивноста можам да кажам дека единствена светла точка во она што се случува во културата се археолошките истражувања на локалитетот Кале.  Освен тоа се друго е поразлично од фактот и сега би сакала премиерот да го сослуша моето прашање затоа што не е упатено само до министерот за култура, мислам дека после некои изјави на почитуваниот премиер и тој ќе сака да даде образложение.

Со облакодерите без никаква реална експликација, без широк, клучен или јавен консензуз надвор од било каква програма или стратегија сведоци сме дека на помпезно изградба на облакодери во центарот на Скопје, дали сакаме привидно да креираме слика на вклучително развиена свест, или повторно влегуваме во парадоксални ситуации во кој на крај данокот ќе го плаќаат граѓаните, или можеби по углед на еден комунистички диктатор од соседната земја, 13 векови бугарска држава се нареди во сите поголеми градови да се изградат 13-ет катници. Дали сега ние во името, можеби ќе беше добро “100 дена Влада” за да ги изградиме овие 100 катници, понатаму исто во таа насока синдромот на вештачко креирање на минатото и се нагласува и со невештите реплики кои што ќе ги имаме на театарот и Офицерскиот дом, а секако дека врв на мејфусот претставува и музејот, немам ништо против, да не бидам погрешно разбрана за идеата музеј на македоснката борба и на ВМРО, туку шокантната најава за поставување на восочни фигури на личности од нашето минато по примерот на британскиот музеј Мадам Тисо. На простор од 2500м2 надвор од проектната програма која што ја имаше, која што беше содржана во конкурсот на Министерството за култура. Всушност сметам дека со овој нефкус, знаеме на кого е наменет музејот  Мадам Тисо, мислам дека нашите дејци, револуционери од минатото заслужуваат малку поголема почит од два аспекти токму поради ова што реков дека е нефкусно да бидат ставени нивните возочни фигури.

Друго што сакам да прашам е дали тој музеј еден покрај друг ќе бидат големите револуционери за кои сите почувствуваме еднаков почит и респект и нивните крвници. Значи, дали еден покрја друг ќе бидат Гоце Делчев, Питу Гули, Тодор Александров,Протуѓеров или можеби Тодор Александров и Алеко Паша, можеби Протуѓеров и Ванчо Михајлов, па на едно место да бидат и крвниците и дејците кои што навистина искрено се залагаа за независна Македонија.

Ако кон тоа го додадеме и надградбата на Собранието се надевам дека нема да резултира со куполи, туку ќе успееме да се држиме до она што го препорача Управата за заштита на културното наследство, мене ми се псотавува прашањето што е следно, какво изненадување подготвува Владата на Република Македонија. Дали Владата избра пат на кој што со интензивно градење и разгледување на преостанатото, со глумење на историја и традиција, на сегашност и далечна иднина ја купува наколоноста на граѓаните. Со таква политика каде се застапуваат традициите, културата, уметноста и архитектурата од 20-иот век. Со кои аргументи почитувани колеги ќе излеземе пред идните генерации и ќе кажеме дека за атер на една Влада или за самоволието на една Влада свесно ги губиме алките кои не обврзуваат во процесот на бележење на  сопствената културна историја,

Моето прашање е дали кога сето ова го наумила Владата да го направи, се консултирани експерти од сите области, вклучително историчари, потоа луѓе кои што се занимаваат и со историја на архитектурата, се разбира дали се консултирани надлежните институции како што е Управата за заштита на културното наследство и до колку се почитуваат нивните мислења, или колку  се врши притисок врз нив па така често го менуваат своето мислење, како што беше случајот со еден споменик на културата  Куршумли Ан кој се претвори во сосема нешто друго, иако директорот на Управата се спротивстави на тоа , а потоа рече дека тоа е од Владата и Владата ќе си прави што сака, Се андевам дека овој пат ќе се испочитува, она што Управата го кажа за вршење на надградбата на Собранието. Се андевам дека тенденцијата да се врши притисок се со една единствена цел да се подигнат уште триката на Трговскиот центар, над Метропол и некогашната Стоковна куќа не одат во добра насока на ова што дос ега го говорев и во што се претвара главниот град на Република Македонија.

Дали кон ова треба да го додадам и она што сега ни  се случува не само во обласа на културното наследство и архитектурата, туку и во целата култура затоа што и насловот е “Штрајкува целата култура”. Тука е наведено и за музичарите во Операта и Филхармонијата зошто поради малите плати протест пред Владата, па писатели, актерите во МНТ и т.н. и т.н., сите се подготвуваат за еден генерален штрајк. Морам да кажам дека најтешка работа била да се добие било какви инфорамции, без разлика дали од Министерството за култура од област ан акултурата за да се добијат било какви инфорамции  од страна на медиумите и затоа во недостаток на потребните инфорамции јас го поставувам ова пратеничко прашање до министерот и министерот за култура, се надевам дека ќе ми одговорите мене и ако нависитна ви беше економијата приоритет како што нагласивте

јас не можам да се дрзнам овој пат да ве прашувам за културата, затоа што овде и таму ништоне направивте и мислам дека е во ред барем за ова да проговориме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

И јас мислам дека е ред, само би ве замолил, вие имате право на повеќе од едно прашање, имате правона три прашања. Ако сакате да бидете љубезни да ги одвоите затоа што и на тоа имате полно право. Имаше многу прашања, за да може Владата да прецизира да видите барем што ќе ви одговори,или ако Владата нема ништо против ова нахнадно прецизирање повелете одговорете.

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Имаше еден голем вовед на прашањето на госпоѓа Топузовска во које што беа споменати многу работи, објекти и делови од програмата на Владата, имаше и едно прашање дали се консултирани, известени за тоа, така што ќе одговорам за се.

Прво, беше почнато со скопското Кале. Точно е дека Владата определи за првата фаза од работењето на археолошките истражувања и рекоснтрукцијата на скопското Кале по две лири е 2 милиони евра, околу 1 милион ќе бидат потрошени оваа година и уште 1 милион следната година.

Како што знаете, таму се работи. Работи огромна екипа на археолози, на студенти, професори, луѓе кои се занимаваат со таа дејсност. Сметаме дека е добро што се прави така, затоа што е дел од културното наследство на оваа земја и секоја една земја треба да внимава на своето културно наследство, да инвестира во негово истражување, да инвестира во луѓе кои треба да истражуваат, доколку навистина сакаме да градиме држава што секогаш ќе може да ги покаже своите длабоки корени во историјата и цивилизацијата.

Постојат повеќе аспекти, јас го кажувам само овој аспект, поради што сметам дека е добро што оваа Влада се определи за инвестиции многу поголеми. Драстично поголеми од оние што беа во минатото во делот на културата.

Еден од нив е археолошките истражувања на Скопското кале и реконструкцијата што треба да дојде после тоа во делот на изградбата на предните ѕидови, но и на вратрешните во насока на правење на Скопкото кале онакво какво што било во минатото. Тоа може да биде добра туристичка атракција во иднина, а и место на кое што може многу луѓе да дојдат од делот на историјата, од делот на културата, туристи и сл. Тоа е едната работа.

Истовремено како што знаете, Владата инвестираше, програмираше средства во износ од 6 милиони евра за наредните 3 години, за исти такви археолошки ископувања и реконструкција на Св. Климентовиот универзитет во Охрид, за што исто така огромен број луѓе, експерти од таа област, вработени во таа област, професори, студенти, итн, посеветно, секој ден работат и секој ден доаѓаат до нови и нови сознанија во врска со археолошките ископини што ги вадат и во врска со историјата на ова парче земја на кое што денеска живееме и со гордост ја нарекуваме Република Македонија.

Така што, тоа се инвестиции што Владата оцени дека се дел од приоритетите. Многу луѓе денеска прашуваат како најдовте пари за ова, како најдовте пари за она, за културата, за археолошките ископувања, за многу дела во културата, за некои други работи.

Значи, се работи за приоритети. Оваа Влада, меѓу другите приоритети, во врвните приоритети ги смести овие проекти од културата.

Го спомнавте проектот за облакодерите, за што во медиумите во последниве денови слушнав различни приказни.

Прво, сакам да ви кажам дека тој проект е проект на општина Центар и веројатно градот Скопје ќе си има свое влијание, но е подржан и од Владата на Република Македонија. Не гледам причина зошто некој да биде против тоа да може на некое место во Скопје да се изградат високи згради. Висината колку што знам е определена на 300 метри висина, што според експертите, за таков вид на згради, висококатници, треба да изнесува помеѓу 50- 60 ката висина. Се разбира, во една транспарентна постапка, на меѓународен јавен тендер ќе биде дадена можност на компании кои ќе сакаат да градат, да дојдат да лицитираат на меѓународен тендер, да го откупат земјиштето и во определен рок што ќе биде разумен, да ги изградат тие згради што ќе можат да бидат сместени различни работи. Почнувајќи од деловен просто, можеби хотели, можеби ресторани или било што друго што ќе се оцени да го има Скопје. Не ја гледам причината зошто со една таква ниска самодоверба се приоѓа кон една ваква идеа. Навистина не можам да ја најдам причината штое тука лошо, што е тука грдо ако се определи парче земја во Скопје, во главниот град на Македонија на што ќе се направат нешто повисоки згради да речеме од највисоката зграда што е сега, а тоа е зградата на МТВ.

Не можам да разберам што има тука лошо. Тоа не можам да го разберам. Обично, во други држави е гордост кога ќе се изградат високи згради. Кај нас се зема со страв, со негодување, грдо било, вакво било, такво било. Секаде тоа е украс на градот, на главниот град, кај нас само има стравување еве од неколку пратеници дека тоа може да биде лошо за главниот град. Времето ќе покаже дали е тоа така. Ако се оди по ред, септември-октомври некаде би требало да се готови тие урбанистички планови од општините и од градот, Владата тогаш веднаш ќе пристапи, откако се ќе се расчисти имотно-правно ќе пристапи кон давање на меѓународна лицитација. Доколку се јават инвеститори, нека дојдат, нека градат. На крајот на краиштата тоа е инвестиција. Една зграда да се изгради не три тоа е сериозна инвестиција. Тоа ќе има свое влијание на многу други рабити во државата.

Така што, не знам од каде најдовте мотив толку многу да напаѓате еден таков проект, во кој што да е во други држави, со гордост говорат и граѓаните и медиумите итн, каде што Владата нема да вложи ниту банка, ниту денар, нема да бидат вложени државни пари. Се работи за инвестиција на приватни инвеститори. Единствено општините, со подршка на Владата ќе им дадат дозвола да ги направат повисоки, се разбира, по сите меѓународни стандарди потребни за градење на такви згради. Тоа е околу облакодерите што ги спомнавте.

Исто така, го спомнавте театарот во Скопје, градската куќа, и тоа ви изгледа многу грдо. Јас не можам да замислам зошто грдо ако еден театар од едно време, што има убави спомени кај многу скопјани, што претставува место и зграда со што навистина можеме да се пофалиме со одредени традиции од минатото, за одредена архитектура, не се реобнови. Такви реобновувања имаше во многу држави, во многу градови. Некои од нив заради земјотреси како кај нас, некој заради војни што имале во минатото, заради други настани во кои што дошло до рушење на некој објект или конечно можеби заради интервенции за време на комунистичкиот период. Така што, и тука не можам да ја најдам загрижесноста зошто ќе се гради театарот во Скопје, зошто ќе се гради градската куќа.

Јас, исто така, сакам да го поставам прашањето зошто со години вашите влади, во кои што вие учествувавте како политичка партија и министрите за култура ветуваа дека ќе се изгради тој театар. Ако не беше убав, ако не чинеше, зошто претходниот министер за култура во Владата на СДСМ, ЛДП и ДУИ едно десет пати најави дека ќе го гради тератарот во Скопје, па започнале некакви си активности, зошто во сите претходни влади се зборуваше дека тој тератар треба да се изгради и дека бил приоритет на секоја Влада. А сега, кога започна изградбата, кога се виде дека се одни на финализација, се зборува дека можеби не е добро да се гради тој театар.

Значи, само да се опонира. Само да се оди против независно дали нешто е добро или лошо.

Градската куќа е исто така една маркантна извонредна архитектура, за која што поголемиот број на сите експерти што ги сретнав, а ги сретнав многу, со  многу од нив се консултирав, кажаа дека навистина ќе биде нешто изворедно за градот Скопје.

Го спомнавте Музејот на македонската борба што е во фаза на урбанистички планови во општините. Зад тоа стои и Владата на Република Македонија. Тој е дел од нашата Програма. Беше дел уште од пред изборите и на самата Влада градење музеј на ВМРО, на Внатрешната македонска револуционерна организација и градење на музеј на жртвите од комунизмот.

Не знам зошто треба да бегаме од нашата историја? Музеите немаат намера, ниту интенција да определуваат кој бил во право, а кој бил виновен за нешто. Музеите, секаде во светот ги покажуваат фактите, ги покажуваат фотографиите, документите, оригинални документи, покажуваат писма, покажуваат нешто што е атрактивно за секој граѓанин кој сака да истражува историја или кој сака да се запознае со историјата на одредена држава. Исто така, го критикувате делот зошто ќе имало восочни фигури.

Прво, сакам да ве запознам дека двата музеи, според планот, проектирано е да бидат составени од два дела. По еден дел фактографски да бидат покажани документи, писма, фотографии и се друго што влегува во историска документација за одреден период. Периодот на владеењето на комунизмот и многуте жртви што ги донесе тој комунизам, со праќање на Голи Оток, со праќање во затвори без пресуди, со конфискација на имот, и заради тоа што им се случувало, не знам, во книжарница да влезе некој кого власта не сака и веднаш му ја конфискуваат книжарницата или некој друг локал.

Не траба да бегаме од нашата историја. Нема никаква претензија тоа да бие музеј на некакви вакви сили или на такви сили. Во секој музеј се прикажуваат фактите. И оние кои се допаѓаат на една држава и на еден народ и на тие што можеби не им се допаѓаат нивните ставови и активности во минатото што можеби не биле по вкусот на некои луѓе, но тие се покажуваат.

Претпоставувам сте имале можност, или ако не сте имале, можеби некогаш ќе имате да отидете во музеите на Мадам Тисо во Лондон или во други градови каде ги има и ќе забележите дека таму ги има восочните фигури и на позитивните и на негативните личности од историјата. Ги има восочните фигури и на Хитлер, на Сталин, на многу личности од историјата што не се земени како позитивни за поголемиот дел на граѓаните кои живеат во нашето време, меѓутоа ставени се таму дека се дел од историјата. Во музеите се става дел од историјата од едно време. Не се става селективно, што е добро, а што лошо.

Така што, дополнително можам да потврдам дека покрај фактографската документација, фотографии, документи и слично, воштените фигури и креацијата што ќе биде направена ќе ја зголеми атрактивноста. Не само од Македонија, многу стрнци што ќе доаѓаат да отидат, да се запознаат со македонската историја, да се заопзнаат со еден дел, со два периоди што биле исклучително тешки. Едниот од врмето на Внатрешната македонско револуционерна огранизација кога, што илјадници македонци, во една организирана борба се бореле за ослободување на Македонија и живееле еден исклучително тежок период со многу жртви, со многу понижувања, со многу ранети, многу откажувања, многу откажувања на дигнитетот, го преживееа периодот и дадоа придонес во изградбата на она што денеска го имаме независна и слободна Република Македонија.

Не ја гледам причината зошто треба да се плашиме и да бегаме од тој перод, да не ги

покажеме документите, да не ги покажеме фактите, да не ги покажеме историските личности, независно кој од нив ги сметаме позитивни, а кои негативни.

Зошто да бегаме и од периодот 1943-1990 година на владеењето на комунизмот, во кој што многу луѓе неправедно беа осудени, неправедно беа испратени на Голи Оток, неправедно беа убиени или умреа по затворите, како што се Ченто, како што е Брашнаров, како што се многу други луѓе кои се бореа за ништо друго туку за слободна и независна Македонија. Тоа беше нивниот грев. Тоа беше проблемот што и го создадоа на тогашната држава и заради политички убедувања беа егзекутирани на свиреп начин. А, нивните семејства беа понатаму прогонувани.

Зошто треба да бегаме од градење на еден таков музеј. Што ви пречи во еден таков музеј во кој има простор за сите, како што кажав и за позитивните и за негативните личности од историјата. Во Музејот на жртвите од комунизмот, не треба да бегаме од личности како што се Колишевски, не треба да бегаме од личности кои се од другата страна. Затоа што и тие биле дел од историјата. Тоа е тоа. Значи, нема никаква претензија некој да се фаворизира. Се надевам дека работите со тој музеј ќе течат добро и дека до крај на годината ќе се завршат сите урбанистички планови, тендерите за идејно решение се веќе завршени, колку што знам, колку сум запознат од министерот за култура, тендерот за главен проект, а потоа и тендерот за изградба. И некаде следната година да започне изградбата на Музејот на македонската борба во кој што без никаква предрасуда ќе се покажат историските факти и личности и ќе се привлечат многу Македонци. Меѓутоа и многу странци да дојдат и да го посетат тој музеј. Да научат многу повеќе за историјата на оваа држава.

Ја спомнавте и надградбата на Собранието, проект за кој што, колку што знам, на почетокот имаше согласност од сите пратеници. Тука не можам да видам во што е проблемот, што купола или не знам што ќе имало, колку што сум известен, од она што вие го говоревте. Или, куќата на Мајка Тереза, исто така музеј за кој што тендерот за идејно решение заврши. Сега следува тендерот за главен проект, за изведба, за што се надевам дека до крајот на годината и двата ќе завршат. Дека некаде следната година ќе започнат. Како и другата инвестиција во културата, а тоа е изградба на концертна сала за потребите на Македонската филхармонија што со години, со децении немаше место каде да се смести и работи во исклучително тешки услови. Исто така и за овој дел е отворен конкурс за тендер за идејно решение.

Тоа се неколку работи на кои што сакав да одговорам.

Конечно уште еднаш експлицитно да ви кажам, да, за сите овие проекти консултирани се експерти, консултирани се историчари. Како што кажавте во делот каде има музеи поврзани со историјата и тоа не еден или двајца. Консултирани се 10-15 историчари и од сите што ги консултирав оваа идеа наиде на поздравување. Меѓутоа, секогаш кај експертите има различни мислења. Не можете да соберете 10 архитекти а да очекувате сите да имаат исто мислење. Таква е професијат. Имаат одредена доза креативност, одредена доза на вкус, на нешто што се нарекува стил, така што е сосема нормално за едни експерти архитекти едно нешто да е идеално или одлично, а за други да не е толку добро или идеално или да мислат дека сосема поинаку треба да се направи. Како и за многу други области во животот што има подлелени мислења, може и за ова да има поделени мислења. Но од оние што ги консултирав чии совети ги консултиравме и јас и Министерството за култура, можам да потврдам дека мнозинството ги подржуваат овие проекти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Роза Топузова Каревска:** Не сум задоволна од одговорот.

**Љубиша Георгиевски:** Дали сакате да поставите дополнително прашање?

Имате три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Очигледно дека не се разбираме ако не излезам на говорница затоа што моето прашање, почитуван премиер беше во сосема друга насока.

Прво, не знам зошто толку објаснувавте за Скопско кале, затоа што очигледно не сте ме следеле воопшто. Реков дека единствена светла точка е Скопското кале и немаше потреба да ме убедувате. Тоа го кажав на самиот почеток и тука е во ред.

Се она што говоревте беше дел што ви беше подготвен за интерпелацијата на Владата да ни кажете кои се проекти ги имате. Меѓутоа, морам да ви кажам дека страхувањата не се од неколку пратеници. Освен мене не знам дали некој го отвори ова прашање, но страхувањата се од целокупната македонска јавност некоја, која што разбира. Меѓутоа, вие најверојатно не ги следите медиумите. Или, следите само она што вам ви одговара. Обидете се да прочитате и малку спротивставени мислења.

Апсолутно не сум забегана од сопствената историја и мислам дека треба да се афирмира сето она што било позитивно од нашата историја. Она што било негативно треба да го знаеме, но без да го афирмираме. Тука сме на чисто. Но, и не говорев околу тоа.

Моето прашање беше посуштинско. Во насока на она што ќе се гради, на она што претставува раплика, како тоа ќе изгледа како еден цел концепт. Дали тука има елементи на естетско? Сосема поинаку го поставив прашањето.

А тоа, дека вие ја искористивте говорницата да прочитате она што го имавте како подготвен текст да кажете колку оваа Влада работи, тоа ќе покаже времето и ќе видиме.

Мојата мисла беше поинаква. Немам ништо против, апсолутно и јас, како и вие се гордееме со минатото. Што мислите дека само патриотите седите од оваа страна?! Па и ние ја чувствуваме Македонија како наша земја. Немојте така да ги делите луѓето. Не е чесно. И ние сме работеле во тие области и знаеме нешто повеќе. Но, токму во таа насока ви кажав дека не е добро она што го сакате.

И, да. Нема да отидам во Лондон во музејот на Мадам Тисо. Затоа што моите естетски критериуми се на многу повисоко ниво. Тоа време ќе го потрошам на сосема друго.

Благодарам, меѓутоа ова е многу сериозна забелешка, а јас сакм и естетските критериуми на народот да ги подигаме, а не и она што е традиција и култура да го доведеме до едно ниво на работ на кичот и непристојноста.

Ве молам, овој народ не го залужува тоа. Овој народ, се што имаме почива на високата уметност што постоела пред векови овде, нашето културно наследство. Ние, навистина имаме многу поинакви естетки перцепции. Кога велам ние мислам за сите луѓе кои живеат во Македонија. Не заслужуваме да се враќаме назад. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господинот Ружди Матоши.

Повелете, 10 минути плус 3 за дополнително прашање.

**Ружди Матоши:** Благодарам.

Господине претседател,

Јас денеска имам три прашања. Но, прво сакам да ви се заблагодарам вам, господине претседател што секој четврток се одржуваат седници за поставување на пратенички прашања. Но, вие тоа го поместивте за среда, за да не се изгуби овој ден многу значаен за граѓаните. Ја запознавам јавноста дека во изминатиот мандат, во вакви случаи се одминуваше без да се одржи тој ден за поставуање на пратенички прашања. Моите прашања се три и се доста интересни и од областа токму на граѓанството и нивниот интерес.

Првото прашање е до Министерството за локалната самоуправа или има можност да ми даде одговор и некој друг министер. Не е проблем.

Во општина Тетово и Струга имам неколку проекти кои ќе се направат со буџетски средства,но се тесно поврзани со локалната самоуправа. Треба да поминеме некои процедури во советите на општинската власт.

Во Тетово има три маркантни проекти кои се посебни за граѓаните на Тетово, како што е проектот за водоводот.

Во Тетово каде се бара од локалната самоуправа да се направи, колку што е можно побрзо, експропријација за поминување на цеквите и да се направи експропријација од причина што тоа го бара самиот закон. Додека локалната власт до сега е пасивна и нема преземено ништо за да ја направи оваа работа која ќе биде за побрзо доаѓање на граѓаните до искористување на вода за пиење од Шара.

Вториот проект е токму за библиотеката во Тетово која е многу значајна. Библиотеката е прашање кое секој ден станува се позначајна за граѓаните на Тетово, која библиотека сега има голем квантум на корисници на книги. Имотно-правните односи на библиотеката во Тетово се завршени како прашање, меѓутоа, општина Тетово сеуште не прави ништо за да помине на Советот на општината и да се планира како нешто што ќе претставува урбан елемент и кое законски припаѓа да се потврди истата кај Советот на општината.

Исто така во селото Порој, заменик министерот на локалната самоуправа Советот на општината Тетово треба да даде согласност како проект кој е неопходен за селото Порој.

Второто прашање е до министерот за финансии и е во однос на граѓаните кои својата економија ја имаат ориентирано кон тезгите или како ги нарекуваме тезгаџии. Тие еден ден протестираа во градот Скопје и побараа да се ослободат од фискализација.

Господине министре, многу е значајно да им се излезе во пресрет на овие граѓани затоа што навистина се луѓе кои со тешкотија обезбедуваат егзистенција. Добро е да дадете дополнително појаснување или доколку има можност да се искористи најмалата можност овие луѓе да не бидат принудени на фискализација или да постават фискални каси, од причина што се работи за еден многу сиромашен слој, слој, кој по мое мислење, вашето Министерство треба да изнајде алтернатива и да им излезе во пресрет или помош за да продолжат понатаму со својата дејност. Верувам дека треба да направите споредба со земјите во Европската унија или со најмладите членки на Европската унија како што се Бугарија и Романија. Доколку тоа не им било поставено како услов и вие тоа да го направите за овеи луѓе и повторно да одиме во онаа паушална форма и да им се најде решение на овие страдалници кои навистина многу се потат за да обезбедат егзистенција.

Третото прашање е до премиерот, но премиерот не е тука, истото може да го одговори господинот Ставрески, не е проблем.

Прашањето е во однос на слободната технолошка зона која се дебатираше за дел од општина Тетово. Тој проект се поздрави од граѓаните од Западна Македонија. Причина за тоа е што е долго очекуван проект и ќе има многу високи позитивни ефекти во развојот на економијата, стопанството, развојот на идните перспективи, се разбира ќе биде една објавена борба кон невработеноста на овој пазар.

Години по ред не се инвестирало во овие зони, оваа инвестиција или издавањето на можноста да дојдат инвеститори, да им се даде можност да инвестираат во овој регион е многу позитивно.

Затоа барам од премиерот да ми даде објаснување за роковите за да дознаат граѓаните до каде се работите на оваа зона која е многу очекувана за граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

На првото прашање ќе одговори заменик министерот за локална самоуправа.

**Сенат Оџоски:** Благодарам почитуван претседателе.

Му се заблагодарувам на пратеникот Матоши за поставеното прашање. Со оглед на тоа дека немаме доволно информации од страна на општина Тетово, затоа би го замолил пратеникот да прифати писмен одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Второто прашање беше поставено до министерот за финансии. Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Едно објаснување дека обврската за регистрирање на готовинските плаќања на таканаречените зелени пазари произлегува од Законот за регистрирање на готовинските плаќања кој е донесен уште во 2001 година. Направени се неколку измени кои не го засегаат прашањето кое го постави почитуваниот господин Матоши.

Според планот на Управата за јавни приходи од 1 јули тече обврската за фискализација на зелените пазари. Управата за јавни приходи и Министерството за финансии, како и Владата на Република Македонија не може, согласно Законот, за отстапи од овој процес кој води кон заокружување на процесот на фискализација.

Но, сакам да го истакнам следното, дека обврската за регистрирање на готовинските плаќања е најмалку насочена кон посиромашните слоеви од населението кои заработуваат доход на зелените пазари.

Јас ќе го цитирам членот 9 од Законот кој го спомнав, според кој "обврската за издавање на фискална сметка не се однесува на даночни обврзници кои данокот од доход за приходите од вршење на дејност го плаќаат според паушално утврден нето приход, освен таксистите".

Второ, прометот на непреработен и сопствено земјоделско производство од лица кои не се трговци, а прометот го вршат на терзги на пазари како и надвор од пазарите. Има и други отстапувања или таму каде не важи обврската за фискализација, но овие се најинтересните за јавноста.

Значи, земјоделски производители кои изнесуваат на пазарите сопствено земјоделско производство немаат обврска за поседување на фискален апарат. Тие единствено да го регулираат својот однос со сопственикот или организаторот на пазарот треба да имаат една потврда дека се такви производители од подрачната единица за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Ова, како што некогаш се спомнува во јавноста не значи дека со тоа се регистрираат како земјоделци. Процесот за регистрирање на земјоделците е сосема поинаков. Значи, единствено потврда со која подрачната единица потврдува дека односното лице има извесно земјоделско производство и може да настапи на пазарот и да врши промет на непреработено и сопствено земјоделско производство, не е трговец, прометот го врши на тезга на пазар, како и надвор од пазарот. Тие лица немаат обврска да поседуваат фискална сметка.

Во нашиот јазик одамна овие пазари ги нарекуваме зелени пазари. Ние би сакале тие пазари навистина да гозадржат епитетот зелени пазари. Пазарите се претворија во се, освен зелени пазари.

Оние лица трговци кои вршат промет на производи кои можат да се сретнат и во малопродажната мрежа се обврзани да се регистрираат како трговци поединци. На тој начин да ја вршат својата дејност и на пазарите.

Според Уставот загарантирана е слободата на претприемништвото што од друга страна значи слобода и фер конкуренција. Конкуренцијата се нарушува доколку ист вид на стока се нуди на одделни места под повластени услови каде не се плаќа данок, тоа го става во предност таквиот трговец во однос на други трговци кои исто така сакаат да обезбедат егзистенција, но ги плаќаат давачките кон државата.

Значи, мерките за фискализација кои произлегуваат од Закон кој е усвоен уште во 2001 година не се однесуваат на земјоделските производители. Тие се однесуваат на лица кои вршат промет на стоки кои можат да се најдат и во малопродажната мрежа.

Само да спомнам дека во изминатите неколку месеци Управата за јавни приходи интензивно, на лице место на самите пазари очи во очи го имаат објаснувано процесот и обврските за учесниците на пазарот. Стигнато е речиси до секој постојан учесник на пазарот. Под учесник мислам од страната на понудата - продавачите. На нив им е јасно, нашите сознанија упатуваат на фактот дека протестите не се организирани од категориите што ги спомнав или за кои сме загрижени или за чија егзистенција сме загрижени, кога егзистенцијата е во прашање. Сепак социјалната политика треба да се издвои од фер натпреварот на пазарот. Тука има социјални моменти, но Република Македонија има воспоствен систем на социјална заштита и тој систем треба да функционира за заштита на било која категорија на граѓани.

Овие протести се организирани од лица кои солидно заработуваат вршејќи една нефер конкуренција со тоа што избегнуваат да плаќаат данок на државата. Токму заради тоа мислам дека не треба воопшто да бидеме загрижени, оние лица кои обезбедуваат стока со свој труд - земјоделците немаат обврска да поседуваат фискални апарати и тоа го знаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Третото прашање беше упатено до премиерот, односно заменикот, повелете.

**Зоран Ставрески:** Благодарам претседателе.

Благодарам на почитуваниот пратеник за поставеното прашање во врска со слободната економска зона односно технолошката индустриска развојна зона во Тетово. Се согласувам со неговите ставови по однос на тоа дека воспоставувањето на една таква зона во тој регион сигурно ќе придонесе за економскиот развој на регионот, за привлекување на инвеститори кои ќе овозможат да се отвораат нови работни места и постепено да се решава проблемот на голема невработеност. Веројатно домашните фирми ќе имаат корист преку процесот на поврзување со странските фирми кои ќе се лоцираат во таа зона, од кои очекуваме да донесат повисок степен на технологија.

Како што е познато во Владата на неодамнешната седница веќе донесе одлуки генерално за отпочнување на процесите во однос на оваа зона и уште две други во поглед на активирање на соодветните институции и да ги завршат оние подготвителни активности и тие активности веќе се почнати, практично Министерството за транспорт и врски - Дирекцијата за слободни економски зони односно технолошко индустриски развојни зони, Катастарот, Имотно - правни односи веќе работат на формирање на урбанистички план за зоната. За тоа ќе биде потребно околу два до три месеци и кога тоа ќе се заврши, практично зоната ќе може да се прогласи од јавен интерес и да се реализира процесот на експропријација на приватниот имот затоа што има неколку парцели во рамките на вкупната зона кои треба да се експроприраат со цел да може потоа да се гради на тој дел. Во меѓувреме ние нема да губиме време, во истиот интервал практично се работи на подготовки на тендерот за ангажирање на компанија, ќе биде меѓународен тендер за ангажирање на специјализирана компанија за развој на зоната и изградба на зоната. За оваа зона, како и за зоната во Штип, Бунарџик 2 во Скопје, планираме ангажирање на странски компании кои се специјализирани за изградба на зони кои многу добро го познаваат процесот, кои многу добро знаат како треба да изгледа зоната од инфраструктурен и друг аспект и кои во побрз период ќе можат да привлечат странски фирми, односно да ја пополнат зоната и да им помогнат на тие фирми со финансиски средства да ги изградат халите и слично.

Вкупно очекувам целиот процес, како што можете да видите се работи за комплексен процес во кој е потребно, посебно со решавањето на овие имотно - правни односи извесно време, очекувам вкупно од процесот до крајот на годината да се заврши и некаде пред крајот на годината да се почне со изградба на инфраструктурата и другите компоненти во зоната во Тетово.

Значи, еден долгогодишен проблем или проект кој само бил на хартија и кој само се спомнува усно, а за пет - шест месеци ќе биде стварност, односно ќе почне да се гради. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи господинот Бучковски е отсутен, има збор господинот Сафет Незири, повелете 10 минути плус три минути за дополнително прашање.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседател.

Сакам да поставам прашања до претставникот на Министерството за култура, до претставникот на Министерството за транспорт и врски, како и до господинот Никола Груевски. Но, во меѓувреме, додека да дојдам до третото прашање верувам дека господинот Груевски ќе биде присутен во салата, мислам дека тој треба да ми даде одговор.

Бидејќи малку порано се спомна тоа, имам обврска да се надоврзам, пред да го поставам прашањето до Министерството за култура, бидејќи се прават конкретни чекори од страна на оваа Влада за сензибилизација на историските случаи, на историските споменици, на движењето на револуционерната македонска организација или во текот на војната на македонскиот народ, војната за слобода и независност.

Исто така имам прашање кое е идентично со културата, со културното наследство, со историското наследство на граѓаните на град Скопје.

Поставувам прашање до каде е стигнато со процедурата на признавањето на културните споменици, историските споменици на двата дома на Јашар Беу во Скопје и Ќемал Теа на Скопје кои припаѓаат на семејното стебло Кумбара, како наследство на албанската култура и на другите граѓани на град Скопје во целост.

Во јануари 2007 година Советот на град Скопје со консензус или едногласно без оглед на партиската и националната припадност донесоа одлука овие два дома, овие две куќи како историски споменици се ставаат на директен начин под заштита на државата.

Една таква одлука донесе исто така, едногласна одлука без оглед на политичката и националната припадност и општинскиот совет на Чаир. Мислам дека Скопје треба да има меморијален центар, културолошки, историски меморијален центар на Албанците, меѓутоа и на сите граѓани кои живеат во град Скопје. Се смета дека ова семејство Комбара кое што живее во град Скопје има еден многу ран зачеток, дури според некои историски и археолошки верување се смета дека има потекло можеби од античко време и во продолжение во средновековието, меѓутоа и до денешните денови. И ова семејство Комбара се преплетува со разни култури, историски движења во еден долг историски период. Покрај овие две куќи се смета дека до 1363 година со стилот на градењето што припаѓа на 19 век до 1963 кога беше земјотресот во Скопје на 26 јули постоеле се на се 24 куќи, меѓутоа сега останале само овие две куќи или два објекта. Еден историски дел за

значењето и тежината на овие две куќи. Се смета дека во текот на периодот на 19 век односно во текот на 1844 година во Антиосманлиската војна семејството Комбара има инвестирано директно финансирање во Антиосманлиската војна на востанието на Дервиш Цара каде што учествувале исто така и други националности кои што живееле во тогашна Македонија. Во мандатот на Јашар Бег во Скопје кој во текот на 1888 година, а тој во 1881 година се сметаше како градоначалник на град Скопје, кој што според историските податоци од Отоманскиот период се смета дека бил човек со висок кредибилитет и авторитет и кај Македонците и кај другите граѓани кои живееле во град Скопје. Ова мое прашање е со цел да се дознае до каде е постапката или процедурата, затоа што Советот на Град Скопје и Советот на општина Чаир донесоа одлука овие две куќи или објекти да се стават под директна заштита на државата.

Второто прашање е до Министерството за транспорт и врски. Зошто се прекина и до каде е процедурата или постапката за продолжување на завршувањето на поставувањето на системот за канализација меѓу населените места на селото Стајковци и во насока на Асан Бег или пак Сингелич, еден дел од Ченто или пак продолжение до Инџиково. Според информациите, затоа што јас доаѓам од тоа населено место Асан Бег - Ченто, почнато е во селото Стајковци, продолжува на влезот на Асан Бег, се прекина на пола Асан Бег во делот кој што гравитира кон населбата Ченто, продолжува до Инџиково. Според револтираноста на населението, посебно на Инџиково, затоа што некои домаќинства се вклучени во делот кој што гравитира од Асан Бег, Ченто до Инџиково, во системот за канализација и загадените води се излеваат на сред селото Инџиково. Не се гледаат никакви позитивни сигнали во таа насока оваа проблематика да се надмине или пак да се заврши овој систем на канализација во делот Стајковци, Асан Бег, населба Ченто до населеното место Инџиково.

Се поставува прашањето дали го има предвид овој период, краток временски период и периодот на летото за да се заврши овој систем и доколку се заврши дали има шанса и други делови од овие населени места што ги спомнав, да се вклучат во секундарниот систем.

Јас, господине претседател, чекам господинот Груевски да биде присутен во салата за да го поставам прашањето до него. Сега, не знам како оди процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Вице премиерот ќе ве сослуша, имаме таков механизам, повелете.

**Сафет Незири:** Во ред. Јас мислам дека тој требаше да биде присутен тука, меѓутоа како и да е.

Пред некое време ние сме сведоци на случајот и речиси во јавноста е проблематизаран процесот на продолжување на имплементација на Охридскиот рамковен договор, посебно при правичната и соодветната застапеност на припадниците на етничките групи во Република Македонија, во државната администрација како државни службеници. Многу добро знаеме дека во текот на 2006 година сме имале неколку конкурси за нивно вработување и со бројот 81 до ден денес останале надвор од овие државни институции како државни службеници. Пет конкурси, како што ги спомнав порано, меѓутоа ќе ги спомнам по броеви со години. Така, бројот 15, 2006 година објавен на 1 јануари, 33. Добро што дојде господинот Груевски за да слушне, мислам дека тој најдобро ќе одговори. Значи, добро е што дојде господинот Груевски за да го ислуша моето прашање во оваа насока. Се знае дека со бројот 15 од 2006 година објавен на 1 јануари се предвидени 33 вработувања. Бројот 55 од 2006 година објавен на 3 март 18 лица да се вработат. Конкурсот со бројот 99 од 2006 година од 20 мај за вработување на 26 лица. Конкурсот со број 100 од 2006 година со 13 вработувања. Конкурсот со број 102 од 2006 за 26 вработувања, блокирани се и лицата воопшто немаат никакви информации за нивниот статус. Иако, од Комисијата за избор на кандидатите е направено утврдување на кандидатите кои ги исполнуваат условите за вработување и доволно е ова да го знаете дека се говори за министер од вашиот кабинет на 17 декември 2006 година министерот за финансии, господинот Трајко Славески дал согласност за продолжување со работа на овие лица, но и понатаму овие лица не се ангажирани. Така се случи во февруари 2007 година министерот Трајко Славески повторно дава согласност меѓутоа и понатаму нивниот статус е нерешен. На крај, 2007 година исто така имаме уште една согласност од Министерството за финансии и се поставува прашањето на крајот, зошто не се направи вработување на овие кандидати, која е целта и мотивот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Првото прашање беше доставено до претставник на Министерството за култура, повелете.

**Слободан Деспотовски:** Благодарам претседателе.

Што се однесува до прашањето на пратеникот јас не сум запознат дека постои таква процедура. Мислам дека такво барање воопшто не е поднесено во Министерството за култура. Тоа ќе го проверам и ќе му биде писмено одговорено на пратеникот. Повторувам, колку што знам такво барање нема поднесено до Министерството за култура, до Управата за културно наследство.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи, одговорот ќе биде писмен.

Второто прашање беше поставено до министерот за транспорт и врски. Повелете господине министре.

**Миле Јанакиевски:** Благодарам.

Во врска со прашањето за изградба на канализација во потегот Стајковце, Сингелич и Инџиково, па се до реката Вардар, овој проект

воопшто не се реализира во Министерството за транспорт и врски. Овој проект го знам, затоа што бев директор на Јавното претпријатие Водовод и канализација. Овој проект делумно е реализиран од средствата од градот Скопје, од Јавното претпријатие водовод и канализација и од општина Гази Баба. Доколку поднесат барање општинта Гази Баба и градот Скопје, Министерството за транспорт и врски и Владата на Република Македонија секогаш се спремни да помогнат, бидејќи се работи за круцијален проблем, решението ќе се изнајде, но се потребни средства од околу 5 милиони евра. Значи потребна е контрибуција од градот Скопје и општина Гази Баба, а доколку се потребни дополнителни средства, треба да поднесат барање до Министерството за транспорт и врски од оние годишни средства што ги одобруваме во месец февруари или март.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Сафет Незири:** Всушност, јас мислам дека овој одговор беше многу краток и не доста прецизен, па се поставува прашањето кој е односот или извештајот на Министерството за транспорт и врски во релација општина Гази Баба и Совет на град Скопје. Затоа што, овие населени места гравитираат кон општина Гази Баба, а општина Гази Баба е урбана општина односно општина на метрополата на Македонија. Додека вие не можете да го уредите ова прашање на административен начин, со или без барање навистина многу граѓани се оштетени на овие населени места. Сметам дека треба колку што е можно побрзо вашето Министерство да преземе конкретни чекори, да седнете да разговарате и со Коце Трајанов исто така и со градоначалникот на град Скопје и да го решите овој проблем колку што е можно побрзо, затоа што навистина во зимските услови, посебно кога имаме големи врнежи таму не се поминува и не се знае дали сме афричка земја или некоја азиска земја. Воопшто не личи на населено место кое што припаѓа и гравитира на градот Скопје. Затоа, јас би апелирал колку што е можно побрзо тоа да се реши, затоа што граѓаните се многу револтирани. Јас ве известувам дека има индикации во иднина граѓаните да преземат и поконкретни мерки во насока на заштита или зачувување на нивните интереси и права. Ви благодарам.

Би побарал по можност уште еден одговор во писмена форма во насока на релацијата какви односи има и дали може да се изнајде решение меѓу локалната власт на општина Гази Баба и градот Скопје.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Третото прашање беше поставено до господинот премиер.

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Што се однесува до исполнувањето на К5 Програмата сакам да кажам дека тоа е еден од приоритетите на Владата. Владата веќе има објавено конкурс за 250 нови лица да бидат примени по К5 Програмта и тој конкурс е во неговиот финиш, така што очекувам во наредните месец до два таа работа да биде завршена и во истиот период ќе биде објавен уште еден таков конкурс за приближно ист број на лица. Тоа ќе биде еден значаен напредок во исполнувањето на правичната застапеност, а исто така има и други моменти во таа насока, надвор од К5 Програмата. Исто така, има подобрување на процентот на вработени во јавната админинистрација, во државната администрација кои се припадници на етничките малцински заедници во Република Македонија.

Покрај ова, Владата многу инвестира и во делот на правење на секретаријат наместо сектор како што беше досега во Владата, секретаријат за Рамковниот договор, за имплементација на Рамковниот договор и тоа е веќе нешто што во Владата веќе го усвоивме, така што е во една процедура.

Сакам да кажам дека тоа е една од неколкуте работи што се останати од исполнување на Рамковниот договор и ние обрнуваме големо внимание на тоа. Во Буџетот предвидовме три и пол пати повеќе пари во оваа година во споредба со претходните години за оваа намена, за да се вработат што повеќе припадници на етничките заедници во Република Македонија, Албанци, Турци, Роми, Бошњаци, Срби, Власи и останати, така што тоа ќе продолжи да биде наш приоритет. Неодамна ние усвоивме стратегија з аправична застапеност на заедниците и за сите детали поврзани со тоа.

Имаше и поспецифични прашања за некакви согласности дадени, повлечени итн, немам информација во овој момент за тоа. Доколку дозволи пратеникот за тоа би можеле писмено да му одговориме во иднина.

Но, уште еднаш сакам да потврдам дека Владата, сите партии во Владата, во владиното мнозинство, во парламентарното мнозинство се деклариравме и исто така го исполнуваме тоа што сме го ветиле да дадеме силен придонес што побрзо и побрзо отколку што беше предвидено да заврши овој дел од Охридскиот рамковен договор, а тоа е правичната и етничката застапеност во администрацијата на што, како што кажав, вложуваме и многу повеќе пари од Буџетот и многу повеќе внимание во Владата. На пример, на секоја седница имаме три пред точки пред да ги почнеме точките на дневен ред. Едната е за НАТО, втората е за Европската унија и третата секогаш е за спроведување на Охридскиот рамковен договор, одејќи точка по точка, што е спроведено, што не е , што треба да се направи во детали, давање задачи на секој министер што не завршил итн. Така, ние сме една сериозна политичка гарнитура која што кога ќе влезе во една операција, во нешто што е важно за државата, таа тоа и го исполнува.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Господине Незири, иако времето ви е исползувано до крај, моја задача е да ве прашам дали сте задоволен со одговорот.

**Сафет Незири:** Господине претседател, јас со одговорот воопшто не сум задоволен, затоа што јас поставив сосема поинакво прашање, дадов бројки, дадов датуми, бројот на вработувањата, бројот на конкурсите. Со 4 пати согласност од Министерството за финансии, додека господинот Груевски воопшто не ми одговори за тоа која е судбината на овие 81 лице кој што биле примени со конкурсот. Зошто овие лица се одбиени. Зошто 20 дипломирани правници, 20 дипломирани економисти, 23 менаџери на Царина и Шпедиција, доктори по ветерина и филозифија и техничари воопшто не се вработени. Навистина, барам писмен одговор, прецизен одговор во оваа насока.

Уште едно дополнително прашање имам, затоа што мислам дека господинот Груевски не ме слуша внимателно, меѓутоа тоа не е битно. Добро е да го земе стенограмот и да види какво прашање поставив. Во Министерството за внатрешни работи, пошто претседателот на Собранието е запознат со мојата забелешка.

**Љубиша Георгиевски:** Ова како дополнително прашање.

**Сафет Незири:** Пред 6 месеци или пак првите пратенички прашања што ги имавме во декември 2006 година јас поставив прашање до вас според Деловникот на Собранието, членот 39 вели дека во текот на десет дена, во рок од 10 дена јас треба да добијам писмен одговор. Но, веќе 6 месеци поминаа, а јас немам добиено никаков одговор. Сакам да знам зошто не сум добил одговор. Се работи за случајот на Риџел Хаџиу од делот на безбедноста во Македонија. Не сакам да елаборирам повеќе, ќе го земете стенограмот од тоа време да го разгледате и да видите, навистина сакам да знам од вас зошто немам одговор веќе 6 месеци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

Пред да и дадеме збор на госпоѓа Секуловска, претходно сака да одговори министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска.** Ако добро се сеќавам токму на таа седница пред некаде отприлика 6 месеци јас му одговорив на прашањето. Меѓувреме, преку службите не добив написмено дополнително прашање. Меѓутоа, ако ова треба да го третираме како дополнително прашање, во прилог на она што веќе усно ви беше одговорено, ние би се погрижиле да ви обезбедиме повеќе детали или истата информација, зависно од прогресот во конкретниов случај. Тогаш, на самата седница на Собрание јас одговорив на прашањето, така што воопшто не ми претставува проблем повторно да одговорам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам госпоѓице министер.

Тука завршуваме со тоа, времето е исцрпено.

**Сафет Незири:** Дали ви одговара и писмено да ми одговорите. Јас се согласив и реков барам писмен одговор. Министерката се согласи и рече дека ќе ве известиме благовремено писмено. Дури ми рече и уште ова, вие господине пратенику имате право во било кое време да наминете во Министерството за внатрешни работи и да се информирате. За тоа има стенограм. Сакам да кажам дека јас не се сложив со одговорот, не бев задоволен, дури и побарав од вас дали може писмено, вие ми рековте ќе добиете писмен одговор. Добро би било да ги видите тие стенограми и врз база на тие стенограми да ми дадете одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, госпоѓице министер.

**Гордана Јанкуловска:** Бидејќи воопшо не се работи за недоразбирање, јас многу добро се сеќавам на случајот, само потенцирав дека највероватно се работи за пропуст во процедурата. Бидејќи вообичаено е кога има дополнително писмено прашање, го добиваме написмено. Но воопшто не е проблем, сега од оваа седница ќе го добиеме и повторно важи отворената понуда за конкретниот случај, доколку сметате дека имате интерес, повелете во Министерството за внатрешни работи да извршите увид во предметот.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓо Секуловска, 10 минути, плус три минути за поставување дополнително прашање.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван претседател на Влада, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Првото мое прашање се однесува до почитуваниот вице премиер господинот Зоран Ставревски и е во контекст со проектот кој што е во тек, наречен Регулаторна гилотиња.

Прашањето е како резултат на лажната перцепција што се создаде во изминатиот период за божемно ефикасното и модерно работење на Централниот регистар на Република Македонија со практикување на едношалтерскиот систем на работа. Имено, тука имаме два проблеми, кои навистина им пречат на луѓето од бизнис сферата и бев, морам да признам замолена од чести средби со луѓето од бизнис сферата да го поставам ова пратеничко прашање до вас и вие да не запзнаете до каде сте со вашите активности преземени за подобрување на бизнис климата.

Значи што се случува со она што го затекнавме како промоција што значи едношалтерски систем, што значи Централен регистер, практично што и како функционира, кои се проблемите. Наместо она што се ветуваше, едноставно имавме голем број на лица во овој момент кои се жалат на спороста во работата на Централниот регистар, односно на едношалтерскиот систем, административно бирократскиот начин пречи, шетањето на клиентите по многу шалтери и

институции заради прибирање на потребните документи. Тоа е првото што многу пречи.

Второ, доста се реагира на големите трошоци кои се потребни при регистрација на фирма или извршување на некоја промена, а особено тука се потенцира, големи се трошоците и долг е патот до вадење на бонитет за учество на тендери и јавни огласи. Само како поткрепа на ова ќе ја наведам постапката и пратечките трошоци при добивање на мислење за бонитетот на правниот субјект. Имено,извод од регистрација на фирмата заради дејноста чини 500 денари, уверение од надлежниот суд дека правното лице нема правосилна пресуда со изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност чини 400 денари. Потврда од надлежниот суд дека над правниот субјект не е отворена стечајна постапка чини 400 денари. Уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки со 50 денари таксени марки, кои исто така треба да се купат на друго место. Понатаму, потврди за состојбите на сметките во деловните банки, кои се движат од 200 до 500 денари и на крајот, на сметка на Централниот регистар се уплаќаат 3.500 деанри за мислење базирано на последната завршна сметка, а ако е за последните 3 години се бараат повеќе истоветни примероци, тогаш надоместокот е уште поголем. Сета оваа документација мора лично да се обезбеди со трчање од шалтер нашалтер самото правно лице, наместо тоа за надокнада која ја зема Централниот регистар треба тој да си направи некоја банка на подтаоци, база на податоци од која ќе може веднаш Централниот регистар да ги даде сите тие потребни документи. Значи треба да се има предвид дека и при подигнување на тендерска документација се плаќа уште 500 денари за најмалите тендери, па до 25 илјади денари за поголемите.

Понатаму, знаејќи дека според Законот за јавни набавки секоја јавна набавка која е поголема од 3 илјади евра мора да оди преку отворен повик односно тендер, а тоа значи дека и најмалите фирми за да учествуваат на повикот треба да ги поднесат истите трошоци, се наметнува прашањето, ако трошоците се доста високи за поголемите фирми, тогаш што значат овие трошоци за помалите. Ако се соберат износите, ќе добиеме фантастичен износ господине вице премиер кој се движи од 100 до 500 евра, кој износ заедно со денгубите и малтретирањето на клиентите навистина претставува преголемо учество на овие трошоци во условно да речеме 3 илјади евра објавен тендер, а бонитетот знаеме дека е со важност од 6 месеци, што значи дека секои 6 месеци постапката се повторува доколу сакаме да учествуваме на некој нареден тендер.

Јас не се сомневам во вашите заложби за надминување на овие недостатоци, но би сакала да одговорите до каде сте со овие активности на овој план, се со цел да се надмине во формално-правна смисла конечно, Централниот регистар треба да свати дека треба да се постави онака како што своевремено беше промовиран и во целосна функција да биде ставен во поедноставување и олеснување на сите постапки на кои се упатени според Законот правните субјекти. Ова е моето прво прашање.

Второто прашање се однесува до вице премиерот за образование и здравство господинот Живко Јанкуловски. Не гледам дека е присутен но може да зборувам и да го поставам прашањето, нели.

Неодамна во Собранието го изгласавме Законот за основање на Факултетот за администрација и менаџмент на инфорамциони сиситеми. Согласно Законот за високо образование, се формираше Матична комисија која согласно Законот за високо образование има големи компетенции и надлежности за утврдување на рецензентни комисии за избор на наставници и соработници, кои треба да се вклучат во наставно-научнио ти едукативниот процес на Универзитетот за администрација и менаџмент на инфорамциони системи.

Јас како пратеник, бидејќи имам сознанија дека во таа Матична комисија нема баш најкомпетентни лица кои што се докторирани од областа, би сакала да бидам во најкраток можен рок информирана за следните податоци:

Ме интересира составот на Матичната комисија на Факултетот за администрација и менаџмент на информациони системи , за секој член поединечно сакам да го имам името и презимето. Понатаму неговото наставно научно звање за секој член, потоа на која област докторирал секој член од Матичната комисија и на кој предмет е избран секој член од Матичната комисија.

Исто така, по истиве точки сакам да добијам одговор за составот на рецензенската комисија, односно поединечно за секој член од рецензенската комисија која што согласно Законот за високо образование треба да биде најкомпетентна при избирањето на наставници и соработници, имено, првиот член на рецензенската комисија треба да биде човек кој е избран на предметот за кој што тој пишува рецензија. Значи сакам да знам точно кои се членови на рецензенски комисии по соодветни наставни дисциплини и секако оние податоци кои што претходно ги побарав и за членовите на Матичната комисија, се однесвуаат и за членовите на рецензенските комисии.

Ова го правам се со цел да укажам дека оваа Влада, бидејќи има заложби за подобрување на квалитетот во сите сфери на човечки активности, сметам дека образованието е една многу сериозна сфера каде навистина е потребно пристапот да ни е многу сериозен и да вклучуваме, бидејќи кога станува збор посебно за конституирање, за формирање, и самото име кажува матична комисија значи дека треба во неа да учествуваат најкомпетентни и најпрофесионални личности, кои треба понатаму да ги дадат насоките за работа на соодветната високо-образовна институција. Тоа е второто прашање.

Третото прашање упатено е до Министерството за внатрешни работи и госпоѓица Гордана Јанкуловска. Имено, почитувана министерке, јавното мислење покажува дека луѓето во Република Македонија се релативно задоволни од борбата против сите облици на криминал, вклучувајки го тука организираниот криминал. За поздравување се откривањетои решавањето на случаите со мега аферите Бачило, Фиком, денационализација, УПА-ентерпрајс и други поситни, пред се појавни облици како што е граничниот шверц-комерц, криминал, уличниот криминал, неиздавањето на фискални сметки и друго, но впечаток е дека граѓаните останаа без никакви информации што е со веќе објавениот и заборавен барем за јавноста случај со затворање на јавните царински складови на Фершпед заради наводно нелегално увезен шеќер, кога знаеме дека токму тој систем на царински складови е еден вид царина во Царина , односно држава во држава и дека токму тука лежат одговорите за присуство на безбројни акцизни и други стоки на црниот пазар.

Во врска со ова, во продолжение на прашањето, ме интересира и онаа афера што ја најави екс министерот за финансии господинот Никола Поповски, кој што сега е и колумнист и за жал до сега ништоне никажал околу таа афера што ја најави, а тоа е за пирамидалното затајување на данок во кое според него биле вмешани поголем број на фирми од Скопје и од други градови. Дали тоа било само предизборно мафтање на екс министерот или пак свесно кренал раце во неможност да се справи со тој вид криминал, како и со многу други. До колку е ова второто, јас ве прашувам почитувана министерке Јанкуловска, дали во вашиот ресор нешто се работи во врска и со двата спомнати случаи. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Првото прашање беше поставено до Министерството за финансии. Дали има претставник?

Повелете господине Ставрески.

**Зоран Ставрески:** И благодарам на почитуваната за прашањето поврзано со регулаторната гилотиња во целина, а и поконкретно во делот на Централниот регистар и проблемите со коис е соочуваат стопанствениците воодно на работата на регистарот.

Веднаш кога почнавме со работа ги идентификувавме овие проблеми за кои што станува збор, за кои зборуваше пратеничката и навистина би се согласил со неа дека во тој дел функционирањето на Централниот регистар не во целина, туку повеќе на едношалтерскиот систем не е баш најадекватно, туку повеќе станува збор за поедноставена процедура во делот на регистрација на фирмите, отколку поедноставена процедура во делот на започнување на бизнис. Во тој дел и на одвивањето на бизнисот. Во тој дел има простор за подобрување на работите.

Токму од тие причини го започнавме проектот Регулаторна гилотиња затоа што го идентификувавме како еден од приоритетите за подобрување на бизнис климата во Македонија. Проектот има три фази. Првите две фази се завршени, сега сме во третата фаза. Во првата фаза се собраа сите прописи, процедури, формалности и подзаконски акти кои постојат, со цел да се постигне единствена евиденција што се постои и што се треба да се скенир аи утврдивме дека преку 2100 прописи, што закони што подзаконски акти што други процедури е потребно вовој дел да се евидентираат и да се проверат од аспект на тоа да се поедностават, поефтинат и укинат. Во втората фаза почнавме да ги собираме мислењата, предлозите од миниситерствата, но и од бизнис заедницата од сите бизнис асоцијации во Република Македонија, имавме редовни средби со сите бизнис асоцијации, гостувавме и низ градовите во општините на Република Македонија со цел и таму да се сретнеме со бизнис заедницата, со стопанствениците и да ги слушнеме изворно директно од нив нивните барања и нивните предлози и истовремено одевме во сите медиуми со објава, со барање до граѓаните и до поединечните фирми да укажат на тоа кои се нивните пробелми и каде сметаат дека треба да се подобрат работите воодно на вкупната бизнис клима. Сето тоа се направии сега сме во таа трета фаза каде што експерти, неколку групи на различни експерти од правници консултанти и адвокати и специјалисти во рамките на Секторот за економски политики и реформа и регулаторна реформа во Владата, ги прегледуваат овие предлози, ги прочистуваат и конечно даваат предлог што од тоа треба да се прифати, што не може да се прифати, а каде евентуално треба да се оди уште подлабоко во резот и во реформата, затоа што навистина 17 години е акумулиран еден голем товар врз стопанствениците. Утврдивме во основа дека веќе имаме едно 10-15 предлози кои врз барање на претседателот на Владата на последната седница за 2-3 недели ќе ги предложиме на Владата како прв сет, први мерки кои ќе бидат разгледувани од Владата и се надеваме дека ќе бидат прифатени и тие први мерки верувам дека ќе подобрат некои работи. Меѓутоа,се разбира тоа не е се. Ние очекуваме до крајот на октомври целиот процес да заврши и до тогаш да имаме целосно прочистена бизнис регулатива во Македонија и многу поедноставна бизнис регулатива. Конкретно во делот на тарифниците на Централниот регистар, но и на останатите тарифници, значи на цените што се плаќаат за катастар посебно, цените што се плаќаат за административни такси и царинската постапка, како и цените на тарифникот за Централниот регистар, секаде има простор за подобрување и веќе е започната постапка за намалување на цените со тоа што ќе варира од институција во институција, но во просек ќе биде најмалку 30% пониска цена за поединечните услуги. Веруваме дека некаде ќе има простор за поголемо кратење, за поголемо намалување, значи некаде 40%, можеби и 50% во однос на постојната цена, а некаде ќе има и укинување на одредени административни такси.

На пример имавме разговори со Царината и тие прифатија во царинската постапка голем дел од нивните такси да се укинат, да бидат на нула, значи воопшто да не се плаќа за некои работи што претходно се плаќале. Така што имаме добро разбирање и со Централниот регистар во тој дел, разговараме да видиме што е максимумот што може да се постигне, а при тоа сепак да не се наруши нормалното работење на Централниот регистар и верувам дека ќе излеземе со еден добар пакет, со што ќе бидат задоволни стопанствениците.

Значи очекувам веќе докрајот на јули да можеме веќе да понудиме пониски цени на услугите во Централниот регистар и на уште нколку други институции, а истовремено една од клучните најкрупни промени во овој систем ќе биде што ќе воведеме клаузула "молчењето е одобрување", значи не само што ќе се поефтинат процедурите и постапките и добивањето на лиценци, туку секаде каде што нема да се добие одговор во законски акти предвиденото време, се смета дека одлуката е позитивна, односно фирмата евентуално ќе може да почне да го прави тоа за кое поднела барање. Истовремено ќе поедноставиме и процедури преку делот на регистрација на странските инвестиции, веќе имавме договор во тој дел со Министерството за економија на едно место да се евидентира тоа и т.н., да не одам во сите детали, значи ќе има конкретни предлози веќе до крајот на јули кои ќе бидат првиот сет на мерки и секако овие предлози што ги посочи пратеничката ќе ги земеме предвид и за голем дел од нив ќе имаме разбирање и ќе можеме да ги предложиме на Владата, а верувам дека Владат апозитино ќе се изјасни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Мирјана Секуловска:** Да, многу сум задоволна и благодарам за исцрпниот одговор на почитуваниот вице премиер господинот Зоран Ставрески.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Преминуваме на второто прашање кое беше во врска со образованието. На второто прашање ќе ви биде одговорено писмено.

Третото прашање беше упатено до госпоѓицата минситер Гордана јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Практично третото прашање се состоеше од два дела, јас ќе се обидам накратко да одговорам на двата дела.

Во првиот дел, каде што пратеничката постави прашање за активнсотите што се преземаат во однос на царинските складишта, ќе напоменам дека ова е случај во кој Царинската управа во рамките на своите надлежности постапуваше и врс основ ан анаодите врз извршениот инспекциски надзор, колку што ми е познато тие доставија извештај до Овинителството кое беше добро аргументиран и документиран, што подразбира дека процедурата продолжува и соодветно на наодите во овој извештај ќе бидат процесуирани соодветни пријави, до колку се покаже дека аргументите се доволни за тоа, а според она јас што го знам најверојатно ќе бидат тоа добро аргументирани пријави.

Во однос на вториот дел, односно на една акција која беше бомбастично најавувана од претходната владеачка структура, само ќе потенцирам дека за разлика од периодот на владеење на сегашната опозиција, ние неселективно и во континуитет постапуваме по сите случаи, без притоа бомбастично да ги најавуваме. Напротив, методолошки прво ги докажуваме, аргументираме и процесуираме случаите, а дури потоа ја запознаваме јавноста со исходот од одделни постапки. Меѓутоа, кога зборуваме конкретно на пример за пирамидално штедење или за некои случаи на затајување на данок, особено познатото пирамидално затајување на данок ќе напоменам дека мерките на овој план на Министерството за внатрешни работи продолжуваат во континуитет.

Имено,само во последниве неколку месеци откриени се повеќе случаи на пирамидално затајување на данок во рамките на кои против неколку сторители од Скопје и од Тетово се поднесени кривични пријави за сторени кривични дела даночно затајување и перење пари и други приноси од казниво дело. И во трите случаи пријавените затаиле данок на добивка и данок на додадена вредност во вкупна вредност од над 12 милиони денари. Практично тоа е износ со кој е оштетен Буџетот на Република Македонија. Само за илустрација, дел од случаите кои веќе добија успешна не само полициска, но и судска завршница како што се тоа случаите градежна мафија, Бачило, денационализација на државно земјиште, поединечни случаи од таканаречената даночна пирамида зборуваат дека Министерството за внатрешни работи неселективно и континуирано постапува по однос на сите пријави, по однос на сите прекршувања на законите и практично само во овие неколку случаи кои јас ги напоменав откриено е и веќе имаме и судски пресуди за тоа дека е нанесена штета на Буџетот на Република Македонија во вкупна вредност од близу 46 милиони евра. Така што овие активности со несмалено темпо и интензитет ќе продолжат и понатаму.

Во делот што се однесува на методологијата која претходно била применувана, јас не би сакла многу да коментирам. Тоа останува на оној што ги давал најавите.

**Љубиша Георгиевски:** Дали пратеникот е задоволен со овој одговор?

**Мирјана Секуловска:** Јас би сакала само да потенцирам бидејќи екс министерот господинот Никола Поповски на последното негово учество во емисијата "Светла точка" на Сител телевизија потенцираше и потврдуваше дека навистина постоело пирамидално затајување на данок. Се андевам дека ова ќе се земе во предвид и дека нависитна оваа Влада ќе има доблест да го реши тоа, ќе преземе и соодветни активности. Инаку

сум задоволна од одговорот на министерката госпоѓата Гордана Јанкуловска.

Во однос на второто прашање, јас молам во најкраток можен рок да бидам написмено информирана за податоците што ги барав.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Неждет Мустафа. Повелете, 10 минути плус три минути за дополнително прашање.

**Неждет Мустафа:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, почитуван премиер, ќе се обидам да го одвлечам вашето внимание да се дружиме со ромската агенда.

Првото мое прашање господине премиере е во врска со Националната стратегија на Ромите. Вашите настапи барем за јавноста задоволувачки, во овие 10 минути нависитна сакам да го одвлечам вашето внимание, да се договориме, или ќе говориме 4 години на една иста моја агенда, значи Националната стратегија и нејзината имплементација, или ќе се договориме да го заштедиме нашето заедничко време и да најдеме еден инструмент како ќе бидеме успешни во однос на заложбата на Владата на Република Македонија, во однос на тоа што Република Македонија во 2004 година се придружи кон земјите кои покажаа подготвеност за изработка на ваков стратешки документ кој промовира принцип на активна заштита на правата на Ромите. Во однос на таа релација, почитуван премиере сметам дека генерална цел на Стратегијата на Ромите е интегрирањето на Ромите во македонското општество, како и јакнење на ромската заедница на прокламираните стратешки цели и активностите кои се неопходни да бидат усогласени со генералната реформска политика на државата.

Дополнително со оглед на актуелната позиција на ромската заедница се наметнува потребата од примена на посебни мерки со чија помош ќе се обезбеди еднаквост во пристапот и можностите на Ромите во сите општествени документи. Во тој контекст јас сум подготвен денеска да ви предложам едно прашање по можност, вие ќе процените, инструмент кој што ја имплементира Стратегијата како наша заедничка обврска, ромската заедница и Владата на Република Македонија. Токму за тоа ви го поставувам следното прашање. Дали може во рамките на Владата на Република Македонија да се формира агенција, или комитет за Роми како оперативна канцеларија која координира, односно ќе собира информации и искустава и ќе ја мониторира имплементацијата на Стратегијата. Во рамките на оваа агенција , или комитет да се формир анационален совет како менаџерско тело на агенцијата со кој ќе раководи директор по потекло од ромската заедница кој треба да биде партиски неопределен. Покрја него членови на ова тело ќе бидат и државните секретари од приоритетните министерства дефинирани од Декадата на Ромите, како и претставници на ромски граѓански организации, претставници на политички партии, претставници на локланта самоуправа и претседателот на Комисијата за односи со етничките заедници како и други важни личности. Ова тело при процесот на имплементација се очекува да соработува со структурите на власта каде што дирекоторот на овој комитет, или агенција ќе има право да учествува на владините состаноци, но секако дека ќе нема министерски статус, но зато апак ќе му дадете можност да бара од министрите временска рамка за имплементација на обврски кои што се додадени од Националната стратегија на Ромите. Значи, во однос на составот ќе бидат вклучени независни експерти, претставници на ромските заедници, заентересирани донатори како и други инволвирани актери. Во својата работа ова тело ќе го следи изготвувањето на секторските стратегии како и со други документи кои ретерираат на поглобалните системски реформи.

Почитуван претседателе, за својата работа предлагам овој комитет, или агенција да одговара дирекно на Владата на Република Македонија,но во исто време да биде и независно, односно вработените и директорот треба да се избираат според Законот за државни службеници. Мониторинг на активностите треба да се обезбеди преку креирање на независни системи или тела наследени на стратешки активности кои ќе го анализираат напредокот во одредена област, како и неговата програмска имплементација со точно одредеување на задачите и методите. Во овој процес треба да бидат вклучени и независни странски експерти. Значи, ова господине премиере е мојето прво прашање и можете да одговорите на ова прашање кое што е многу важно и во писмена форма, а доколку сакате и да проговорите, тогаш задоволство е и ромската заедница да слушне во однос на вашиот личен ангажман и ангажманот на министрите дури и усмено.

Следното мое прашање е во врска со средното образование. Вие на 8 април токму на Меѓународниот ден на Ромите,како национален празник на Ромите го посетивте Шуто Оризари и граѓаните на Шуто Оризари топло ве пречекаа. Таму ветивте дека ќе го изградите училиштето. Граѓаните на Шуто Оризари ме задолжија да слушнат лично од вас, кога ќе почне изградбата на тоа средно училиште и дали воопшто ќе почне изградбата на тоа средно училиште. За ваша информација многумина лидери, политички претставници дојдоа и многу ветија за тој дел од населбава. Јас навистина сакам да се уверам и уверен сум дека вие она што го рековте и ќе го направите. Но, би било денеска погодно вие барем да одговорите кога ќе започне изградбата на ова средно училиште?

Третото мое прашање, тука не е погодно, но мислам дека барем по некоја мимикрија и претседателот на Собранието ќе ми помогне, познавајки го театарот и сакајќи го театарот, а секако и господинот Деспотовски. Неколку децении театарот на Ромите “Пралипе” успешно работел во Република Македонија. Поради икс

причини и проблеми сега театарот “Пралипе” со сиот свој квалитет се наоѓа во Германија. Мислам дека би било добро во Република Македонија да се создадат услови за професионален ромски театар, а со тоа ќе му дадеме можност и на режисерот Рахим Бурхан со неговата екипа на артисти да се вратат повторно во Република Македонија и повторно да го дадат својот труд и квалитет како во минатото. Тука мислам дека сите треба да помогнеме, а имавме скоро и сознание дека пред 3 месеци уште еден национален театар во Тетово оваа Влада даде можност да се отвори на албанската заедница, покрај Албанскиот театар во Скопје. Мислам дека тука може да се направат дополнителни напори.И јас би би лмногу среќен да слушнам од претставникот на Министерството за култура, односно заменик министерот како ние тоа ќе го оствариме исто како што го остваривме и во Тетово за да на ромската заедница и се овозможи и професионален ромски ансамбл.

Почитувани министри, почитуван претседателе, ова беа моите кратки прашања и јас навистина се надевам дека исто така, конкретно ќе одговарате и ќе ја охрабрите ромската заедница во нашето општество.

**Љубиша Георгиевски:** Првото прашање, генерално беше предлог, повеќе од прашање за можностите да се формира агенција за ромите, односно комитет за ромите со сите предложени основни црти.

**Љупче Мешков:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, значи земав право по ова прашање да одговорам со оглед на фактот дека од Владата на Република Македонија сум како министер за труд именуван за национален координатор за унапредување на сосотјбата на ромската заедница во Република Македонија, што како прашање завзема нависитна значајно место во Агендата на Владата на Република Македонија,прес се заради фактот што и Европа го бара тоа од нас да ја претставиме Република Македонија како една демократска држава што е практично и една од темелните вредности на Уставот на нашата држава.

Значи во таа насока можеме да се пофалиме дека работите одат во добра насока и заради тоа ние во Владата на Република Македонија имаме формирано едно такво координативно меѓуресорско тело, на кое што тело претседател е токму претставник, како што рече и почитуваниот пратеник, не партиски определено, кое што меѓу министерско координативно тело практично се грижи за спроведување на активностите, не само од декадата на Ромите, туку и од прашањата што се врзани со Националната стратегија за унапредување на состојбата на ромската заедница во Република Македонија. Во тоа Национално координативно, меѓуресорско и меѓуминистерско тело има претставници од другите министерства, кои исто така, освен Министерството за труд и социјална политика има свои ингеренции во делот на унапредување на состојбата на ромската заедница. Тука се Министерството за образование, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски и други министерства и институции во Република Македонија кои имаат свој удел во извршувањето на ова прашање од агендата на Владата на Република Македонија. Во ова тело, исто така, активно учествува и невладиниот сектор. Значи, тука имаме претставници од невладините организации, што значи едно поголемо тело со претставници и од невладиниот сектор и од владините организации, со цел да можеме што поуспешно да се справиме со унапредување односно со прашањето на унапредувањето на состојбите на ромската заедница.

Уште еднаш повторувам, тоа меѓуресорско тело е и за декадата, но и за стратегијата за унапредување на прашањата на ромската заедница. Доколку почитуваниот пратеник има одредени заложби, забелешки, идеи и друго, ние се разбира околу сите овие негови предлози можеме да расправаме се во интерес на унапредувањето на состојбата на ромаската заедница во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Дали пратеникот е задоволен со овој одговор?

**Неждет Мустава:** Јас очекував навистина премиерот да ми одговори, но благодарам на исцрпниот одговор на министерот.

Господине министре, и вие и јас точно знаеме дека за она што вие говорите немаме резултати. За она што вие го претставувате тоа тело, не можеме пред јавноста да говориме дека имаме резултати. Самите знаете дека и политичките партии и невладините организации со голема доза на критики испраќаат до Владата дека ништо не е сторено во однос на сето ова. Тоа се два предмети, Националната стратегија е нешто друго во однос на декадата на Ромите.

Мојот предлог беше во однос на Националната стратегија на Ромите. Да се направи едно тело кое што ќе има конкретна задача. Јас ги дадов сигналите на тоа тело, кој би бил мандатот и да мрднеме од оваа пасивна состојба. Јас мислам дека сме многу блиску, само тука потребна е желба Владата да излезе со конкретен став. Јас тука располагам со цел проект во однос на приоритетите на Националната стратегија како и со кој мандат ова тело Комитетот или Агенцијата би се зафатила и да биде тоа Владино тело, со можност да учествува на секоја владина седница. Еве, нека остане ова, дури Владата на Република Македонија, покрај вашиот усмен говор, ако нема веќе нешто да спомне и претседателот, во писмена форма да се одговори во однос на мојот конкретен предлог. Дали има можности, дали има желба Владата да формира конкретно тело со посебни вработувања и со посебен мандат за имплементација на стратегијата. Тоа е сериозна обврска на која што Владата си ја презеде обврската во 2004 година. Значи, тоа не е нешто дали сакаме или дали би посакувале, туку тоа е

нешто што навистина мораме да го имплементираме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Второто прашање е упатено до министерот за образование.

Повелете, ако имате коментар на ова.

Повелете господине министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Јас мислам дека бев јасен дека такво Координативно меѓуресорско тело Владата има формирано. Тоа ги врши работите и за Националната стратегија а истовремено и за декадата. Друго е прашањето колку ние сме успеале, колку сме отишле напред, дали сме можеле уште повеќе да направиме, но тоа не е прашање организациско, туку е прашање на можеби еден посериозен пристап на членовите на тоа, да речам меѓуресорско тело, заради тоа што обврските во овој дел не се само на Министерството за труд и социјална политика, туку и на многу други министерства, кои што имаат обврска од своите буџети да одредат секоја година средства кои ќе бидат за реализација на унапредувањето на прашањето на ромската заедница.

Затоа, ние како Министерство и како Влада, навистина, сме отворени, а и ова што го предлага господинот пратеник да подискутираме за тоа, што сме направиле до сега, дали сме можеле повеќе и сигурно дека можеме да се договараме, се со цел подобро да одат работите во таа насока.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине минситер.

Господине Неждет, дали можеме на вашето второ прашање да одиме? Повелете.

**Неждет Мустафа:** Јас повторно предлагам да не го посветиме времето декларативно да говориме. Министре, имав конкретен предлог, кој што ќе биде многу продуктивен и ќе биде корисен во однос на тоа. Минатото во однос на тоа тело покажа исклучителни резултати, кои што се мизерни. Ајде заедно да присобереме храброст да направиме нешто конкретно, што ќе презема конкретни обврски. Тоа ќе биде тело, кое што професионално ќе се посветува само за имплементацијa на Националната стратегија. А, и вас ќе ве растеретиме од таа обврска.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот премиер, претполагам во врска со вашето второ прашање. Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Во врска со вашето прашање за изградба на средното училиште во општината Шуто Оризари, знаете дека јас ја посетив општината, токму бев на местото каде што треба да се изгради училиштето. Сакам да ве информирам дека во меѓувреме се работеше на подготовка на тендерска документација за идеен проект и дека е таа при крај. Сега се информирав во телефон како одат работите за да бидам попрецизен во одговорот и добив одговор од државниот секретар во Министерството дека во наредните две недели ќе имаме тендер за идејно решение за изградба на училиштето, средното училиште во Шуто Оризари, кој што отприлика трае околу 32 дена. Потоа, следува тендерот за главен проект и за изведба, пошто ќе стартува изведбата. Вие знаете дека се мора да оди по закон и по прецудура, па се надеваме дека ќе имаме соработка и од општината, од градоначалникот, затоа што и неговата улога е важна во смисла да помогне да не ни ги кочи процесите. Исто така, планираме во близина на училиштето да се изгради и спортска сала. Таа е во делот на проектите, салите што треба да ги направи Министерството за образование, така што можете да очекувате дека следната година ќе започне изградбата на спортска сала, таму во близината на училиштето, за да може да се користи за учениците, но и за потребите на другите жители што живеат во тоа место.

Значи, од прилика така стојат работите. Додека се одговараше првото прашање, телефонски се информирав, за да бидам попрецизен.

Во наредните две недели Министерството ќе го објави тендерот за идејно решение за изградба на училиштето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас. Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Неждет Мустафа:** Задоволен сум.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Поминуваме на третото прашање кое се однесуваше на евентуално формирање на ромски театар. Дозволете тука мојата древност, најсрдечно да ја ограбри Владата во овој правец, зашто кадарот на тој иден театар е навистина, фасцинантен.

Повелете господин заменик.

**Скендер Палоши:** Благодарам, јас навистина ја ценам многу ромската култура, сум работел проекти поврзани со ромската култура и во Република Македонија и во странство. Ја ценам работата на театарот на Бурхан и ова размислување лично кај мене наоѓа на плодна почва, меѓутоа, градење театар е многу сериозна работа и не можеме туку така да одговориме на ова, веднаш во овој момент.

Нашите размислувања ќе му ги дадеме написмено на пратеникот, ако тоа го дозволи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Дали сте задоволен со овој одговор?

**Неждет Мустафа:** Во секој случај е доста охрабрувачки и јас искрено верувам дека несебично ќе се посвети ангажман, доста продуктивен ангажман по прашањето на театарот за ромите “Пралипе”.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Сега збор има господинот Кенан Хасипи. Повелете. Со оглед на тоа дека пратеничката група која бараше продолжување до 18,30 часот, веќе час и пол не е тука, можеме да одлучиме да работиме и до 18,оо

часот, зашто временските прилики се пеколни. Но, да му дадеме сега збор на господинот Кенан Хасипи, кој чека да постави пратеничко прашање три, четири или пет месеци. Повелете.

**Кенан Хасипи:** Господине претседателе, повеќе е од тоа, ноне е битно во овој момент.

Денеска по некоја случајност, или имавме прилика на долго и на широко да се занимаваме со културата и со активниот однос на Владата во неговото инвестирање во културни проекти независно дали се работи за театри, музеи, библиотеки, археолошки истражувања и слично. Сетоа тоа е добро и за поздравување, но кога од друга страна за жал, таа иста влада има сосема поинаков однос кон културата и културното наследство на една малцинска заедница, како што е турската заедница, тогаш постои проблем во односот кон таа заедница. Примерите со Куршум ли ан, настаните околу Камениот мост, прекинување на проектот на изградба на нов објект на националната установа Турска драма и сеуште што не во иднина, зборува во најмала рака за еден нечесен однос кон културата на таа заедница, а јас би рекол и кон државата Република Турција, како добара пријател на Република Македонија. Би апелирал дефинитивно да се прекине со таа пракса, бидејќи сум длабоко убеден дека и во политиката, па макар со задоцнување, фактурите ќе се наплатат.

Би поминал на првото прашање. Тоа се однесува на настаните околу општина пласница. Имено, 10-тина дена по овие тропски горештини населението од тој регион протестира преку и за жал протестирање на патиштата, што било пракса и порано, од едноставна причина што за остварување на своите потреби, во смисла на вадење на лична карта, патни исправи итн., наместо како што било до сега во општина Кичево, со одлука на Владата се упатуваат во подрачните единици во Македонски Брод. Тоа не само што предизвика дополнителни тешкотии на тоа население, туку и вистински хаос, бидејќи е период кога се враќаат печалбарите и кога имаат потреба од вакви документи, наидуваат на сериозни проблеми.

Неможејќи нив да ги разрешат, тие се одлучиле да протестираат преку блокирање на патиштата. За ова прашање уште првиот ден по блокирањето разговарав со госпоѓицата Гордана Јанкуловска. Во меѓувреме, на средбите на лидерите, за ова прашање го запознав и премиерот и министерот за правда и добив одговор дека ќе се испита ситуацијата и ќе се вложи се да не надмине истата. Меѓутоа, за жал сеуште ситуацијата е статус кво и не би било добро по овие тропски горештини тоа население сеуште да протестира. Доколку е можно, ова прашање на многу елегантен начин да се разреши и да си ги остваруваат своите права како и до сега во општина Кичево. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува за политичките партии.

Имено, со изменување и дополнување на Законот за политички партии, политичките партии во Република Македонија, согласно новите одредби од Законот, беа принудени за својата регистрација или пререгистрација да соберат околу 1.000 потписи пред надлежен државен орган. Таа процедура заврши.

Во меѓувреме, пред Уставниот суд се покрена постапка за уставноста на неколку одредби од тој закон и некои до тие одредби беа укинати.

Она што мене во овој момент ме интересира е да добијам на писмено, кои се тие политички партии кои што ја исполниле таа законска одредба, прво и второ, што ќе преземе Владата во однос на укинатите одредби од страна на Уставниот суд на Република Македонија.

Мислам дека прашањето се однесува до министерот за правда.

Третото прашање се однесува до министерот за финансии.

Имено, согласно Законот за финансирање на политичките партии, на политичките партии во тековната година им се исплатува одреден износ на средства, согласно процедурата и критериумите утврдени во Законот за финансирање на политички партии. Меѓутоа, излезе дека дел од политичките партии, износот на средствата што го добиле, не е во согласност со критериумите утврдени во Законот за финансирање на политичките партии. Посебно во делот на средствата, 30% средства кои се доделуваат на партии кои усвоиле над 1% од гласови, а ќе признаете тој износ е многу поголем од износот што се добива по основ на освоен политички мандат.

Го прашувам министерот за финансии, како е направена таа грешка и кои се патиштата за корекција на таа грешка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Првото прашање во смисла на одговор на госпоѓица Јанкуловска, со која е разговарано во врска со проблемот. Повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе. По однос на прашањето, со оглед на тоа што веќе на почетокот, кога се појавија прв пат проблемите, ние имавме средба со пратеникот и јас презедов обврска детално да ја испитам состојбата, се со цел да се обидеме, во рамките на законските можности да разгледуваме можност, да се најде решение за овој проблем, кој објективно се јавува на граѓаните, особено, жителите на Лисичани, општина Пласница. Практично, таа е таа група на население која деновиве своето незадоволство го изразува преку протести.

Практично, во рамките на она што значи надлежност на институциите, ние детално го испитавме случајот, и јас ќе си дозволам да дадам една, можеби малку поширока елаборација, меѓутоа ценам дека прашањето е исклучително значајно и заслужува доволно

внимание, бидејќи граѓаните се соочуваат со оваа проблематика, речиси на дневна основа.

Имено, проблемите кои се јавуваат во последно време за граѓаните на Лисичани, од општина Пласница, во делот на издавање на документи, се резултат на една одлука, токму на ова Собрание, со донесување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа. Како што на сите ни е познато тој е закон донесен од страна на претходниот состав на Парламентот. Објавен е во “Службен весник” во 2004 година, односно 2005 година и практично, со носењето на овој закон следеше потреба од имплементирање на системот за автоматска обработка на податоците на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Со воведувањето на новата територијална организација, всушност, прилагодувајќи се на новонастанатите промени на општинските граници, во информацискиот систем на Министерството за внатрешни работи, бројот на подрачјата се зголеми од 35 на 84, а бројот на подрачни единици во Министерството за внатрешни работи е непроменет, односно организационата структура е таква каква што е утврдена со актот за организација на Министерството за внатрешни работи.

Поделбата на населените места е направена по општини и таа е направена исклучиво во согласност со Законот за територијална организација и припадноста на овие места, не е определена кон органите за внатрешни работи, туку е определена кон тоа, каде одредени граѓани треба да ги остваруваат своите права.

По однос на територијалната распеделба на работата на референците и ние се соочуваме со одредени, значи како Министерство за внатершни работи, кој е надлежен орган, во делот на оваа проблематика, ние се соочуваме со утврдување на припадност на одредени населени места, кон соодветен однос и во овие ситуации, некако по правила на службата се обраќаме до соодветните државни институции, каде што добиваме повратна информација, кога одредено населено место, согласно новата територијална организација, поминало во друга општина, или општината ги променила границите и со тоа ја прилагодуваме постапката на издавање на документи. Согласно сите овие реорганизирања на општините, јас би рекла, веднаш по донесување на Законот за територијална организација уследи потребата целата документација да биде уредена и примопредадена на соодветните органи на начин како што тоа тој закон го предвидува и сега во моментот се соочуваме со практичното имплементирање на системот на автоматска обработка на податоци. Јас на почетокот реков дека овој систем на автоматска обработка на податоци е во целост усогласен со Законот за територијална организација, донесен токму од ова Собрание.

Незадоволните жители од село Лисичани, согласно Законот член 12 став 1 точка 55, припаѓаат на општината Пласница. Пред имплементирањето на овој закон, како што рече пратеникот, жителите на Лисичани личните документи ги добивале во ОВР - Кичево. Но, согласно новиот Закон за територијална организација, оној од 2004 година, Лисичани бидејќи припаѓа во општината Пласница, а општината Пласница опфаќа повеќе села. Дворци, Лисичани, Пласница, Презлово и сите тие се во надлежност на ОВР - Македонски Брод. Тоа значи дека жителите на Лисичани се под надлежност за издавање на лични документи во општината Македонски Брод. Точно е дека можеби за граѓаните не е најповолно, но сепак, верувам дека било комуницирано на време, тогаш кога се носел законот. Јас за жал, тогаш не сум била дел од извршната власт и навистина, не можам да се сетам како одел точно процесот при поделба на населените места, дали се вршела консултација со месното население, дали при тоа биле земени предвид потребите на граѓаните, односно правата кои тие треба да ги остваруваат на одредени подрачја. Ова го зборувам, особено во делот на граѓанските работи и граѓанските состојби, затоа што тоа е проблематика со кои граѓаните секојдневно се соочуваат.

Во другите полиња можеби не е толку честа фрекфенцијата, кога граѓанинот има потреба да комуницира со државниот орган, меѓутоа во граѓанските состојби и граѓанските работи, тоа речиси е секојдневно. Така што и покрај тоа што жителите на селото Лисичани не се согласуваат со новонастанатата состојба која уследи по донесувањето на Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа до 2004 година, сепак, Министерството за внатрешни работи има должност да ги спроведува законите, односно по добивање на информации од надлежна институција да имплементира одредена територијална организација и токму тоа е направено во конкретниот случај.

Ние во повеќе наврати, како ресорно министерство, одржавме и средба со граѓаните. Повеќе претставници од оптината Пласница и жители на селото Лисичани на 26-ти, имаа средба во Секторот за управно надзорни работи, при што направивме обид да ја објасниме оваа ситуација, бидејќи документите издадени во друг орган, односно спротивно на она што го налага Законот за територијална организација, тие би биле документи кои не се валидни за граѓаните. Тоа е уште еден дополнителен проблем кој не би смееле да им го наметнеме на граѓаните, но истовремено, не би смееле да постапиме спротивно на Законот. Факт е дека нашиот одговор, односно нашето образложение не го решава проблемот, но сепак, јас замолив за должно внимание да ја образложам оваа состојба, затоа што се работи за стекнат проблем, настанат со територијалната организација во моментот на неговото донесување, најверојатно кога

владеачкото мнозинство проценило дека тоа е најдоброто решение. Меѓутоа, ефектите со системот кој се имплементира, односно системот за автоматска обработка на податоците се токму овие. Има и други вакви случаи, меѓутоа, за жал, состојбата токму во оваа општина е најалармантна и токму тоа не доведува во ситуација, каде што имајќи го предвид барањето на жителиет на селото Лисичани, согласно ова образложение кое јас го дадов, очигледно отстапува од она што Законот за територијална организација го предвидува. Ние ќе мораме, најверојатно, односно вие како законодавна власт, можеби и ние како извршна власт, доколку тоа го побарате од нас, да отвориме процес, да ги разгледуваме овие прашања и да ги имаме предвид, при евентуални разгледувања на целокупниот сет на прописи, кои ја регулираат оваа материја, бидејќи сега имаме една прилично неблагопријатна ситуација, граѓаните се незадоволни. Ние сме должни да го примениме законот, а очигледно е дека Законот таков каков што е донесен, тогаш кога се носел во минатиот состав на овој Парламент, случајно или под влијание на некои други фактори, било дозволено да се направи ваков пропуст.

Јас верувам дека овој пропуст е направен сосема случајно, затоа што се работи за закон кој е многу обемен, многу сложен. Имаше јавна дебата за тој закон и навистина е тешко да се најде оптималното решение, меѓутоа, проблемот е тука и доколку законодавниот дом иницира постапка за одредени промени, ние веднаш би постапиле по тие промени, затоа што во крајна линија најважно е интересот на граѓаните да биде задоволен, односно граѓаните да добијат сервис на најбрз и најефикасен начин.

За жал, мојот одговор, иако беше малку поицрпен, не го решава проблемот, но сепак, добро е да се знае дека ние само имплементираме претходно донесен закон, закон донесен во 2004 година и ние како институција надлежна за спроведување на правото не смееме да отстапиме од спроведување на законите. Јас ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Хасипи, дали сте задоволен од одговорот. Ако не сте, дали имате дополнително прашање.

**Кенан Хасипи:** Да господине претседателе.

Прво, министерката сама кажа дека одговорот не го решава проблемот. Уште помалку, она што го нудите како решение, тоа е уште понереално за остварување. Колку јас ве разбрав вие нудите измени во Законот за територијална организација. Сакам само да ве потсетам во ист состав, со ист број на населени места општина Пласница беше и со територијалната организација 1996 година кога имавме 124 општини.

Сега се поставува прашањето како било можно цели 10-15 години наназад со таа територијална организација, вакви документи да ги добиваат лисичанци во Кичево, а сега не е можно?

Втора работа, во ова Собрание ги гласавме границите на новите општини, ние не гласавме каде тие ќе вадат документи. Во Законот стои кои населени места спаѓаат во опфат на таа општина. Општината Пласница не претрпи воопшто измена во однос на територијалната организација од 1996 година.

Сега се поставува прашањето, како било можно, 15 години наназад со територијална организација, со ист Закон да ги добиваат тие документи во Кичево, а сега со нова територијална организација, на општина, со ист состав, без измена во населените места, да го немаат тоа право?

И најпосле, што би било решението, територијална организација во која што ќе се изземе од оваа општина, општина Лисичани и ќе се припои на Кичево, па само тогаш ќе имаат право да ги вадат документите во подрачните единици во Кичево?! Мислам дека е нелогично.

Дајте, да го оставиме постојното решение што оди во прилог на тоа население. Да не го малтретираме населението. Бидејќи крутото придржување на одредени законски одредби можат да прават вакви ситуации какви што се случуваат во тој регион, со огромно незадоволство, со затворање на патиштата за една многу банална работа. Најпосле, Владата треба да функционира во полза на граѓаните. Ним да им го олесни животот, а не круто придржување кон некои одредби. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави госпоѓица Јанкулоска, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Бидејќи имаше дополнително прашање, во моето претходно излагање зборував дека најголем интерес имаме ние да го решиме проблемот на начин на кој што граѓаните ќе добијат квалитетна, брза и навремена услуга. А, која била логиката во носењето на законите, јас не би можела да кажам од оваа позиција, бидејќи не сум била директно инволвирана во процесот на носење на тој закон. Но, сигурно некаква логика имало тогаш кога се носел Законот.

Сепак, Министерството за внатрешни работи не ги определува статистичките подрачја односно границите и дефинициите кое населено место каде гравитира, каде потпаѓа. Тоа е надлежност на друга институција, а ние мора да ги применуваме таквите организациони решенија што ги добиваме како готови. За жал, ниту јас, ниту друг член на Владата, независно колку не ни се допаѓа крутото придржување кон законите, немаме мандат да ги прекршуваме. Јас барем немам мандат да прекршам закон. Ова Собрание ми ја даде довербата да ги спроведувам законите.

Останува понатаму отворено прашањето, низ институционални механизми да бараме, можеби, поедноставна форма за надминување на проблемот. Ние тука стоиме на располагање. Сме одржувале средби со локалното население, ќе продолжиме да го правиме тоа, се со цел заедно да изнајдеме модалитет каде што и законот нема

да биде прекршен, а и граѓаните ќе добијат квалитетна услуга. Во крајна линија да се објасни доследно зошто некои решенија се такви какви што се и како треба да се применуваат. Така што, ние и досега сме биле расположени да разговараме на оваа тема, но во никој случај не би си дозволиле да го прекршиме законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Мислам дека ќе се вртиме во круг и би требало да поминеме на второто прашање, ако немате ништо против.

**Кенан Хасипи:** Би молел за неколку зборови, доколку е можно.

Би било добро, да има истурена единица, да се направи една канцеларија во Лисичани и од таму да се даваат документите што ќе ги поднесуваат граѓаните, па потоа тоа нека се процесуира каде сака. Со тоа би им олесниле на тие граѓани. Целта им е да не патуваат долго и да не се мачат многу. Со една ваква истурена единица, дали ќе биде во Лисичани или во рамките на општина Пласница, елегантно би го решиле проблемот и граѓаните би ги поштедиле од дополнителни трошоци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Гледам дека напорите се конструктивни.

**Гордана Јанкуловска:** Ќе го разгледаме прашањето, да не ја заморуваме целата јавност со ваков дијалог. Секој конструктивен предлог ќе биде разгледан, затоа што интересот е заеднички. Ние сме тука, на располагање. Вие добро знаете дека контактираме и имаме средби со локалното население, така што секој конструктивен предлог ќе биде разгледан. Тоа можеби бара дополнителен ангажман, дополнителни инвестиции. Ќе го разгледаме и верувам дека кога има добра волна на двете страни, ќе најдеме заедничко решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Поминуваме на второто прашање поставено до минстерот за правда, кои се партии го надминале цензосот од 1000 членови.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Му благодарам на господинот Кенан Хасипи на прашањето што го постави. Сакам да го известам пратеникот дека Министерството за правда веќе има подготвено закон за измена и дополнување на Законот за политички партии, каде ќе биде уредено прашањето во врска со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија. После тоа, после поминувањето на законот во владина процедура ќе дојде во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот побара одговор во писмена форма, Министерството за правда ќе го подготви одговорот и ќе го достави, согласно Деловникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали пратеникот е задоволен од одговорот или има да постади дополнително прашање, повелете.

**Кенан Хасипи:** Ја поздравувам идејата на Владата да ги дорегулира овие одредби што се укинати од страна на Уставниот суд. Меѓутоа, би го замолил министерот, што ќе се случи со оние кои го пробиле цензусот, се регистрирани со нова регулатива, да не ги вклучиме повторно и нив во нова игра. Тогаш навистина би било малтретирање на населението. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Одговорот ќе биде доставен во писмена форма, ќе си дојде тоа во одговорот.

**Михајло Маневски:** Тоа нема да се случи. Тие што се регистрирани ќе останат.

**Љубиша Георгиевски:** Сето тоа, како што реков, ќе биде опфатено во одговорот што ќе биде даден во писмена форма.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Да потсетам, прашањето на господинот Хасипи се однесуваше на неговото тврдење дека наводно е направена грешка во распределбата на средствата, буџетски што следуваат за финансирање на политичките партии за оваа година.

Според евиденцијата на Министерството за финансии, таква грешка не е направено. Но, сепак, штом има забелешка, јас го поканувам господино Хасипи заедно да ги погледнеме неговите аргументи во Министерството за финансии или на место што тој ќе го препорача.

А, за Собранието, ние ќе доставиме и писмен одговор на неговото прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен со овој одговор?

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе му благодарам и на министерот.

Сигурно има потреба за средба, со оглед на тоа дека компаративно, средствата што ги добивме 2006 година за 2005 година и овие споредени се далеку под износот што сме го добиле. Па, би сакал да видам каде е решката. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Би одговориле и на ова господине министре? Повелете.

**Трајко Славески:** Дополнително, од ова што го кажа господинот Хасипи, повторно заради јавноста, сега се наѕира одговорот на неговото прашање. Тој спомна две последователни години 2006 и 2005 година. Само да потсетам како критериум за поделба на тие средства се земаат резултатите од последните избори. Така што 2006 година веројатно се земени резултатите од локалните избори во 2005 година, а при последната поделба, критериумот или реперот е или се резултатите од парламентарните избори 2006 година. Но, рековме, на заедничка средба ќе го објасниме ова и во писмен одговор преку Парламентот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Давам збор на госпоѓа Валентина Божиновска. Повелете 10 минути за три прашања и три минути за дополнително прашање.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Конечно, имаме среќа македонската јавност да биде присутна, дозволете ми, што тоа беше ваша задача претседателе да го коментирате, дуплото дно на демократијата во Македонија конечно за се е виновна власта и владеачкото мнозинство. Институцијата пратенички прашања е од највисок домен на Парламентот, од интерес на граѓаните. Значи, македонската јавност будно не следи во 18,00 часот. 8 часови се работи, тие не се присутни.

Прашувам, дали е возможно дека премолченото, односно потврдниот одговор или премолчениот на Претседателот на државата Бранко Црвенковски е одраз на денешното отсуство на СДС? Тоа е под број 1.

Или, под број 2, е дел од активностите на Министерството за внатрешни работи што ги прави во однос на нивните олигарсии, од олигарсиите на СДСМ, па е уште едно одбегнување?

Пратеничките прашања, почитуван претседателе е одговор на граѓаните. Не се ниту ваши, ниту на Владата, ниту на вице премиерот, ниту на премиерот.

Првото прашање, ќе побарам да биде одговорот писмен.

Почитуван министер за правда или министерката за внатрешни работи госпоѓа Гордана Јанкуловска, ако добро се сеќаваме на еден сериозен момент, тоа беше моментот кога уредникот на неделникот "Фокус", тоа е списание што ревносно го читаат и пратениците и претставниците на Владата, да не го именувам уредникот, сите добро го знаеме, во 2006 година до Комисијата за спречување на антикорупција, со факти, аргументи, со материјали, со конкретна документација ја подврди најголемата дубиоза од 1996 - 1999 година. Бидејќи во моментов ние сме во борба против корупцијата, значи сега, во овој момент водиме војна со тутунската мафија, водиме војна со урбаната мафија, ја оставаме најголемата војна со така нареченото црно злато. Со кокументирани факти го поддржав господинот Никола Младенов со докази за работењето на нафтата 1996-1998 година. Тогаш, всушност, имавме некаков делумен одговор или би рекла никаков одговор.

На почетокот на оваа година, бидејќи немам одговор за периодот 1996-1998 година во владеењето на сегашниот Претседател на државата, во "Време" неделен печатен медиум, 3 јануари 2007 година ги потврдија претходните такви слични информации. Дека, 1998 година во Македонија се извезуваше нафта во Кувајт, внимавајте Саудиска Арабија, Германија, Грција, САД, Русија, Холандија, Франција и Хрватска. Има уште стотина држави.

Фактот и тогаш и сега остана неразбран и нелогичен за македонската јавност. Македонија извезуваше нафта во најголемите светски производители на нафта. Истите натписи не уведуваат и во "Време" и во тогашните преписки, претставки што ги даваше уредникот на неделникот "Фокус" дека извори од Царинската управа, дека во Народна банка на Македонија не биле регистрирани наплата на пари, затоа што нафтата не само што било фиктивно извезувана а потоа шверцувана во Македонија, во Србија и на Косово.

Нагласуваат дека шверцот се спроведувал на тој начин што била увезувана сурова нафта, за што апсолутно сме свесни дека во тој период не се даваат давачки, се правеле фиктивни документи во Царината за извоз, со што автоматски се покривал увозот, па потоа таа била продавана во малопродажбата.

Како била покривана купопродажбата? Се разбира, со разни декларации, но не и со прилив на пари што требале да се слеат во Народната банка. Повторно говорам, се работи за периодот 1996 почеток на 1998 година.

Во претходните написи на медиумите беа изнесени информации дека за таквиот вид на дубиози и криминални поведенија беа запознаени тогашните владеачки гарнитури.

Моето прашање е дали некој од сегашните министри, министерот за правда или министерката за внатрешни работи може да посочи и еднаш да одгатнеме за дубиозите со црното злато, дали во таквите активности има присуство на криминал, има присуство на кривични пријави во тогашното раководство и можеби до сега ќе имаме постапки за кривична одговорност?

Бидејќи времето го продолжуваме за пратеничките прашања, ќе бидам благонаклонета во овој момент да тоа го добијам како усен одговор ако немаме време.

Моето второ прашање се однесува до министерот за правда.

Почитуван министре,

Направивме големо дело за Велес минатиот пат. Значи, по поставеното прашање за Основниот суд во Велес, полицијата, ако тоа се случи во четврток, во понеделникот веќе имавме одговор. Началникот на полицијата, полициските инспектори го најдоа предметот во основ на единствената фабрика и најдобрата фабрика на "Велес Табак" за обработка и откуп на тутутн, во однос на тужениот Стопанска банка. Замислете, две години судиката Валентина Петровска од Велес не дава прецизен и точен одговор за процесот, па дури и тој да е негативен во однос на АД "Велес Табак".

И, замислете, истиот предмет се наоѓа две години на Економскиот факултет. Се донесува предметот од Економскиот факултет, по кое, веројатно требало да биде направена експертиза и е сега во Основниот суд во Велес. Меѓутоа, таквиот тип на решавање на постапки треба да биде, јас колку што знам, иако не сум правник, по итна постапка, министре. Значи, Валентина Петровска го закажува рочиштето на "Велес Табак" за 10 јули

2007 година, а тоа треба да биде во рок од 10 дена.

Се плашам дека, ако не го издиригираме сега, благовремено и точно однесувањето на правната држава, дека се понатаму ќе биде доцна, со нашата борба во криминалот и особено со корупцијата во судството.

Како и да е, од некаде тргнавме министре. Ова, само ќе ви помогне да го добиеме релевантниот и точен одговор на ова прашање што всушност следи и е дополнување на претходното прашање.

Но, сакам да ги убедам и граѓаните на Велес, кај која истата судика има многу стечајни постапки, дека ќе мораме правдината да ја изнесеме на крај. Не заради нешто друго, затоа што во моментов имаме конкурс за управните судови, да не ни се случат ваков, онаков или од друг тип судии да конкурират за овие судови. Тоа е второто прашање.

Бевме во договор со министерот Маневски, благодарам уште еднаш, бескрајно, бидејќи не го имав одговорот претходната седница, се договоривме дека со овој дел, со ова продолжение приказната, би рекла, со АД "Велес Табак" и со судиката од Основниот суд Велес, дека конечно, во интерес на граѓаните ќе го решиме.

Моето трето прашање што мислам дека е исто така суштинско е до министерот за надворешни работи.

Мислам дека во делот на другите години сериозно се работеше на преминот Маркова Нога во преспанскиот дел. Тоа е преминот на Грција и Долно Дупени на Преспа во кое навистина сметам дека има сериозна почва за директни инвестиции.

Едниот брег кое на езерото е Охридското Езеро, на Преспанското е наполнето со хотели, со рекреација, со добар туризам. Овој дел е уште поблагопријатен, подобар, побогат. Таму ја имаме единствената фоја. Таму е место каде што можат да влезат директните инвестиции од таа страна. Тој премин го започнавме некаде 1999 година, 2000 година, па потоа министерката за надворешни работи го продолжи.

Значи, сметам дека едно од клучните, суштински прашања во текот на преговорите за името и на грчката коресподенција меѓу Македонија и меѓу Владата на Македонија, МНР и Грција е токму преминот Маркова Нога почитуван министре. Сметам дека ако го кренеме во бизнис делот тој граничен премин, ако успееме Долно Дупени, Сливница, Љубојно, тој дел го развиеме, таму има почва не за јаболки, таму има почва за садење, за градење, за фабрики има за фабрики што ќе бидат во екологијата. Знам дека со Просторниот план не е тој дел, но навистина има засадници од земјоделието кои можеме во делот на она што вице премиерот го говори, да ја поминеме грчката страна во договорот. Па потоа да ги собираме плодовите и да го кренеме извозот Македонија - Грција или Македонија-Џепчиште граничниот премин или на Стрезимир кон Горанците. Но мислам од двата гранични премини дека овој премин Маркова Нога е од сериозно инвестиционо и туристичко значење. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Првото прашање во врска со црното злато, чинам беше поставено до два ресори, за правда и внатрешни работи.

Повелете, процедуирајте со одговори.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Во договор со министерката за внатрешни работи одговор на првото прашање ќе дадеме во писмена форма, со оглед на обемноста на прашањето, со оглед на потребата од преиспитување на одредеин околности во врска со шверцот со акцизни стоки, нафта, поднесени кривични пријави, каков е исходот и тие кривични пријави.

Значи ќе треба извесно време за да можеме да го истражиме прашањето и да дадеме адекватен одговор, а јас се надевам дека тоа ќе го дадеме во рамките на овластувањата и во рамките на деловничките одредби.Ќе настојуваме тоа да го направиме колку е можно побрзо и колку е можно поквалитетно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министер.

Госпоѓа Божиновска, дали сте задоволна од одговорот?

**Валентина Божиновска:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Второто прашање е во врска со Основниот суд - Велес, повторно има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Ние го истражувавме случајот и тоа доведе до одредени резултати, предметот за кој подолго време не се знаело каде е, известени сме дека бил на некакво вештачење на Економскиот факултет во Скопје и во договор со пратеничката и дополнителното прашање и ова што го утврдивме во ова време, бидејки се работи за значаен предмет со последици кои се исто така доста сложени и обемни, мислам дека исто така одговорот беше побаран во писмена форма и во писмена форма ќе биде доставен. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**Валентина Божиновска:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

И третото прашање беше упатено до Министерството за надворешни работи.

Повелете господине заменик министер.

**Зоран Петров:** Благодарам.

Во врска со граничните премини постои голем интерес кај пратениците и кај јавноста и неколку пати се повтроуваат вакви прашања. Ќе информирам само дека Владата формираше Комисија составен аод неколку ресорни минситри кои што требаше да изготват елаборат, да дадат

приоритет на кои гранични премини ќе се работи во наредниот период.

Накусо ќе ве информирам дека Република Македонија во изминатите неколку години има со соседните држави потпишани конкретни договори за отворање нови гранични премини, билатерални договори во кои двете држави се обврзале да отворат граничен премин. Еднаш таква информација беше доставена, земам обврска на пратеничката повторно да и ја доставам целокупната информација за тоа што е работено во последните некиолку години на тој план, со тоа што со една работа треба да бидеме на чисто. Мал дел од тие гранични премини се реализирани главо од причини со образложение дека нема ниту економски интерес или дека во моментот немаат некои соседни држави финансиски средства одвоени од Буџетот за нивна изградба.

Пратеничката го спомна граничниот премин Џепчиште-Требиште, кој е потпишан со Меѓудржавен договор во мај 2005 година, но сеуште од страна на Албанија нема преземено никакви активности околу реализацијата на овој договор. Повторувам се работи за Меѓудржавен договор.

Имаме и од страна на Бугарија, Клепало се викаше граничниот премин во близина на Берово, со ветување дека од оваа година, втората половина, ќе почнат со градежни работи конечно да се отвори тој граничен премин.

Маркова нога беше прашањето. Јас ќе ја поправам пратеничката, преговорите со Грција за отворање на овој граничен премин се многу постари од 1999 година. Тоа го има правено некогашниот Извршен совет во раките на СФРЈ. Значи се работи за многу стар проект. Во еден период имало интерес од грчка страна да се направи нешто такво, меѓутоа, со текот на времето спласна и со осамостојубањето на Македонија такво нешто воопштоне се сака ни да се стави на маса за разговор. Тоа би можел да гокажам за тој премин, иако од наша страна во тој дел ќе се види дека е граничниот премин Маркова нога, од грчка страна завршува со ливада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволна со овој одговор?

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе, да.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓице Салију, со оглед на тоа дека отседавте дисциплинирано до крај од една страна и со оглед на тоа што времето е при крај исто така од друга страна, најсрдечно би ви советувалкратко да ги формулирате прашањата и да добиете одговори и со тоа ќе ја заклучиме седницата по договорот, повелете.

**Селвије Салију:** Ви благодарам господине претседател. Ќе бидам кратка, ќе ве поштедам вас, но и сите кои имаа трпение дефинитивно во попладневниве часови на оваа седница. Еве и јас дојдов на ред да поставам пратеничко прашање.

Првото прашање е упатено до Министерството за правда. Жителите од село Мирдита од градот Гостивар подолго време се соочуваат со еден сериозен проблем кој носи проблеми и не знаат како да го решат овој проблем. Жителите од ова село со месеци сета документација од државните органи,односно од канцеларијата во селото Вруток ја земаат како да се жители на село Вруток, бидејки во нивните документи не се евидентира дека се жители на село Мирдита, туку жители на село Вруток. Имајки предвид дека жителите од село Мирдита живеат во едно село кое е поделено од селото Вруток, се поставува следното прашање: зошто на жители од ова село не им се издаваат документи со кои ќе се евидентираат дека се жители на село Мирдита.

Второто прашање е наменето до Министерството за внатрешни работи.

Госпоѓице министер, мислејќи дека врз основа на Законот за државјанство во Република Македонија Албанците го решија пробелмот, но од недоброто применување на Министерството тие излегоа разочарани. Излегоа разочарани бидејки мислеа дека е решен еден значаен проблем за граѓаните кои секојдневно се соочуваат со пробелми за државјанство икако последица за ова и со друга документација, иако се државјани на Република Македонија. Тие не можат да извадат ниту еден документ кој им припаѓа според Законот.

Во редовните контакти што ги имам со граѓаните се појавија неколку случаи. Граѓаните ме информираа дека документите за стекнување на државјанство ги поднеле неколку месеци, но немаат никаков одговор. Во овој случај, интересирајки се за Ерита Ѓомбалиќи која документацијата ја поднесе пред 9 месеци, од Секторот за државјанство на Министерството за внатрешни работи ме информираат дека таа ги исполнува сите услови, но се очекува одговор од Комисијата за верификација на јазикот. Во контак со апликантот ми е потврдено дека сеуште нема добиенопокана од оваа Комисија за да се види колку таа го познава јазикот.

За да се отстрани овој витален проблем во однос на граѓаните, односно за државјаните на Република Македонија, сметам дека е крајно време да се свика оваа Комисија. Ја поканувам минситерката да ми одговори каде стои проблемот што не се состанува или не се свикува оваа Комисија за да се реши дефинитивно овој проблем.

И третото прашање е до Министерството за внатрешни работи. Општина Гостивар за реализирање на своите надлежности предвиденисо Законот за локална самоуправа неколку пати се обрати до Секторот за внатрешни работи во Гостивар со барање за помош од овој Сектор, со цел полицијата да помогне во реализирањето на одредени одлуки. И покрај тоа, и наспроти овој факт, значи иако се поднесени барања, за да се олесни работата на министерот, ќе спомнам неколку барања како што е барањето

под број 08-1677/3, барањето под број 08-334/1, барањето под број 08-311/1 и барањето под број 08-1155/1, барањето 08-968/2 од 6.12.2006 година, барање под број 08-1121/1 од 18.12.2006 година, барањето 08-458/1 и т.н., да не ви одземам повеќе време и да ги спомнувам сите барања. Овие барања се поднесени со цел полицијата да преземе мерки за обезбедување лица од јавниот живот и дипломатските претставници. Исто така, многу реакции кои се упатуваат до раководството на општината, реакции од страна на граѓаните со кои се известува за општиот метеж кој владее во Гостивар каде кружат возила без сообраќајни дозволи кои го нарушуваат редот и мирот, реакции за нередовни паркирања на возилата кои го попречуваа слободниот проток на граѓани. И покрај тоа ќе нагласам уште еднаш дека Секторот на Министерството за внатрешни работи нема помогнато во оваа насока.

Имајки го предвид овој факт, раководителите на општина Гостивар и Секторот кој постапува во рамките на општината се обратија до Министерството за внатрешни работи, Секторот во Гостивар да постапи врз основа на Праилникот за вршење на работите од Министерството за внатрешни работи, тие се членови, а министерот добро знае за кои членови станува збор, "Службен весник на Република Македонија" број 12/98, но и покрај тоа за ов анепостапување раководството на општината нема одговор.

Затоа го поставувам следното прашање до министерот за внатрешни работи. Зошто Секторот за внатрешни работи не постапува според барањето за асистенција или помош од општинското раководство во Гостивар. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Првотопрашање беше поставено до министерот за правда вов рска со проблемот на жителите на село Мердита.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Во врска со поставеното прашање и карактерот на прашањето и потребата да се испитаат и утврдат одредени околности за барањето на граѓаните од село Мердита за остварувањето на нивните потреби во селото Вруток, Министерството за правда ќе гоиспита случајот и ќе одговори писмено во рамките на делокругот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали сте задоволни со овој одговор?

**Селвије Салију:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Второто прашање беше упатено до госпоѓица Гордана Јанкуловска во врска со државјанствата, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Гледам дека некако сме при крај со времето кое го одредивме за работа за денешната седница и ќе се обидам сосема кратко со конкретна поента да одговорам на пратеничката.

Постапката за стекнување на државјанство согласно Законот за државјанство меѓу другото предвидува и утврдување на познавањето на македонскиот јазик. Се разбира, оваа постапка утврдува и повеќе други операции, за одлучување во однос на барањето за државјанство не постои ограничување. Сепак, наш интерес е да одговараме колку што е можно побрзо,односно во енкој разумен рок, за да имаат граѓаните одговор независно дали тој е позитивен или негативен, а позитивен е секогаш кога се исполнети условите.

За конкретното прашање во однос на Комисијата јас ќе и одговорам на пратеничката дкеа Комисијата е посебен орган надвор од Министерството за внатрешни работи, така што бројот на седници на оваа Комисија се утврдува од страна на самата Комисија. Таа е владина Комисија, инаку, наш интерес како Министерство е да процесуираме колку што е можно повеќе барања. Моите информации зборуваат дека оваа Комисија работи редовно, но поради големиот број на апликации не секогаш може да одговори на барањето на граѓаните толку брзо колку што тие сметаат дека треба да се одговори, но во секој случај се постапува и јас верувам дека госпоѓата што ја споменавте, со оглед на тоа што рековте-јас не можам вака без да го погледнам детално предметот да кажам, но вие рековте дека остатокот од процедурата е спроведена, што значи оној дел кој подразбира утврдување на фактичка состојба, безбедносни проверки и т.н. е во ред, претпоставувам дека овој последен услов ќе биде исполнет и во некое разумно време барањето ќе биде процесуирано да Владата и во однос на него ќе биде одлучено на начинна кој ќе биде предложено. Тука ќе завршам со второто прашање за да видиме дали има дополнително прашање, а потоа ќе одговорам и на третото прашање кое исто така е упатено до мене.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓице Салију, дали сте задоволни со одговорот на второто прашање?

**Селвије Салију:** Во однос на второто прашање, поконкретно Ерита Ѓомбалиќи се труди еве една година да стекне државјанство со сите комплетирани документи, таа ќе го изгуби правото да се запише на студии поради државјанството. Барам писмен одговор за Ерита Ѓомбалиќи зошто еве неколку месеци сеуште нема стекнато државјанство поради оваа Комисија, покрај сите други исполнети услови.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Се побара писмен одговор на второто прашање.

**Гордана Јанкуловска:** Ако дозволите претседателе, јас ќе побарам појаснување за да излеземе во пресрет на лицето кое бара државјанство. Барате писмен одговор од мене или од Комисијата, затоа што како што вие велите во делот на МВР постапката е завршена. До колку цените дека е посоодветно, еве ние ќе побараме

од Комисијата, па ние ќе ви одговориме, но тоа да го утврдиме за да добиете на време одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице Салију.

**Селвије Салију:** Бидејки Комисијата е во рамките на Владата, барам одговор од Комисијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Да минеме сега и на третото прашање, повелете госпоѓице министер.

На третото прашање пратеничката наброи повеќе предмети од она што јас можев да го слушнам како архивски број и навистина не можам точно да кажам што е содржината на тие предмети, но во принцип секогаш кога се исполнети законските услови во рамките на нашите надлежности и расположиви капацитети насојуваме да излеземе вопресрет буквално на сите општини. До колку е потребно, еве, на наша иницијатива ние ќе иницираме и средба со раководството на општината Гостивар, и со Советот и со градоначалникот до колку е потребно, за да видиме ако имало вакви случаи каде што имало можеби пролонгирање на некој рок или задоцнување да ги отстраниме и воиднина да бидеме поефикасни. А што се однесува до јавниот ред и мир и состојбите во сообраќајот, би можеле да ви доставиме и статистика како се движат сосотјбите во оваа област, односно за бројот на регистрирани нарушувања на јавен ред и мир, однсоно број на сообраќајни прекршоци регистрирани на подрачјето на општина Гостивар, за да имате поконкретна слика. Ако се согласува пратеничката би го направиле и тоа во писмена форма. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали сте задоволна од овој одговор.

**Селвије Салију:** Јас барам од госпоѓицата министер да контактира со Секторот за внатрешни работи во општина Гостивар и да ги праша зошто тие не асистираат по барања кои ги доставуваат општинските органи во Гостивар, а одговорот да ми се даде во писмена форма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице министер.

**Гордана Јанкуловска:** Во ред, ќе доставиме писмен одговор, меѓутоа, сосема на крај да кажам дека ние постапуваме по сите барања, така што не гледам причина за нервоза, без исклучок и неселективно. Секое барање упатено до нас е процесуирано, но ќе ги погледаме и овие конкретни забелешки за да ви излеземе во пресрет, за конкретните случаи да ви дадеме конкретен одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Во тојслучај ја заклучувам 54-та седница на Собранието на Република Македонија и на сите ви благодарам за соработката.

(Седницата заврши во 18,36 часот)